## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 март 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 36-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Фијат, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми,Рафис Алити, Тетута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубчо Георгиевски, Валентина Божиновска, Илинка Митрева, Верица Филипова, и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Седма точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе,

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Имајќи ја предвид актуелноста на оваа проблематика која што веќе неколку месеци во јавноста предизвикува голем интерес, искрено се надевав дека ќе имам поголем интерес на колегите, кога ќе го отвориме овој проболем, кога аргументирано од оваа говорница ќе поставиме некои прашања, некои дилеми, ќе продискутираме меѓусебно, ќе ги вкрстиме аргументите и ќе донесеме некои заклучоци. Но што е, тука е, можеби е проклетството прв кога зборуваш на почетокот на седницата да има ваков амбиент. Ќе се обидам во кратки црти да изложам некои прашања, кои во неколку наврати по дртуги прилики сум ги отворал лично и од името на СДСМ.

За да нема дилема за јавноста, идеата за средно задолжително образование постои одамна и кај минатата Влада и пред минатата Влада. Сериозно било анализирано од минатата Влада, анализите биле имплементирани во некои законски решенија, барем резултатите на тие анализи, вградени во Националната програма, но за тоа ќе зборувам малку подоцна, но суштински би сакал на почетокот оној политички дел да го искажам.

Имено, вистина е дека ВМРО ДПМНЕ прв ја обзнани оваа идеја преку својата програма “100 чекори”, вистина е дека оваа Влада прва започна да ја имплементира оваа идеа, значи да ја реализира оваа идеа во праксата и како резултат на заложбите е и овој закон.

Што е она за кое на почетокот треба да ни биде на сите јасно, пред се на јавноста?

Ни пречитоа што се создава едно политичко алиби во јавноста дека опозицијата односно СДСМ е против зголемување на задолжителното образование, против средно задолжително образование, а Владата нема такви разбирања од страна на опозицијата, иако станува збор за суштински и клучен проект кој ќе предизвика намалување на бројката на невработените како суштински проблем во Македонија. Би сакал да продискутирам за оваа теза. Многу е лошо ако во јавноста се прави алиби на политичка основа, бидејќи во даден момент парламентрното мнозинство кое што стои зад Владата и ќе стои зад овој проект ќе ја започне имплементацијата на тој проект, евидентно е, но, имајте предвид дека образованието е многу чувствителна област во која негативно водените процеси ќе создадат резултати после четири до пет години или на подолг период и тогаш малку е веројатно или малку е важно за јавноста да се прашуваме кој прв започнал да го имплементира ова, кој укажувал, кој грешел, кој покажувал поинакви патишта.

Затоа, најсериозно сакам да укажам на некои отворени прашања за кои вреди да подебатираме овде, но и во јавноста, да продебатираат и клучни институции на кои ќе се рефлектира овој процес кога ќе започне да се спроведува. Го одбивам тврдењето на позицијата дека СДСМ не бил за зголемување на задолжителното образование. Ние тоа декларативно го покажавме и докажавме со проектирање и започнување на деветгодишното задолжително образование. Најсериозно се подготвувавме четири години, ги согледавме сите позитивни и негативни аспекти и се решивме за зголемување само на една година од основното задолжително образование, кое со Уставот на Република Македонија е дефинирано, од проста причина што сите други параметри со кои сега мавта Владата како аргумент за воведување на средно задолжително образование не беа баш најповолни за да се спроведе идеата за поголем временски опфат на зголемување на задолжителното образование. Најсериозно ја разгледувавме идеата за десетгодишно задолжително образование. Впрочем, ако ги погледнете анализите кои се достапни до секој пратеник вградени во Националната програма за развој на образованието, ќе видите дека само три држави во Европа имаат задолжително 13 годишно образование и тоа Холандија, Белгија и Германија, а Велика Британија има 12, Молдавија, Франција, Норвешка, Малта и

Шпанија 11, - и не е толку важно. Важно е што поголемиот дел на земјите на Европска унија го имаат зголемено задолжителното образование во делот на двегодишното стручно образование, кое што го вградиле, го налепиле на задолжителното основно образование како едно нижо средно образование или популарно наречени десетолетие. Хрватска и хрватскиот модел, на кој што оваа влада толку се повикува во нејзиниот модел сериозно пред пет-шест години имаше направено силна проекција и беа пред почеток на реализација на идеата на десетгодишно задолжително образование, но за тоа во некоја друга прилика. Да се вратам на политичкиот дел.

Дилемата на СДСМ и на оваа пратеничка група и моја лична дилема, пред јавноста како да настапиме, има две алтернативи. Првата алтернатива е да одмолчиме, да не кажеме ништо, да не ги отвораме овие дилеми за да не предизвикаме уште поголем пад на политичкиот рејтинг, бидејќи е евидентно дека оваа Влада прави проекции на проекти со силна доза на популизам. Можеби пресилно ќе ви звучи оваа консатација, ама ние не видовме зад оваа проекција сериозна анализа како ќе се реализира овој проект и сериозна анализа во која ќе биде одговорено на голем дел на прашањата кои ние во политичкиот дијалог на политичко ниво ги отворивме. Поминаа три месеци откако за прв пат во тој политички дијалог пред претставниците од владеачкото мнозинство, пред претставниците од ВМРО ДПМНЕ на тој политички дијалог ги поставивме тие отворени прашања и не добивме одговор. Но мора да признам дека притисокот кој што го направивме делумно има вродено со плод, бидејќи еден дел од прашањата кој што се однесува за инфраструктурата, за наставниот кадар, започна да се решава и да се договара и одговара на тие прашања. Но, остана почувствителниот, посуштинскиот дел - ги замолувам пратениците, знам дека некогаш звучи стереотипно, ама барем оние кои што се од образованието сериозно да ги сфатат овие прашања кои ќе ги отворам, нека размислуваат за нив, дајте заеднички да најдеме одговор на тие прашања, доколку има одговор.

Втората алтернатива пред СДСМ е да ја преземеме одговорноста како сериозна политичка партија и да кажеме во кои сегменти Владата оди по тенка линија и ако се погреши во реализација на овој проект, ќе дојде до страотни последици во наредниот период. Кои се страотните последици ќе ги кажам на крајот. Само да најавам дали ние кога ќе го реализираме овој проект и кога масовно родителите нема да го почитуваат законското решение кое што евидентно ќе го донесете и нема децата да ги пуштаат на училиште задолжително, ќе се претвориме во држава на масовно санкционирање на прекршители на закон, како што и во Уставот стои дека сите оние кои што нема да ги пуштат децата во основно задолжително образование ќе бидат санкционирани согласно одредбите дефинирани во Уставот. А сепак сте сведоци дека имаме одредена популација која четири-пет проценти не е ни опфатена во основното задолжително образование. Се решил ли некој политички да го отвори пакетот на казни? Не, никогаш не била спроведена ваквата уставна категорија, бидејќи образованието е тесно поврзано со социјалниот амбиент во државата. Ние, декларативно имаме наведено дека е задолжително образование, дека е бесплатно образованието, но ајде да зборуваме што значи таа категорија бесплатно и со оглед на тоа задолжително.

Ние се решивме за втората алтернатива дека ќе проговориме од оваа говорница по цена од вас, почитувани колеги, да бидеме обвинувани дека сме против нешто и дека сме кочничари против реформите. Извинете, но реформите во образованието воопшто не се поврзани со средно задолжително образование. Можам тоа по десет - петнаесет нивоа да го образложам и можам да зборувам со денови, но не сакам да бидам ниту здодевен, ниту сфатен на поинаков начин.

Дилемата од правен аспект дали требаше да се интервенира во Уставот или ова може да помине со закон - моето лично убедување е дека мораше да се интервенира во Уставот, но давам одредена резерва бидејќи не сум правник и ќе оставам на правните експерти да потврдат дали е ова согласно со Уставот на Република Македонија или не, дали се постапи правилно или не се постапи правилно.

Кои се оние отворени прашања?

Ги дефинирам во четири блока.

Првиот блок е за самото постојно деветгодишно основно задолжително образование. Знам дека на почетокот мислите дека нема врска, но има страшна врска. (Реакција од пратеници)

Почитуван колега, послушај, ќе видите дека има длабока врска. Основното прашање кај средното задолжително образование, доколку се имплементира сега, е кој ќе ја врши селекцијата, кој ќе ги насочува учениците дали во гимназиско или во средно стручно образование, дали ќе одат со едногодишно, двогодишно, тригодишно, стручно образование, со полно четиригодишно стручно образование или гимназиско образование. Кој ќе го прави тоа? Родителите, градоначалникот со административниот апарат? Министерството? Тоа е клучно прашање на кое до сега не успеавме да добиеме одговор.

Знаете ли зошто? Заради тоа што сега негирате зошто почна по задолжителното основно образование. Затоа што ние сфативме дека таму треба да се промени моделот. И затоа се фаворизираше во дел 3+3+3 кој што постои во поголемиот дел на западни земји во кои што последните три години за прв пат основното задолжително образование во Република Македонија наместо општообразовен карактер ќе има механизам за насочување и селекција на учениците. Таму последните три години согласно со стекнатите компетенции, вештини и знаења,

капацитетите кои што секоја индивидуа ги поседува, таму ќе се изврши селектирањето како ученикот и на кое ниво ќе го продолжи задолжителното образование. Сакам да ви докажам дека се разгледуваше идејата за зголемување на делот на задолжителното образование. Но, претходно оваа држава мора да ги направи опсежните припреми на реформирање на постојниот систем за да нема грешки. И ова не е едноставно да се направи кое што ви го кажав и ова заслужува многу поширока елаборација, но не сме на стручен симпозиум, свесен сум за тоа, зборувам за политичките аспекти. Но, сакам да ви објаснам зошто започнав од тој дел. Значи, клучното прашање е во однос на должината на моделот.

Прво, постоеше конфузија со соопштувањето. Голем дел од нас сфатија дека ќе имаат 4-годишно задолжително средно образование, за потоа да добиеме одговори во текот на преговорите, договорите, разговорите, дека ќе постојат повеќе нивоа. Значи, и двогодишно специјалистичко и трогодишно и четиригодишно стручно образование. И тоа е во ред. Но, повторно се враќање на она суштинско прашање, кој ќе ги насочува учениците каде да одат? Досега преку конкурсот кој што вчера излезе имате јавен повик во кој што родителите се одлучуваат каде ќе конкурираат и има соодветни механизми за рангирање во кои што по природен пат согласно со успесите кои што ги постигнале во основното задолжително образование за кои што се дискутабилни, мора да се сложите и пак треба да се навратиме на квалитетот реализиран во изминатиот период во основното задолжително образование и потребата таму да се интервенира. Значи, бидејќи се рефлектира на ова, се поставува прашањето, кој ќе ги насочи на кое ниво? Ако се повикате на онаа бројка од разликата 2800 ученици кои што не се опфатени секоја година, ќе видите, не добивме слика, иако баравме за социјалната структура на тие ученици. Многу е важно од која социјална средина потекнуваат. Зошто и досега Уставот им дозволувал да се пријават на конкурсот. Еве, на вчерашниот конкурс имате 3.000 места повеќе од основците, што значи дека има места, што значи дека можат тие сега слободно да се запишат. Не им треба закон, можат слободно да се запишат. Се поставува клучното прашање, зошто не се запишуваат? Видете ја анализата која што била спроведувана не од СДСМ, ослободете се од тие стеги, туку од голем број на експерти кои што биле ангажирани во тој дел. Значи, имаме една социјална категорија на население кое што не може од материјални причини да ги испрати децата на школување во средно образование. Декларативно тоа е бесплатно. Да одговорам од мој агол во делот на обезбедување на заеднички пристап, значи бесплатна инфраструктура, бесплатно, неплаќање школарина за тоа, платите на наставниците, материјалните средства ги обезбедува државата, но тие плаќаат за учебниците, плаќаат за облеката. И во основното образование се случува ексклузија, надвор осипување, од тие причини таму треба да се интервенира, корените треба да се бараат таму на тој план.

Клучното прашање, оваа држава се согласи да спроведе еден суштински проект наречен децентрализација. Впрочем, тоа произлезе од потребата за имплементација на Рамковниот договор, се измени Законот за локална самоуправа во кој што се дадоа надлежности во повисока форма на општините и во делот на средното образование. Значи, општините сега се сопственици на училиштата, во прва фаза. Во втора фаза на децентрализацијата ќе ги преземат и кадровскиот ресурс, значи и наставниот кадар. При спроведување на децентрализацијата во кое што меѓународната заедница на различни нивоа интензивно учествуваше во проектирање на законските решенија кои што сега ние ги имплементираме. Јасно и цврсто стои дека општината мора силно да ги преземе ингеренциите во делот на образованието, особено во средното образование во делот на проектирање какви образовни профили на кадри се потребни за таа општина. И тука се отвораат редица прашања на кои што нема одговор со овој закон, редица на прашања во кои што се испреплетуваат надлежностите на општината и на централната власт.

Прво, вчера се распиша конкурсот. Јас го поставив прашањето, дали општините доставија предлози до Министерството кои образовни кадри им се потребни. Да, имаат доставено поголем дел на општините и сите по автоматизам како било во изминатите години. Затоа што во ниедна општина нема капацитет, ниту сериозна анализа што им е потребно таму, затоа што од море на проблеми во кои што општината има завлезено делот на образованието го чувствуваат сеуште како баласт, како тежина на која што сеуште не можат да одговорат. И ако општината целосно ги имплементира сите оние решенија кои што со закон им се дадени, тие треба да направат сериозна анализа да се состанат со стопанствениците, со работодавците, со сите оние институции кои што се грижат за долгорочен развој на општината и да кажат: ми треба ваков и ваков образовен профил, сакаме да се отворат нови паралелки, медицински сестри, фризерки, други занимања, или гимназиско образование. Голем дел на општините не ни го започнале овој процес, а уште во стартот, во корен ги ништиме нивните надлежности. Ако општините одговорат на тоа ќе се јават редица нови проблеми. Имено, голем дел на руралните средини немаат капацитети за средно образование. Политичкиот дел кој што секоја влада го решавала во делот на миграционите движења, отвора нови прашања. Расположивата мрежа на училиште, значи вие во оваа анализа која што ја дадовте како придружен дел на предложениот закон, дали сте дале општа слика во која што кажувате: да, ќе се најдат и

нови објекти, ќе се најдат нови 100 наставници, ќе се отворат нови 67 паралелки и готово сите услови се завршени. Поставувам прашање, дали имате направено регионална анализа во пооделни региони како тоа ќе се решава. Овде 2,3 дена зборувавме за предложениот закон од страна на министерот за локална самоуправа за рамномерен регионален развој. Што е со образованието кое што е корен на влогот на општината во идниот проектиран развој. Влог, или инвестирање на општината во новите кадри кои што треба да бидат носители на рамномерниот регионален развој. Што кај оние општини кај кои што не постојат капацитети, ниту инфраструктурни, ниту било какви? Значи, одговорот беше, ќе се организира превоз за учениците до најблиските урбани центри. Оние кои што досега се занимаваа со балансирање на мрежата во основните училишта во кои што имаме рурални средини во кои што не постојат елементарни услови да постојат училиштата, ниту пак било какви нормативи и стандарди кои што Европа ги пропишува и би требало по сите законски предуслови да бидат затворени тие училишта, никогаш не можело тоа да се направи. Другиот ден започнува штрајк и бојкот со наставата. Зошто? Бидејќи во руралната средина каде што долг низ на години имаме силни миграциони движења, цели огромни територии во Република Македонија се слабо населени. Оние кои што живеат таму има мал број на деца, велат: децата секојдневно мора да останат тука, училишта мора да има тука, бидејќи училиштето е синоним на државноста, осеќаме дека државата со своите институции седи тука, стои тука во овој простор, не не напуштила и тоа е основниот мотив ние да не го напуштиме ова подрачје. Значи, проблемот е поширок, навистина задираме во многу широка димензија на проблемот.

Клучното прашање во делот на структурата на постојниот образовен систем. Вчера министерот поднесе експозе и кажа, Бирото за развој на образованието се припрема со нови курикулуми за да одговори за средното задолжително образование. Курикулимите немаат врска со тоа, апсолутно нема врска. Реформите во тој дел воопшто не се поврзани со средно задолжително образование. Да повторам, тоа и сега може да се оствари. Еве, распишаа конкурс вчера за 3.000 ученици повеќе отколку што постојат, оние 28.000 основци, значи може да се запишат теоретски сите. Тоа не е поврзано со курикулумите. Поврзано е со друг дел. Основниот проблем е, во Македонија имате 65% стручно образование, 35% гимназиско образование. Секаде, ако одите во Советот на Европа, на сите нивоа во кои што се дискутира за оваа тема, ќе ви соопштат дека мора благо да го менувате системот на сооднос 50% со 50%, со зголемување на гимназиското образование. И сега, тоа предизвикува голема конфузија и кај стручниот дел на луѓето во Македонија и пошироко во другите држави. Бидејќи во бившиот југословенски систем силно се вложувало во стручното образование, тоа е поскапо и тоа е докажано на дело дека носи побрзи резултати во делот на вработување. Заложбите на Европа се во поинаква смисла поврзани со подигнување на квалитетот на образованието, се разбира интегрирано во делот на Болоњската декларација во високото образование и спуштајќи се скалило подолу и во делот на средното образование кое што е предуслов за вклучување во високото образование. И во тој дел јас навистина не знам како ќе се одговори. Пак се поставува едно просто прашање, замислете дека имате ученик кој што завршил осмо одделение сега. Како родител ќе сакате да го запишете во гимназиско образование, ама таму капацитетите се пополнети, или живеете во средина во која што гимназиското образвание е многу далеку територијално, ученикот мора да живее или во ученички дом, или треба да патува секојдневно на подолга релација. Немојте да ги потценувате овие прашања. Секој родител го мачат овие дилеми. Ќе си го постави прашањето, зошто оваа држава не ми овозможува еднаков пристап како оној ученик, или родител кој што има можности детето да го школува во урбаните центри. Ќе го постават тоа прашање, можеби не сега, ама подоцна ќе се јават проблеми преку бојкот на наставата, или преку собирање на родители пред училиштата, пред општините, пред Министерството кои што ќе бараат одговори, зошто моето дете не е вклучено во наставата таму каде што јас сакам. Едно е законското решение сега, а друго законско решение предизвикува други последици. Значи, треба да се дозволи еднаков пристап за сите.

Прашање на кадарот. Во анализата е дадено дека ќе се отворат 67 нови паралелки и дека се очекува, најчесто нормативно на Министерството е по еден и пол наставник и доаѓа до бројка од 100 нови наставници. Прашавме и не добивме одговор на тие прашања, има ли направено анализа каков профил на кадри ќе недостига, од кои струки. Ова не е основно задолжително образование со одделенска настава и предметна настава. Ова е средно образование во кое што имате различни профили на струки и занимања. Дали и тие наставници ќе бидат вклучени во стручното образование, во практичната настава, во гимназиското образование, каде ќе бидат вклучени? Немаме таква анализа, немаме одговор на тие прашања не за нас, туку тоа да го види јавноста дека сте направиле сериозен проект пред да започнете авантура. Мора да видиме на дело, дали тоа е остварливо, или не е остварливо, бидејќи почитувани колеги, ако не е остварливо, тогаш кој ќе ги сноси одговорностите и последиците за доживеано фијаско. Што ако онаа бројка од 2.600 основци кои што и досега не биле вклучувани во системот, а лесно е да се одговори на прашањето зошто не се вклучени, бидејќи доаѓаат од најсиромашните слоеви и немаат средства за основна егзистенција, а камоли да си дозволат луксуз да го пуштат

детето на школување кое што бара средства. Што е со квалитетот на постојниот систем и дали ќе се вратиме повторно на имплементација на оној механизам кој што го смисливме, матурата. Како тоа ќе се рефлектира на овој дел? Дали ќе останете со заложба дека тоа некогаш ќе се имплементира, или не?

Тесно е поврзано со ова. За да се грижите за квалитетот, да ги подобрувате условите во квалитетот, вие треба да имате податоци за дисперзијата на системот. Каде се негативните точки, каде се слабите точки. Тоа може да го даде само еден централизиран модел на испитување, проектиран во државната матура. Ние тоа го одложивме за една година. Јас мислам дека ќе излезе за повеќе, “но здрави били па видели”.

И конечно, значи, да се вратам повторно на политичкиот дел.

Значи, ние како СДСМ повторно ќе повторам, имавме две алтернативи. Едната алтернатива е да молчиме и да се согласиме да не оставиме да го проектрате овој процес, да го започнете овој процес со целиот ризик да се јави неуспех после 5-6 години. Или, да проговориме, да отвориме дилеми и прашања на кои што треба да се даде одговор во сериозен проект, кој што ќе биде доставен до јавноста. Сега тој проект го нема. Бидејќи е неблагодарно да се зборува прв, јас верувам дека ќе се развие дискусија и доколку почуствувам потреба, ќе се јавам повторно за збор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Цветко Грозданов има реплика. Повелете вашите три минути.

**Цветко Грозданов:** Благодарам господине претседателе, јас ќе отпочнам со учеството на Република Македонија во голбалните интеграциски процеси, се разбира и преземање на одговорности за остварување на глобалната политика во сферата на образованието, кои се зацртани во меѓународните документи за развој на образованието во Европа и во светот.

Оттука, мене ми е драго што конечно и СДСМ се одлучи да проговори на оваа тема, затоа што свесни бевме и самиот претходен дискутант напомна дека идејата е постара оддамна. Најверојатно, недостигаше храброст, умеење, за да оваа идеја се реализира.

Господинот Герамитчиоски напомна и се осврна на повеќе прашања. Јас ќе се обидам накратко во име на времето нешто продискутирам и одговорам. Пред се, зошто не се запишуваа во средното образование? Затоа што кај нас доколку сето ова не е ставено во една законска рамка народот не знаеме дали точно би сакал и тоа да го практикува. Значи, мораме да ги научиме, поточно да им укажеме на нашите сограѓани дека сферата на образованието во овој интензивен начин на живеење е и те како потребен.

Второто, децентрализацијата, ќе кажам господине Герамитчиоски не траба да се мешаме и да правиме упад во децентрализацијата, затоа што таму постои локален економски развој, во кој што локалне економски развој, овие денови одредени локални самоуправи, поднесоа барање за отворање на нови паралелки во зависност од потребите на локалната самоуправа. Значи, ние не треба да се грижиме за тоа, се грижат самите локални самоуправи, поточно градоначалниците.

Намалувањето на невработеноста, може точно тука да произнесе, токму воведувањето на задолжителното стручно образование, каде што процентот од 15% на завршените основци со законот, не можат да се стекнат со никаков вид на дополнително образование, ниту да бидат вработени по Уставот на Република Македонија. Тоа е еден дел кој што остануваат деца на улица, кои што сметам дека како педагог треба да бидат згрижени, а ќе бидат згрижени, само доколку им овозможиме одредено образование. Дали ќе биде тоа двогодишно задолжително образование, дали ќе биде трогодишно, или четиригодишно задолжително образование. Времето на централизмот и она што беше Советскиот сојуз помина, каде што потребите на локално ниво ги диктираше централата и каде што укажуваше дека имаме потреба од не знам колкав број на трактористи, од не знам колкав број на земјоделци, така да самите ученици од основното образование, спрема афинитетите кои ќе ги покажат и потребите на локалниот економски развој, ќе бидат во можност да се вршат и да бидат вработени.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господине Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Иако репликата ја читавте, сте испомешале и “баби и жаби”, во вашата реплика. Јас тоа воопшто не го кажав на таков начин на кој што вие го интерпретиравте. Клучното прашање на кое што не одговоривте, како вие ќе ги натерате тие деца да се запишат во средно задолжително образование? Со заплашување? Со казни? Тоа ли е манирот на ВМРО-ДПМНЕ? На кој начин вие ќе ги натерате и како ќе ги санкционирате оние кои што од полно причини, од материјални причини не можат да одговорат на оваа законска одредба. Одговорете ми на тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** Благодарам претседателе.

Почитуваниот пратеник добро забележал вчера во конкурсот дека со конкурсот е објавено дека има место за 31 илјада и нешто ученици, што всушност, претставува повеќе за околу 3 илјади места од учениците кои завршуваат 8 одделение во оваа учебна година. Тоа е се со цел да се излезе во пресрет на сите ученици кои ќе ја завршат оваа година со осмо одделение да можат да се запишат во средното образование.

Ние навистина ќе сториме се сите кои што ќе се пријават за учење на средно образование ги прифатиме и им дадеме соодветно место во средните училишта. Но, се разбира тие што ќе се пријават. Тие што нема да се пријават, не постои можност ние некако да ги принудуваме. Меѓутоа, сакам уште една работа да истакнам дека искуствата од развиените земји покажуваат дека најдобра среднорочна инвестиција на секоје општество е инвестицијата во образованието. Држава која што има близу 50% од населението кое има завршено осмо одделение, или нецелосно осмо одделение нема шанси за брз еконоски развој. Од тие причини ние го предложивме овој закон.

Што се однесува до казните, казни и сега постојат и во основното образование, но и тука имаме околу 16% осипување на населението. Ние размислуваме покрај казните да воведеме и стимулативни мерки, односно мерки кои ќе доаѓаат преку социјална помош, која што ќе биде делена на социјалните семејства, а тие ќе имаат обврска еднаш годишно да ги праќаат децата на лекарски преглед и да ги праќаат децата на училиште. Така што, покрај казнените мерки, оваа Влада планира да воведе и стимулативни мерки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика на исказот на министерот побара господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, ако конкурсот кој што го објавивте ги задоволува потребите теоретски на целокупната популација на основци, тогаш се поставува прашањето што ќе ви е промена на закон. Зошто тоа го правите во законска рамка да создавате дополнителни притисоци за да се одговори на таа потреба. Значи и Уставот дозволува секој да има еднаков третман и еднаков пристап до постојниот систем. Еве кажавте дека сте обезбедиле услови за сите теоретски и да бидат вклучени и тогаш што е проблемот. Но, проблемот е од друга природа. Ако конкурсот добро го изанализирате, тоа е и рефлексија на минатите конкурси во кои што се замрзнала сликата, постојната слика, во постојната мрежа  и постојните образовни профили по постојни општини, односно региони. Ние сакаме да направиме промени, сакаме како држава да се усогласиме со тенденцијата на промена на локалниот развој во тие општини во кои што носители ќе бидат тие ученици во иднина.

Значи, каде е повратниот ефект од заложбите на општините да променат нешто. Тука не се гледа. Не одговарате на прашањето дали ќе се фаворизира гимназиско или средно стручно образование. Кое ниво на стручно образование. Ако пазарот одговара, пазар не постои. Пазарот треба допрва да се оформи, бидејќи ако постоеше пазар  како во сите западни земји, пазарот ќе ги диктираше тие потреби. Сега треаб да се создаде пазар локален во општините, во кои што ќе се направат одредени партнерски односи помеѓу општината и работодавците кои што ќе дефинираат потреба за одредени потреби, па општината преку соодветна анализа да ги препрати до Министерството во кое што конечно ќе се променат проектираните конкурси. Се разбира дека тоа не е едноставно, дека не може да се направи наеднаш, бидејќи е поврзано со кадровскиот потенцијал постоечки, и со традициите  и со заложбите на родителите итн.

Но, овие се крупни прашања на кои што требаше да се даде одговор во една писмена комплексна анализа која што ќе биде доставена до јавноста пред се, а таа отсуствува.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот заменик министер за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** Благодарам претседателе.

Почитуван пратеник Герамитчиоски, не знам како мислите дека Република Македонија може да влезе во Европската унија со 50% недоволно едуцирано население. Многу добро ви е познато дека во Република Македонија само 7,28% од неселението е со високо образование и 3,25% со више образование. Тоа е далеку од просекот во европските земји, од земјите членки на Европската унија. Да се зголеми процентот на населението со високо образование, мора да се зголеми и процентот, односно опфатот на децата во средното образование. Вие многу добро знаете дека сега профункционира Центарот за средно стручно образование, популарно наречен ВЕП Центар, кој што ќе ги прави анализите за ова вие што зборувавте пред малку и веројатно идната година ќе почнеме и со планирање на тоа колку ученици ќе се запишуваат во средни училишта, колку во гимназиско образование.

Покрај тоа, ние веќе сме при крај со изготвување на Законот за образование на возрасни, кој што знаете добро и во најразвиените земји во Европа и во Америка му посветуваат големо внимание. И на сите граѓани во Република Македонија без оглед на возраста, да им се овозможи да се доошколуваат, дообучуваат итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Лазар Китановски.

Тале Герамитчиоски има право на реплика, а потоа е господинот Китановски и господинот Макрадули на реплики од порано, Грковска не ве имам на дисплеј, жалете се вас ќе ве запишам исто за реплика.

Значи, сега има реплика господин Тале Герамитчиоски, потоа ако има заменикот министер контра реплика од една минута, се разбира, а сега гледам Тале Герамитчиоски ќе си чека ред, така ли.

Значи, имаме Лазар Китаноски реплика, Макрадули реплика, спрема дисплејот читам, Герамитчиоски Тале и на крај читам, Грковска Славица.Тоа е списокот за реплики да го установиме, можеме и да се менуваме, не е важно.

Повелете господине Китановски, да сме на чисто, не за друго.

**Лазар Китаноски:** Господине претседателе, господо пратеници.

Нема да зборам за уставниот основ, бидејќи сакам за една друга тема да зборувам која мислам дека е поважна во моментот.

Имам впечаток дека ова Влада е како Влада на мали деца нешто прв пат во животот ќе прочитаат...

**Љубиша Георгиевски:** Не, господине Китаноски вие се јавивте за реплика, повлете да, реплицирајте. Ако сакате збор јавете се за збор.

**Лазар Китаноски:** Реплицирам. Ова е Влада како Влада на мали деца, слушнале дека некаде имало средно образование и за два дена ќе го воведеме кај нас. Ајде сега ќе ги рушиме со динамит зградите, па не ги рушиме, ќе изградиме стокатници, па ќе размислиме, мислам дека тоа е несериозно. Никој не е против поголемо образование. Тие сега прочитале прв пат во животот дека во некоја држава во светот има средно образование задолжително.

Второ, не е точно дека земјите кои имаат средно образование се најнапред. Најнапред се во развој земјите кои имаат во фундаментални истражувања, тоа е основа. Но, да го оставиме тоа на страна. Ние сме земја во која немаме опфатеност потполна на децата со основно образование. Ние прво тоа треба да го постигнеме, па после тоа да одиме и евентуално, да создадеме услови за евентуално образование. Тоа е извонредно тешка задача, ниту имаме услови. Ако мислиме дека зградата е услов за средно образование грдно се лажеме. Во таа зграда треба да има квалитетна настава, треба да има квалитетни помагала, треба да има современо образование. Образованието не се зградите. Како ние не се сетивме, односно Владата да рече дајте последните 5 години и ќе го решиме проблемот на основно образование комплетно. Сите да одат во основно образование со инзвонредни училници, со извонредни услови, па да направиме програма и кога ќе го постигнеме тоа во наредните 10 години да се вклучиме сите и да одиме евентуално на задолително средно образование. Овде се работите испревртени. Затоа реков дека ми личи мене на Влада на мали деца. Нешто прочитале, прв пат во живот и ајде сега. Ќе ви кажам уште нешто. Не знам дали ќе сум во право, меѓутоа Хрватска која, не упаѓајте...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам не се упаѓа на говорникот, ве молам да имаме основна парламентарна култура, повелете.

**Лазар Китаноски:** Мислам дека Хрватска е на патот да се откаже од оваа идеја токму од овие причини. Треба многу, многу услови да се создадат па да се оди на средно образование. Не е ова играње џамлии, ова се работи за генерации, генерации, кои не смееме да ги шетаме лево-десно, туку треба да имаме концепт издржан со материјални средства, финасиски средства и сите други услови па да одиме на оваа евентуално на оваа логика.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега на ред за реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам во однос на репликата на заменикот министер иако јас уште еднаш повторив и мислам дека министерот за образование е тој што треба тука да го брани овој законски проект, бидејќи доаѓа од партија која што доминантно ја спроведува политиката во Владата. Но ајде да го сфатиме тоа дека добил задача од потпаролот на Владата и го пишува или го препраќа писмото што премиерот Груевски го испрати до школите да се чита во понеделник, веројатно на класен час од 12 до 1, нешто за што порано, имам искуство од историските читанки. Затоа знам дека нема погрешно да ме сфати заменик министерот ценетиот професотор од машинскиот факултет, но морам да споделам една констатација, а тоа е дека и во својот говор потврли дека Владата нема јасна визија за ова што се случува, што се прави, затоа што претпоставува, а тоа како егзаркна наука и како човек што доаѓа од таму знае дека е тоа невозможна мисија.

Дека претпоставуваат, дека дел од учениците или играат на таа варијанта, дека дел од учениците за конкурсот што го објавија вчера нема да се пријават, или нема да изразат желба за да се запишат. Или, нема визија за тоа што се случува, на пример со гимназијата “Маврово-Ростуше” која што се одржува практично на мускули од страна на локалното население и од градоначалникот иако тоа е задача на централната власт.

Значи, кога немаме јасна визија што сакаме, одиме со политичко решение, слично како што беше со проектот со компјутерите. Бидејќи добро е секое дете да има компјутер, се тргнува од тоа, ама без јасна визија дали тоа може да се имплементира. И, сега она што е ново, што го слушнавме од заменик министерот дека се предвидуваат социјални пакети, а каков е тој издржан закон кога ад хок во реплика ни се кажува дека имплементацијата ќе зависи од некои социјални пакети кои што никој не знае колку се, никој не знае за кого се, никој нема проекција колку тоа ќе чини. И во една таква хаотична ситуација ние нудиме популистичко решение ние сме за средно, вие не сте за задолжително средно. Треба системот да биде одржлив за да може да функционира и тоа е најбитно на кое што треба да поработиме овде и мислам дека е паметно овој Предлог закон да се повлече од собраниска расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика и на господинот заменик министер, една минута, повелете.

**Јован Лазаров:** Господине претседателе, мислам дека погрешно бев разбран, не мислев

дека социјалните пакети ќе бидат основна мерка за спроведување на имплементација на овој закон, тоа се дополнителни мерки кои што ќе ја подобрат состојбата кај населението, никако не се основни мерки.

Ние сме свесни за состојбата во училиштата и затоа оваа Влада има план да изгради сто нови училишта со проектот "Приватно јавно партнерство", кој што набрзо ќе дојде и тука, 100 училишни сали и секоја година 30-тина училишта се во план да се реконструираат.

Многу е поразителна бројката ако ја погледаме по етничка основа, децата кои не се запишуваат во прва година средна школа и тоа 97% Македонци се запишуваат, значи само 3% не се запишуваат, 30% Албанци, 60% Турци и голем број на Роми не се запишуваата во средно образование.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Герамитчиоски повелете со својата реплика, вашите три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван колега професор, вие знаете дека една нова студиска програма на факултет да се предложи да биде отворена треба да се направи една студиозна анализа што тоа значи. Овде отсуствува едноставен прост елаборат, па камо ли студиозна анализа што ќе значи како повратен ефект имплементирање на средното задолжително образование, на колкав временски период се смета тоа и што ќе предизвика кон подобрување на оние бројки, на оние силни податоци, проценти кои што ги прочитавте од Националната програма за развој на образованието. Ќе се подобрат ли тие, кога ќе се подобрат и како ќе ги подобрите и дали со ова ќе ги подобрите?

Инаку, знаете вие самиот каде и да појдете како претставник од Министерството за образование и наука на оние форуми на кои што се расправа за оваа проблематика никаде нема да ви посочат дека приоритетно е зголемување на задолжителното образование или пак воведување на средно задолжителното образование. Секаде ќе ви посочат подобрете го квалитетот на постојниот систем на образование во Република Македонија и создадете услови за единствен, ист пристап за секој поединец еднакви услови за учење. Тоа ќе ви го посочат како аргумент, тоа ќе ви го посочат како услов. Тоа ни го посочувале и нам, а верувам дека и вам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот заменик министер за образование, повелете.

Ова беше реплика, Герамитчиоски. Контра реплика на заменик министерот.

**Јован Лазаров:** Владата има зацртано уште овде, со пристапниот говор на премиерот, и во Програмата да го зголеми издвојувањето од Буџетот на Република Македонија од 3,5% колку отприлика е сега до 5% во наредните 4 години. Во тој дел значи ќе се овозможи целосен опфат на сите ученици во средните училишта, ќе се овозможи финансирање на Универзитетот во Штип, финансирање на новиот факултет во Битола. И покрај тоа воведуваме информатичка технологија, компјутер за секое дете. Се прават нови наставни планови и програми кои што ќе бидат иновирани, кои што ќе содржат во себе англиски јазик од прво одделение, ќе содржат информатика во две години, втор странски јазик од петто одделени итн, итн. Се во функција на подобрување на квалитетот на образованието.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има госпоѓа Славица Грковска. Повелете со вашите три минути.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Ме заинтригира едно тврдење на господинот заменик министер кој што вели дека сега сме во ситуација кога 50% од населението се со основно или помалку од основно. Вакво тврдење е во ситуација кога со Уставот имаме задолжително основно образование зборува за тоа дека воведување на задолжителноста не е решение за зголемување на опфатот на ученици во основно и средно образование. Значи, со вакво тврдење вие самите го демантирате и најголемиот аргумент за воведување на задолжително средно образование практички го губите.

Ако тоа е така во оваа ситуација како ќе обезбедите поголема опфатност во ситуација кога сакате да воведете задолжителното средно. Ние треба да обезбедиме услови за учиниците во задолжителното основно образование и да не се доведеме во ситуација кога учениците не се во состојба да изведуваат нормална настава само заради тоа што инфраструктурата во објектите не го задоволува тоа. Имавме проблеми со броење, имаме проблеми со тоалетите, имаме проблеми со учинилниците, со столчињата и факт е дека ако е нешто приоритетно, тогаш тоа е обезбедување на нормално изведување на наставата во основното образование, па тоа да разговараме за средното, а тоа можеме да го направиме меѓу другото, доколку Владата го испочитува своето ветување дека не во наредните 4 години како што викате вие туку почнувајќи од 01.01.2007 година ги зголеми буџетските средства за образованието од 0,5% од ДДВ, а тоа не е случај.

И, ова е едно од ветувањата на Владата кој што не го исполни и тоа е факт од кој што не може да бегате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Есад Рахиќ:** Многу накусо во 30 секунци, би апелирал до вас да упатите јавен повик до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и на коалицијата да дојдат и да присуствуваат на оваа расправа бидејќи 6 месеци ја убедуваат македонската јавност дека треба да се смени Уставот, сега се оди со закон, не убедуваат дека ова е клучен проект за да се зголеми вработеноста и образованието, само 6 луѓе седат на ова место.

Мислам дека е врв на хипокризијата, да не речам срамота да на ваква клучна расправа, ако се земат во предвид нивните аргументи да не бидат барем присутни.

Би ве замолил како често пати се обидувате да го воспоставите редот и да повикате на активно учество тоа да го направите и сега. Мислам дека тоа го должиме во најмала рака пред македонската јавност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас за жал не можам да се обраќам на пратеници процедурално делејќи ги како позиција и опозиција итн, на партии не. Јас можам и со задоволство ќе ги повикам сите пратеници кои во Собранието, а не се во салава да пристапат во салата. Тоа можам и тоа ќе го направам со задоволство.

Сега, со циклусот на реплики и контра реплики би завршиле заедно, а евентуално ако заменик министерот нема контра реплика на ова. Кај мене нема повеќе пријавено за реплики.

(Пратеникот Роза Топузова Каревска бара реплика од место).

Барате реплика?

Со особено задоволство ви давам реплика, повелете вашите три минути. Се надевам господине заменик министре немате ништо против. Повелете. Вие ќе имате право на контра реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Се надевам дека нема да го изгубам редот затоа не излегувам.

**Љубиша Георгиевски:** Нема проблем.

**Роза Топузова Каревска:** Не излегувам поради тоа што ќе биде сосема кратка репликата. Со претходните реплики во голем дел се исцрпи она што јас сакав да го прашам заменик министерот, меѓутоа јас сум загрижена за начинот на кој што сака да се реши воведувањето на задолжително средно образование со еден закон и навистина доколку не бидат исполнети сите услови, многу тешко е не само што ќе се реализира, ќе биде реализација на овој закон, туку и сметам дека воведување со закон нуди и уште една опасност, а не со уставни промени додека во иднина дојде некоја друга политичка гарнитура, па дури истава политичка гарнитура можеби по година, две ќе увиди дека финансиски и не може да го издржи проектот, ги нема условите за кои што говоревме. Дали тогаш ќе имаме повторна промена на законот, како што лесно ги носиме одлуките, лесно и ќе ги поништуваме и во таа насока би сакала исто да прашам бидејќи на оваа Влада и е многу својствен популизмот што ако и сега под притисок на овие што завршуваат осмо одделение, како што беше минатата година со средношколците излезат и протестираат како што протестираа против воведувањето на државната матура, еден проект кој што во голема мера ќе придонесеше за квалитетот во образованието, дали во тој случај Владата ќе го повлече законот за да им излезе во пресрет на можеби една група од 50-60 незадоволни од овој проект.

Во таа насока е моето прашање. И токму поради тоа почитуван заменик министер начинот на кој што требаше да се донесе е да се разговара за уставните измени, тогаш немаше да може да ни се случуваат отпочнување на едни проекти, многу сериозни, реков, кој што ги засегаат сите граѓани на Република Македонија и потоа повлекување се со една единствена цел да се воведуваат популистички мерки кои што и сега се практикуваат од оваа Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот заменик министер за образование, повелете.

**Јован Лазаров:** На поголемиот дел на репликата на почитуваната пратеничка нема потреба да се реплицира, само за последното би реплицирал, за разговорите за уставните промени. Ние навистина овде изгубивме 6 месеци разговарајќи за уставните промени и кога не наидовме на разбирање го предложивме овој закон. Толку.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Збор има господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Денеска кога дискутираме за овој закон имаме две крупни прашања кои треба да се расчистат за да се утврди дали е оправдано Владата да донесува еден ваков закон.

Првото крупно прашање е дали во моментов треба и дали во моментов може во Република Македонија да се воведе задолжително средно образование.

Втората многу крупна работа иако навидум изгледа процедурална или формална, сепак се работи за највисокиот акт во државата, за Уставот, дали и на кој начин со води целата оваа процедура за воведување на задолжително средно образование.

Прво, ако ја имате во предвид фактичката ситуација во Република Македонија со степенот на образование на популацијата самите од вашите образложение на предлагачот, на Владата, констатирате дека Република Македонија има 50% со незавршено основно образование или само со основно образование, што е исклучително висок просек. Ако се има предвид овој факт тогаш логички се поставува прашањето како можете да воведувате задолжително средно образование во услови кога еден огромен, загрижувачки процент од популацијата нема завршено основно образование кое е задолжително во моментов според Уставот на Република Македонија.

Значи, апсолутно не држи тезата дека вие наводно повеќе се грижите за образованието, за младите, за децата во оваа држава. Како мислите да го спроведете задолжителното средно образование кога не може државата да обезбеди услови да се спроведе веќе задолжителното основно образование. Значи, ќе нагласам уште на почетокот, СДСМ во ниеден момент не е против подигање на степенот на

образованието на популацијата во државата, не сме против образована нација, по образована младина, апсолутно тој аргумент за подигање на степенот на образование не може да ви биде единствен алиби или единствен аргумент дека наводно вие се грижите повеќе за образованието во државата.

Како ќе го споведете задолжителното средно образование во услови кога при постојно задолжително основно образование во Уставот не може тоа да се спроведе.

Прво, треба државата има обврска да создаде услови она што е задолжително основно образование да го овозможи, да има поголем процент на популација која има завршено основно образование за да можеме да одиме чекор понатаму. Инаку, дека вие се грижите повеќе и тоа да го користите како популистички аргумент да правите бланкетни норми кои самата држава не може да ги испочитува, навистина е авантур. Авантура е дотолку повеќе што се експериментира, што се оди во една непозналица која значи експеримент со живи луѓе, со децата што се најголема грижа за секоја држава, затоа што по дефиниција образованието и здравството во една држава треба да бидат фундамент на грижата на државата и на осмислување на паметни и стратешки политики како тоа да се спроведува за доброто на граѓаните на Република Македонија. Значи, мора да имате визија како тоа може да заживее, како може тоа да го спроведете и како тоа вистински да функционира да не биде само бланкетна норма која државата самата што ќе ја создаде нема да може да биде во состојба да ја почитува.

Ние знаеме дека голем на деца во голем број на региони во Македонија од разно разни причини не можат да си овозможат и нивните родители, семејства, основно образование, а камо ли средно. Дајте направете услови да во Република Македонија прво се живее побогато, да семејствата имаат подобар и повисок стандард на живеење за да можат да ги образуваат своите деца. Тоа се основните предуслови што една одговорна државата треба да ги направи пред да се реши на ваков чекор. Не е доволна само добрата желба на државата. Мора таа желба да има реално покритие. Во спротивно, пак ви напоменувам за таквата авантура кој ќе ги сноси одговорностите и последиците. Вие не можете со реални санкции или со сила да натерате некого да го заврши основното, иако е задолжително поради низа објективни, пред се материјални, финансиски околности. Направете тие семејства да имаат повисок стандард, ќе можат подобро да ги образуваат своите деца. Родителите повеќе по дефиниција се загрижени и подобро им мислат на своите деца отколку било која власт и било која држава. На тие семејства обезбедете им подобри услови за живот, обезбедете им работа на родителите за да можат да им го плаќаат образованието. Во спротивно дали вие знаете колку чинат на пример сите тие пакет или споредни, дополнителни мерки како ги нарековте вие. Не може со дополнителни мерки да решавате системско прашање како што е образованието. Знаете ли колкави ќе бидат трошоците само за превоз, за сместување, за исхрана на тие деца. Знаете ли каква логистичка машинерија и организација треба. Знаете ли какви се состојбите во училиштата. Вие кога ги шетате по налог на вашиот премиер селата и градовите во Македонија, знаете дека Скопје не е Македонија, кога ги шетате вашите министерски одела таму сигурно не ги шетате само за да се сликате и да кажете дека сте блиску до народот. Вие треба реално да видите -дали сте ги виделе училиштата дека им прокиснуваат покривите, какви им се санитарните чворови во училиштата, дали на прозорците има стакла, на какви клупи и столчиња седат учениците. Немате претстава во каква авантура се впуштате, а сакате да се прикажете како редовни патриоти, душебрижници, како редовни заштитници и популисти, со популистички методи дека секогаш сте во право, дека опозицијата го прави токму спротивното, дека опозицијата ве оневозможува, ви ги минира или минимизира вашите проекти и реформи.

Опозицијата не е против задолжително средно образование. Ние сме и за подигање на степенот на образование на нацијата, тоа значи прогрес за секоја нација. Меѓутоа, дали имате услови тоа да го спроведете? Дали кога премиерот на Република Македонија го пишуваше она легендарно писмо што се чита на класните часови или на училишните совети вчера и денес имаше намера само да ги заплаши, да ги дисциплинира професорите или да ги подучува и воспитува. Дали премиерот со тоа писмо се загрижи за реалната состојба на образованието во Република Македонија, за инфраструктурата, за школите каде што децата посетуваат настава, за материјалната состојба на образовните и просветните работници? Не, само сакаше да демонстрира сила, моќ, влијание, да дели лекции и да биде присутен во јавноста, наводно дека тој мисли нешто добро на образованието. Ако мисли нешто добро, тогаш ќе направи подобри училишта наместо парите да ги троши за рекламни кампањи, популизам и некои други работи кои не се приоритет за граѓаните на Република Македонија. Приоритет е во секоја напредна држава прво образование или второ, здравјето на луѓето, здравството. Се разбира, тоа не е тема на денешната расправа, меѓутоа, Владата мора да знае кога презема вакви чекори каде се наоѓа, со која цел ги прави, кои се последиците, кој ќе ги сноси одговорностите евентуално од ваквиот експеримент. А да се експериментира со деца, нешто најсвето за иднината на секоја држава е многу одговорна и скапа работа.

Понатаму, премиерот постојано знае да тера свои популистички кампањи кога ги праќа министрите на терен, а при тоа нема никаков увид во тоа со какви услови се соочуваат учениците во другите делови на Македонија

освен во Скопје. Значи основната работа, дали вие ќе ставите компјутери и ќе поделите компјутер на секое дете не е тоа цел само за себе. Тоа е добро да се направи, меѓутоа, тој компјутер ќе треба некаде да стои на некоја училишна клупа, ќе треба во некоја просторија да биде сместен. Елементарните услови ние ги немаме за да дојдеме до компјутери. Вред, ја имате поддршката, меѓутоа, работете чекор по чекор по некој логичен редослед за да се создатат услови и ова што го предлагате да може да даде вистински ефект и реално да функционира.

Друго е прашањето околу процедурата. Имено, Владата на Република Македонија пред неколку месеци пристапи кон уставни измени токму за ова прашање. Кога од нивно политички причини виде дека не може да ја добие поддршката на ова Собрание, да се измени Уставот со две третини, тогаш по секоја цена побара начин како овој свој проект да го спроведе и смисли дека тоа може да се направи само со закон. Вие апсолутно не можете да се затскривате зад значењето на овој проблем, да ја запоставувате процедурата. Не можете да го нарушувате принципот. Ако основното образование е предвидено во Уставот како највисок правен акт, како задолжително образование, средното образование по различен аршин да биде акт со помала важност по Уставот предвидено како задолжително. Тоа е апсолутно неодржливо во една правна држава, во еден правен систем. Не може да прескокнувате скалила. Ако за измена на Уставот е потребно едно мнозинство, за донесување на закон е потребно друго мнозинство. Со самото тоа давате различни тежина на основното и на средното образование. Не може со понизок акт од Уставот да го менувате или да го дополнувате самиот Устав. Значи, не може едно прашање за една област, за еднас тема што е веќе уредена со Уставот да има различен третман и различен аршин од сосема исто прашање кое би се свело на ниво на законот, во случајот воведувањето на задолжително средно образование.

Трета работа, овој закон го предлагате по итна постапка. Зошто тоа го правите? Зошто го злоупотребувате Деловникот кој предвидува донесување на закони по итна постапка во случаи на итни неодложни потреби, во случаи на вонредни ситуации, нарушувања на стопанството тн. Зошто постапувате слично или исто како во случајот со формирањето на Државнит универзитет во Штип. Средното образование, формирањето на Универзитетот не може да се прави на препад по итна постапка. Кој ве спречуваше до сега во една регуларна постапка тоа да го направите, да се отвори поширока расправа, експертите да си го кажат својот збор воврска со процедурата дали треба да се менува Уставот или не. Не можете вие да се повикувате на Хрватска дека во Хрватска имало некоја таква слична ситуација, па ајде сега нивните експерти вака или онака мислеле, сега ние го правиме истото. Може да го употребите тоа како аргумент, меѓутоа, не можете да ни го сервирате здраво за готово. Не може министерот вчера во експозете да кажува дека се што со Устав не е забрането е дозволено. Ако тргнеме по таа логика дека правото и законот се волја на владеачката класа, велам владеачката класа според оние стари дефиниции, волја на власта кои власта ги прилагодува на своите желби, тогаш вие се можете да смените во државата што со Устав не е забрането, со донесување на еден обичен закон. Не можете да си дозволите таков неодоговрен пристап кон владеењето на правото и почитувањето на Уставот во оваа држава. Не може да се пропише нешто со закон што веќе на повисоко ниво е пропишано во Уставот. Во најмала рака тоа треба да биде на исто рамниште.

Затоа, ви препорачувам овој закон, оваа иницијатива да ја повлечете, да се отвори една претходна расправа во државата дали навистина тоа е потребно, да се чујат мислењата не само на експертите, туку да се слушнат мислењата пред се на родителите кои ја имаат одговорноста за образованието на своите деца. Реков пред малку, сигурно тие им мислат подобро на своите деца и повеќе се загрижени и заинтригирани, отколку било која власт. Значи, не можете на ваков начин на сила да ги туркате законските проекти само затоа што сте собрале 61 глас мнозинство во Собранието. За вакви крупни прашања не само што ви е потребна, туку на сите заедно во државата ни е потребна поголема согласност, поголем консензус од опозицијата. Значи, образованието не е прашање на волја на власта, образованието е прашање и проблем на сите политички партии. Сите политички партии се заинтересирани да имаме подобар систем на образование. Не може со сила да ја наметнувате вашата волја и на неподготвен терен да донесувате вакви закони.

Овој закон треба да се повлече и да се отпочне со една широка јавна дебата, да се направат многу поиздржани елаборати од страна на Владата. Ако сакате да се повикувате на споредбени искуства - да, меѓутоа имајте ја реалноста во Република Македонија. Морате прво да ги обезбедите сите нужни предуслови за да заживее објективно вакво нешто и да даде резултати. Во спротивно, одговорноста ќе биде ваша, а последиците ќе бидат заеднички за сите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика од три минути за господинот заменик минситер за образование и наука. Повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван пратеник Кондарко, вие го почнавте вашето излагање, дали е оправдано или не е оправдано, ние оправдани или неоправдани изостанци ставаме во школото, а овде цениме дека е неопходно образованието во Република Македонија и затоа го изготвуваме овој проект.

Ја извртевте малку тезата околу 50% неопбразовано население, а тоа е некаде 49,65%

население кое има завршено осмо одделение или нема навршено, а не обратно. Околу 16% имаме осипување на учениците од прво до осмо одделение.

Рековте експеримент со деца. Ова не е никаков експеримент, ова е сериозен проблем. Дали некој овде смета дека оваа држава Република Македонија не може да обезбеди образование за 2.278 ученици. Само толку ученици не се опфатени сега во средното образование, еве ќе повторам 2.278 ученици.

Рековте прво да создадеме услови општеството да стане побогато, а потоа да вложуваме во образованието. Се надевам дека на сите ви е добро познато, дека работните места треба да ги создаваат самите граѓани, сами да создаваат работни места можат само образовани кадри. Необразование кадри не можат да создаваат работни места, тие чекаат да бидат вработени. Затоа влеговме во овој сериозен проблем, а околу Уставот како што спомнавте, ние цениме дека со Уставот не е забрането задолжително средно образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко. Повелете вашата минута.

**Борис Кондарко:** Навистина сум изненаден од ова што го кажа заменикот министер. Која е таа држава што ги упатува граѓаните сами да си создаваат работни места. Тоа се однесуваше на мојата забелешка во говорот дека вие треба да обезбедите услови, повисок стандард на семејствата, вработувања, за да можат родителите да ги школуваат, да им овозможат подобро образование на своите деца. Ова е навистина шокантно што го кажувате дека ги упатувате граѓаните сами да си создаваат работни места. Која е функцијата на државата, на власта тогаш, која е вашата одговорност? Тоа е исто како што претставниците на Дистрибуција што им кажаа на компаниите да сурфаат на Интернет и да си купуваат сами струја. Вие ќе ја укинете државата, јас не знам кон што води овој ваш популизам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега имаме тројца пријавени за реплика и тоа Цветко Гроданов, Владимир Ѓорчев и Виолета Ташева.

Повелете господине Цветко Грозданов, вашите три минути.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе. Не мислев да се јавам за реплика, затоа што говорот беше многу сувопарен, да кажам повеќе од она што се емисиите на “Еднооокиот” отколку што треба да се каже овде во образованието. Мене ми е драго кога секој тука ќе проговори за образованието, но треба да се почитува и мислењето на оние што се педагошки работници тука.

Ќе напомнам дека условите за подобар живот господине Кондарко не се прават за шест месеци, се правеа во изминатите 15 години, а оваа Влада во овие шест месеци направи повеќе отколку вие за тие 15 години. Она што и вашите претпоставени ви го кажаа да го кажете, тоа е писмото на премиерот со кое се обраќа до професорите и учениците, јас ќе кажам дека добро е што некој се сетил од 1990 годинна до сега да им се обрати на професорите и на учениците, затоа што ако го читаме секојдневниот печат, ќе видите дека многу работи се случуваат во образованието, така што еден премиер кога ќе се обрати не е ништо лошо, туку напротив, тоа е позитивно, добро и за охрабрување.

Основната теза на СДСМ, ако се земат стенограмите и на Комисијата за образование, наука и култура и тука беше дека немаме основни можности за прием на овие ученици кои завршуваат, дека ќе се судриме со просторно неовозможување на приемот на учениците. Сега кога точно се виде бројката дека среднообразовните институции можат да примат уште повеќе ученици од оние што завршуваат во основното образование, сега оваа теза многу помалку ја пласираат и се враќаат на нешто сосема друго.

Ќе напомнам, ако сакавте да укажете на тоа какви се условите за работа, би ве замолил во претходниот период од 4-годишното владение, кога министер за образование и наука беше господинот Азис Положани, да погледнете кој е процентот на средствата и каде се делени тие средства, дали се наменски трошени и каде се употребени. Дали можеме да сметаме дека само 10% се доволни за реално вреднување, поточно инвестирање во теи училишта каде што имаше потреба, или требаше да претпоставиме само некоја потреба на самиот господин Положани каде што може да ги пласира тие средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика од една минута за господинот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Колега Гроздановски, постојано говорите за некои изминати 15 години, говорите за ланскиот снег. Граѓаните на Република Македонија немаат ќар од тоа, вие сте одговорни да им обезбедите подобра иднина. Значи, ниту вие ќе ги добиете наредните избори говорејќи за ланскиот снег, ниту СДСМ ќе ги изгуби наредните избори затоа што вие тоа ќе го говорите. Вие постојано говорите за владите на СДСМ, но зошто не ги споменувате годините поминати со Љубчо Георгиевски и Никола Груевски, потрошеното време со нив двајца што се едно исто под нивното водење на државата, кога тие ја носеле одговорноста во Република Македонија што е тогаш направени. Веројатно премиерот ќе ве пофали затоа што бевте адвокат и го пофаливте за писмото што го испратил до училиштата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ве молам, да нема дискусии надвор од нивниот ред, надвор од дадените зборови, реплики и

контра реплики. Лански снег - оваа година немаше снег, а зборуваат за лански снег.

Три минути реплика за пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

Три минути реплика Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Со внимание ја слушав дискусијата на колегата Кондарко, пред тоа исто така и на господинот Герамитчиоски. Јас би сакал да нафрлам само неколку тези, а после тоа во дискусијата и поподробно ќе ги образложам. Дискутантите од опозицијата велат: имајте ја во предвид реалноста и затоа ние сега не можеме да го воведеме средното образование како задолжително. Токму затоа што ја имаме реалноста во предвид, токму затоа што гледаме каква е Македонија со невработеност, со сиромаштија и со безперспективност мора да побрзаме да го воведеме средното образование, затоа што на тој начин најдобро инвестираме во иднината. Мора да чекориме брзо, затоа што многу заостануваме, во тоа брзо чекорење можеби некогаш и не сите работи ќе бидат и најдобро испланирани, ќе се соочуваме со проблеми кои што ќе ги решаваме ад хок, од училиште во училиште, од општина во општина, од град во град, од паралелка до паралелка. Но, важно е да постои политичка волја, важно е да постои процес и важно е да постои ситуација и реалност која што заеднички ќе ја менуваме. Велите: направете подобар стандард, па тогаш подобрете го образованието. Не може, обратна е работата. Подобрувајќи го образованието ние ќе го подобруваме и стандардот. Затоа што на оние компании кои што утре ќе вложуваат во Република Македонија треба да им овозможиме добро обучени луѓе, добро обучени работници.

Помеѓу овие работи кои што сакам да ги спомнам ќе кажам накратко и за еден сегмент, а тоа е за ромската популација. Тука има ситуација каде што од основно во средно 28 илјади, 26 илјади продолжуваат во средно, а 2.278 ученици во Македонија не продолжуваат во средно. Видете ја мизеријата, видете ја сиромаштијата во која што живеат Ромите. Дали како држава ќе успееме сите овие 2.200 луѓе да ги опфатиме во средното образование. Веројатно не. И од тие 2200 луѓе да опфатиме 1500, 1600, 1700, 1800 годишно, сме направиле чекор од 7 милји за нашето општество, сме спасиле во текот на 10 години 17 илјади луѓе од сиромаштија, од затвори, од криминал, од питачење по мостови и на крајот на краиштата и пред информација и едукација ќе ги спасиме од Хив пандемијата која што му се случува на нашето општество, слично на Русија, слично на Украина, на Молдавија и на Македонија и особено ромската популација која што дополнително ќе биде загрозена и која што ќе биде изложена на Гибел, јас би рекол и на субсахарска епидемија, ако не преземеме ништо.

На крајот, само ќе кажам дека главните проблеми на нашето општество се невработеноста, сиромаштијата и нискиот животен стандард ќе ги решиме преку овие мерки.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, процедурална забелешка е согласно член 86. Пратеникот во репликата треба да исправи или неточно пренесен навод, или да даде дообјаснување и да се ограничи на исправката. Претходниот дискутант нема врска кој зборуваше до сега за делот на сегментот што го покриваше ромската популација. Ова е злоупотреба на репликата. Ве молам, да интервенирате да нема вакви сами промоции, бидејќи до 14,00 часот гледа дека господинот Ѓорчев нема да зборува.

**Љубиша Георгиевски:** Да. Само треба исто така да уважиме дека имаше и многу други обемни оддалечувања од темата и од рамката како што е пропишана. Но, јас додека претседавам ќе бидам ваков каков што сум демократичен. Се надевам дека нема да ми замерите дека не бев демократичен и кон говорниците од вашата пратеничка група. Двете групи ми замераат заради тоа, но подобро е така, подобро е да се досискажат луѓето макар и понекогаш ја напуштаат темата, затоа подобро мислам ќе се разбереме сите. Затоа имајте малку толеранција. Јас тоа совршено го знам дека тоа е така по Деловник. Но, ако земеме по Деловник па толку остро да одиме, треба да прекинуваме дискусии, ќе изгубиме многу време. Ве молам, да ја одржиме конструктивната, убавата атмосфера и на репликите и на контра репликите и да продолжиме со работа.

Контра реплика господинот Борис Кондарко на репликата на Ѓорчев.

**Борис Кондарко:** Почитуван колега Ѓорчев, како мислите тие 2200 Роми да ги натерате да одат во задолжително средно образование. Кој ќе им го плати тоа, кој ќе им ги плати учебниците, кој ќе им го плати превозот, исхраната. Дали со санкции ќе ги казните, или на сила ќе ги натерате, само затоа што сте решиле да го смените законот. Обезбедете ги условите. Затоа ја говорам реалноста. Не е реалноста дека премиерот со уште едно писмо може да им нареди и тие да се запишат во средно образование, да ги искара, или да им се закани. Со писмо и со вакви непромислени закони не се решаваат проблемите. Затоа парите трошете ги на нови училишта, обновување на старите училишта, а не на маркетиншки кампањи за да прикажувате колку е убава и успешна оваа Влада од типот на приказната: Царот не е волк.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика пратеникот Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван претседателе. Мојата реплика се однесува на двете прашања за кои дискутираше и се прашуваше колегата Кондарко, а тоа е дали треба, може и како се води оваа процедура.

За негово потсетување, затоа што тој беше пратеник во минатиот состав и ја гласал токму оваа Национална програма за развој на образование донесена 2004 година во која во 6-

те глави, првата, образование за сите. Почитуван колега меѓу останатото пишува: зголемвуање на задолжителното образование. Оваа Национална програма за образование 2005-2015 треба да се имплементира. Јас би се навратила во интерес на времето кратко и би кажала, кои се анализите овде, што е направено и што е ова што денеска ние го дискутираме за кое очигледно вие кога сте ја носеле оваа програма и не сте знаеле за што гласате, или убаво сте знаеле, а денеска глумите дека не знаете што било тоа. Зголемување на задолжителното образование како глобална тенденција на сите држави во светот е зголемување на ова задолжително образование меѓу кое велите и следното, дека покрај овие глобални тенденции причините за зголемување на задолжителното образование во Република Македонија е прво, лошата образована структура на населението. Второ, малиот опфат и високиот процент на осипување на ученици во редовните степени на образование и потребата од зајакнување на компетенции за работа и социјална инклузија на населението. Се чини дека најголемиот проблем се наведуваат два сегмента. Првиот е опфатот на ученици во предучилишното образование во кое за почит е воведено деветогодишното образование, односно зголемено основното образование каде што се очекува од 82,3% опфатеност да имаме 100% опфатеност. Кога го водевте тој проект дури за ваше потсетување велите дека ни системот не го знаете каков ќе биде, ни концептот не го знаете. Се прашувавте во оваа Национална програма дали треба 3+3 + 3, па дали треба 5+4, па дали треба 4+5. А денеска зборувате, дали оваа Влада може да го направи проектот зголемување на задолжителното образование и воведување на задолжително средно образование.

Вториот момент освен опфатеноста во предучилиштето е осипувањето и апстинирањето од образованието 16,65% преодот од основно во средно образование. Тоа е тој момент кој со овој проект Владата сака  да го заокружи барањето во Националната програма за развој на образование.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Борис Кондарко една минута контра реплика, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам. Колешке Ташева, не гледам зошто со толкава жустрина овде држите политички говори. Вие не се борите за власт, вие ја имате власта. Значи, малку не се снаоѓате очигледно со власта. Инаку, во поглед на стратегијата, јас не знам што е толку спорно во стратегијата. Стратегијата е реалноста што вие ја потврдувате. Едноставно, земете ја, вие сте на власт, па ако ви користи, искористете ја, ако не, донесете си нова. Меѓутоа, вака како што се однесувате не гледам дека ја сваќате реалноста. Тоа е проблемот. Ако ја сватите реалноста ќе сватите што треба како власт да направите за да го подобрите образованието, а не да пишувате писма.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе. Колку и да не сум приврзаник на воведување на политички моменти кога станува збор за образованието, морам да признам дека сум неминовно втурната на почетокот на една таква дискусија, со оглед на тоа што проблемот ни е наметнат. И бевме во ситуација да добиеме предлог иницијатива за измена на Уставот на Република Македонија во кој што еден дел беа опфатени и образовни прашања. Македонската јавност е свесна дека работни групи од политичките партии дебатираат за тоа прашање во смисла да најдат консензус, со оглед на тоа што станува збор за измана на Уставот и станува збор за едно прилично сериозно прашање, не само заради фактот дека е предложена иницијатива за менување на Уставот, туку заради самиот факт што тезите кои што беа предложени и темите кои што беа предложени се прилично сериозни, имајќи во предвид дека образованието е столбот на секоја држава, не само кога станува збор за нејзиниот економски развој, туку и кога станува збор за нејзината стабилност, за нејзината иднина.

Она што не изненади сите е по итна постапка предложување на закон за средно образование во кој што се предвидуваат истите тези кои што беа предвидени во измена на Уставот. Уште повеќе заради тоа што со писмото за итноста, за ставањето на овој закон на дневен ред добивме писмо од страна на Владата со кое што не известува дека Владата го повлекува Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. И тоа е направено еднострано. Политичката партија на власт, најголемата ВМРО-ДПМНЕ одлучила дека во овој момент тоа треба да го направи со закон и дека во овој момент не и се потребни преговори со опозицијата за да се постигне консензус за едно вакво прашање. Главната дилема што се наметнува тука е, дали е потребна измена на Уставот за овој дел, или не? До колку партијата на валст сметаше дека не е потребна уставна измена за воведување на задолжително средно образование, тогаш јас се прашувам, зошто првичната иницијатива дојде токму како предлог за измени на Уставот. Како тоа наеднаш владеачката партија се предомисли? Дали владеачката партија е свесна дека со ваквиот потег практично ги потврдува тезите, меѓутоа не само на домашните, туку и на меѓународните експерти кои ги набљудуваат политичките процеси во Република Македонија, дека политичкиот дијалог помеѓу власта и опозицијата е само фарса дека нема суштински дијалог. И токму заради тоа Македонија се повеќе се одалечува од преговори со Европската унија и од зачленувањето во НАТО. Тоа што мене ме плаши е што Владата на Република Македонија не е свесна за комплетната тежина на потезите кои што ги повлекува, не е свесна за пораките кои што ги испраќа не само во домашната, уште

повеќе во меѓународната јавност која е во позиција да ја вреднува Македонија, да ги вреднува реформите кои што Република Македонија ги прави, а кои што се во насока на исполнување на националните интереси на Република Македонија. И за тоа претпоставувам дека е подготвена да сноси одговорност. Затоа што истата таа власт треба да одговори зошто се негативни оценките, зошто Македонија е изземена од групата земји кои што се наведени дека брзо ќе ги започнат преговорите со Европската унија и ќе станат членки, зошто се одлучува за вакви постапки и потези.

Јас сум свесна дека парламентарното мнозинство може вака да реагира, меѓутоа реков на почетокот, дека неминовно сме втурнати во една ваква анализа, заради тоа што не можеме во овој момент да избегнеме од политичкиот момент во кој што се наоѓа Република Македонија. Јас сакам да укажам на сериозноста на потезите кои што се прават и како се вреднуваат понатаму. Значи, до колку немаше потреба од измени на Уставот за воведување на задолжително средно образование, првото прашање беше, зошто Владата се одлучи на таков чекор, а сега се предомисли.

Второто прашање е, зошто, ако тоа не е уставна категорија која што треба да се регулира, зошто основното образование е уставно регулирано дека е задолжително. И на тоа никој не даде одговор. Зошто министерот се доведува во ситуација во неговиот говор да каже дека смета дека нема потреба од измени на Уставот, дека е доволно само да се операционализира уставната одредба за достапноста на образованието кое е особено значајно, бидејки во овој случај се работи за лица помлади од 18 години. Ваквото однесување дава потполна несериозност на целата идеа уште од самиот почеток дава сигнал дека Владата нема концепција и стратегија за образованието, туку станува збор за ад хок решенија кое што претставуваат исполнување на нечија моментална желба. Затоа што во спротивно до колку се работеше за стратегија вакви потези до сега сигурно немаше да се случат. До колку се работеше за стратегија и во првиот момент кога ја добивме иницијативата за измени на Уставот, ние ќе добиевме сериозна анализа за моменталните состојби. И сега бидејки еден од моите колеги се повика на Комисијата за образование, меѓутоа кога дискутиравме за измена на Уставот, бидејки до сега со оглед на итноста на точката и нејзино ставање понапред, немавме време да имаме Комисија за образование, наука и спорт и да го разгледуваме законот. Тогаш, ние не изразувавме сомневање за постоење на просторниот капацитет. Во стенографските белешки пишува дека, потребите треба да се базираат на сериозна анализа за финансиската моќ на државата, бројот на учениците кои се запишуваат во средното образование, состојбата со школските објекти, како и моделот за средно образование. Ние денеска не добивме одговор на ниту едно од овие прашања во смисла на сериозна анализа. Значи, ние ја добивме прво желбата дека треба да имаме задолжително образование, а нешто подоцна добивме нешто како анализа за воведување на задолжително средно образование. Пресериозно е образованието за да го третираме на таков начин.

Пресериозно е да излегуваме со ваква иницијатива, без да знаеме што може да не очекува. Ние мораме да имаме одговор уште пред да ја продолжиме иницијативата на сите можни ефекти кои што ќе произлезат од неа, особено на негативните, а тие ќе се согласите се многу, сега ќе зборувам зошто сметам дека е тоа така. И понатаму се вели дека е недоволно аргументираната иницијатива може да ги доведе во прашање започнатите реформи во образованието, со оглед на тоа дека веќе е воведено деветгодишно основно образование, а не е предложен моделот за средно образование. Во таа смисла беше истакнато дека во моментот најцелисходно решение, се финансиските средства за задолжително средно образование да се насочат кон основното образование, односно обезбедување бесплатно основно образование и подобрување на условите, а со тоа и намалување на осипувањето на училиштата од основното образование.

Ваквиот став морам да кажам, дека произлезе уште повеќе заради тоа што истиот момент имавме идеја за приватно основно образование, потполно контрадикторна со ставот на Владата дека финансиската моќ на државата за градење на оптимална и современа мрежа на основни училишта е недоволна. Ако ние признаваме како Влада, како држава, дека имаме недоволно финансиска моќ да го обезбедиме задолжителното основно образование, како имаме финансиска моќ да обезбедиме и основно задолжително и средно задолжително образование. Меѓутоа, и на тоа никој не ни одговори. Никој не ни одговори за тоа каква е мрежата на училиштата. Дали е направена регионална анализа. Како ќе се одрази на квалитетот на образованието ваквиот начин. Особено, уште повеќе заради тоа што реков дека сеуште немаме модел. Ако во образложението на Законот стои дека еден од клучните предизвици во овој период ќе биде подигањето ан нивото на образованието на сите млади и возразни, со посебен акцент на нивните стручни, работни и социјални компетенции, тогаш ќе се согласите, воведувањето на задолжително средно образование не е услов за тоа. Има милион други начини со кои што ние можеме ова да го обезбедиме. Самиот податок, реков и во репликата дека околу 50% од лицата поседуваат основно, или помалку од основно образование, не оди во прилог на задолжително средно образование, затоа што се покажува дека задолжителноста на основното образование не е доволен аргумент за привлекување на учениците во училиштата, туку дека треба дополнителна

стратегија, која што ќе го овозможи тоа. Велиме клучна насока на која што во иднина ќе се потпира реформата на образовниот систем е задолжително и бесплатно јавно средно образование. И ако ова ни е клучната насока на која во иднина ќе се потпира реформата во образовниот систем, тогаш морам да кажам дека однапред сме осудени на неуспех. Клучната насока на која во иднина треба да се потпира реформата во образовниот систем, ако го земеме високото образование со воведување на кредит трансфер систем и имплементација на препораките од Болоњската декларација, нам мора да ни биде воведување на наставни планови и програми кои што ќе ги привлекуваат децата во училиштата. факт е дека денес на учениците не им е интересно во училиште. Факт е дека ние немаме наставни планови и програми кои што ќе ги заинтересираат да седат во училишта. Тоа треба да биде еден од одговорите како да се спречат девијантните појави кај учениците. Ние сеуште имаме образование или наставни планови и програми, кои што се обременети со факти. Нам главната насока која што во иднина треба да се реформира образованието, треба да ни биде наставни планови и програми што ќе го обезбедат продуктот на пазарот на трудот, кој што веднаш ќе може да го примени знаењето кое што ќе го добие во образованието. Ние треба да обезбедиме чистење на наставните планови и програми од непотребни информации и дезинформации. Тоа треба да биде базата за реформата во образовниот процес. Тогаш ние може да кажеме дека сме успеале, затоа што ако нешто сакаме да добиеме како продукт од оразовниот систем тоа се сигурно подготвени кадри кои што веднаш ќе можат да се прилагодат на пазарот на трудот, кои што ќе бидат снаодливи, кои што ќе можат да ги применат своите знаења. Ние сега имаме ученици кои што кога ќе завршат основно или средно образование знаат само факти кои што брзо ги забораваат. Затоа на меѓународните тестови нашите ученици имаат слаби резултати. Затоа и еден од коментарите за одложување на матурата беше затоа што прашњата не се совпаѓале, не ги учеле прашањата, само заради тоа што учениците очекуваат истото што го учат во лекциите да го добијат како прашање, а не да го применат тоа знаење што ќе го добијат од лекциите и од наствниците. Ние имаме начини на предавање кои не поттикнуваат критичко мислење. Едно од реформите во образовниот процес треба да биде начин на предавање што ќе поттикнува критично мислење, кое што ќе поттикнува иницијативност, кое што ќе го развива талентот, а не по секоја цена на презентирање на лекции од учебникот. Меѓутоа, ова некој на наставниците треба да им го каже. Треба да им го наложи. Се отвора прашањето како ќе го мотивираме ние наставниот кадар за таков вид на настава. Дали ќе овозможиме услови за подеднакво обезбедување на наставата за сите ученици. Дали сме во ситуација да кажеме дека сите средни училишта имаат подеднакви технички услови, дали имаат подеднаква технологија, информатичо технолошка, или сеедно, дали во сите училишта има нови технологии за изведување на наставата или пак, ќе се доведеме во ситуација едни училишта да бидат и добро опремени со добри капацитети, а од друга страна ќе имаме руинирани училишта во кои што никој нема да сака да оди.

Мислам дека дополнително треба да одговориме на следните прашања: Кој е моделот на задолжително средно образование. Единствено што слушнавме вчера во излагањето на министерот, меѓутоа, тоа може да биде само едно од излагањата, затоа што сега слушнавме 300 различни варијанти како се замислува задолжителното средно образование. Дали сите училишта ќе имаат иста наставна програма? Како на пример, ако во една година имаме ученици 80% кои што ќе завршат основно образование, да речеме, сакаат да се запишат во гимназиско образование. Дали има државата капацитет да подготви планови и програми да ги обучи наставниците кои што предавале во средните стручни училишта, затоа што ние нема да иомаме можност на прилагодување на градење на училишта од година во година, во зависност од тоа каков ќе биде интересот на учениците. Нам теоретски може да ни се случи една година да имаме 80% да речеме од учениците, кои што са заинтересирани за гимназџиско образование, наредната година може да имаме ученици кои што 80% ќе бидат заинтересирани за некои стручни училишта. Имаме ли неи институционален капацитет да го издржиме тоа. Може ли Бирото за развој на образованието да каже како ќе даде одговор на овие прашања, како ќе одговори на овие предизвици. Дали ние можеме да се доведеме во ситуација на огромен технолошки вишок на наставен кадарм, само заради ваква ситуација, која што теоретски е можна, Како ќе им се овозможи превоз на учениците? Што на пример, ако имаме само еден ученик од одреден регион? Дали државата е спремна да му обезбеди бесплатен превоз секој ден?Како ќе се обезбедат еднакви услови за сите ? Како ќе се усогласува ваквата ситуација со потребите на пазарот на трудот? Што на пример ако кажеме дека нашата држава има интерес оваа година да отвори паралелки за некој кадар, на пример, леари, карикирам сега, меѓутоа, ниеден од учениците не е заинтересиран за тоа. Значи, како задолжителното средно ќе се вклопи со потребите на пазарот на трудот од една страна, а од друга страна да не им го наметнува тоа со сила на учениците кои завршуваат основно образование. Што ако се случи сите ученици кои завршиле основно образование да сакаат да дојдат да продолжат средно училиште во Скопје. Јас ќе почекам минисерот и заменик министерот да се договорат, па ќе продолжам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете заземете си го своето место, добродојдовте господине министре.

Повелете госпоѓице Грковска продолжуваме.

**Славица Грковска:** Значи, што ќе се случи ако сите основци сакаат да дојдат и да се запишат во едно од училиштата во Скопје? По кој критериум ние ќе ги запишуваме? Како ќе им одредиме каде да се запишат? Или еден од условите ќе биде дека мора да се запишат единствено во средните училишта од регионот од каде што доаѓаат. На тоа немаме одговор. А треба да имаме одговор. Дали е подготвена државата, со оглед на тоа што и во Законот се вели дека Законот ќе предизвика дополнителни фискални импликации, меѓутоа, дополнително ќе бидт утврдени со започнувањето на 2008/2009 година. Дали можеме да се доведеме во ситуација кога во некоја година ние нема да можеме да го зголемиме Буџетот во образованието, за да можеме да имаме задолжително бесплатно средно образование, затоа што сме сведоци дека до сега за жал, во Буџетот со тешки маки се зголемуваат буџетските средства, затоа што државата во претходниот период имаше други приоритети и други реформи кои што мораше да ги направи. Дали државата е подготвена да обезбеди бесплатни книги и прибор за сите основци и за сите ученици во средните училишта? Дали државата е спремна да обезбеди бесплатен превоз за сите ученици во основното и во средното образование? Дали е подготвена да обезбеди бесплатен престој во ученичките домови? Дали ученичките домови, постоечките, што се во Република Македонија се доволни и сега ќе бидат доволни за некоја проценка на бројка на ученици кои што ќе се запишат? Дали државата е спремна да обезбеди социјален пакет за социјалните случаи, кои што ќе го добиваат редовно месечно, не еднаш во годината? Затоа што бесплатните книги и прибор ќе бидат нешто што ќе биде задолжително државата да го обезбеди за сите ученици. Дали социјалните случаи ќе добиваат дополнителен социјален пакет, што за нив ќе биде поттик за продолжување на образованието. Ние сме сведоци сега дека најголемиот аргумент за осипување на децата од основното образование, кое што сега е задолжително, е социјалниот момент, или невозможноста одредена категорија на граѓани да го издржат тој финансиски товар. Дали државата е спремна да обезбеди стипендии за учениците кои што ќе се запишат во средно образование?

Она што мене најмногу ме загрижува е непостоењето на сериозна анализа и непостоењето практично одговор на овие прашања. На прашањето за просторните услови во анализата што е дадена во образложението на Законот е дадено следното: според направените анализи и статистички податоци, вкупната површина со која во моментот располагаат средните училишта изнесува 441.776 м2. Пресметката е дека, со оглед на тоа што има 56.560 ученици во смена дека има 7,8 м2 корисна површина по ученик. Сега јас се прашувам во која држава било каде во светот најдовте вие ваква анализа за просторните услови. Ова за мене не може да биде сериозен аргумент, затоа што е апсурдно и во најблага рака несериозно. Вкупната површина од сите средни училишта во државата да ја соберете, да ја поделите со вкупниот број на ученици и да добиете корисна површина за секој ученик. И не можете да очекувате. Го сметам ова за аргументација.

Понатаму, за превозот на учениците велите: “Согласно првата фаза од децентрализацијата, превозот на учениците е во надлежност на локалната самоуправа, финансиран со дотации од Буџетот на Република Македонија. Пресметката се врши врз основа на бројот на ученици, кои ќе користат превоз и растојанието на местото на живеењето до училиштето. Во моментот, не се располага со вакви податоци и не можат да се направат соодветни пресметки”.

Во ситуација, кога сме пред поетокот на имплементирање на втората фаза на децентрализација, мислам дека со преголема леснотија Владата констатира дека е тоа во ингеренции на локалната самоуправа. Дали локалната самоуправа ќе го издржи тоа или не, е сосема друго прашање. Меѓутоа, јас не гледам дека е тоа поставено. Не гледам никаде дека тоа е дискутирано со ЗЕЛС, што е обврска на Владата пропишана со закон. Јас не знам какво е мислењето на ЗЕЛС по ова прашање, по прашањето за задолжително средно образование. Дали ЗЕЛС мисли дека може да одговори во ситуација кога треба да ги преземе останатите надлежности кои што му припаѓаат со втората фаза на децентрализацијата, дали ќе може да овозможи нормално функционирање на образовниот систем. Мислам дека прелесно во ваква ситуација се доведуваме во ситуација дури и да го дестабилизираме образовниот процес, наместо обратно, да започнеме со почетокот на фискалната децентрализација многу внимателно, затоа што нејзините импликации, нејзиното недоволно функционирање, кое што нема да биде во функција на одржливост од страна на локалната самоуправа, ќе предизвика сериозни проблеми во државата.

Еден од главните аргументи кој што во меѓувреме го слушнавме е дека дојде министерот за образование на Хрватска кој што укажа дека Хрватите преминуваат на измени на Уставот и дека ќе воведат средно образование, ни го кажаа нивниот модел.

Сакам да укажам дека секое искуство е драгоцено. Секоја земја на различен начин го регулира прашањето на образованието и го прилагодува на националните интереси на државата.

Разликата што треба да ја правиме е меѓу задолжително образование и задолжително средно образование. И, тоа е разлика што се прави во други држави. Бројот на задолжително образование, бројот на години на задолжително образование, дали ќе се вклучува тука и

задолжително средно. Разликата во должината на задолжителното образование ја илустрира дискрапанцата помеѓу желбите и можностите на секоја индивидуална држава, за да може да обезбеди пролонгирано задолжително образование. Каков ќе биде моделот, реков зависи од можностите на секоја држава. Ние не можеме да се доведеме во ситуација да ископираме нечиј модел и да го пресликаме директно во македонски услови. Ние треба да го најдеме моделот кој што ќе ни одговара најмногу нас, кој ќе одговара најмногу на нашите национални интереси, меѓутоа се во согласност со Уставот на Република Македонија.

Меѓутоа, какво изненадување, Хрватска го одложи задолжителното средно, тоа излезе во нашите медиуми, и таа се откажа од плановите да воведе задолжително средно во следната учебна година  откако Владата не успеа навреме да го смени Уставот и да ги донесе потребните закони за да го воведе ова решение. Е, ова е сериозен пристап кон одредено прашање.

Ако Владата процени дека не може на време да ги обезбеди условите за почеток на ваков сериозен опфат, тогаш никој нема да им земе за зло доколку се откаже или доколку го пролонгира. Тоа е помало зло отколку да воведете и да почнете да имплементирате нешто особено во образованието кое што може да има сериозни импликации и на денешните, меѓутоа, и на идните генерации.

За да се има во предвид со каков сериозен пристап хрватите пристапиле на ваква измена, ќе кажам дека тоа го правела во последните три години со многу активности кои претходеле на почетокот на таквата иницијатива. Пишување на национална програма во која што увид и удел имале сите и родителите и експертите и децата итн.

Во последните три години хрватите граделе и опремувале голем број на школски објекти, во целата вертикала на образованието вработиле повеќе од 5000 образовни стручњаци, го зголемиле материјалниот статус на професорите, го осигурале, го обезбедиле поголемиот број на пресметаните финансиски средства кои ќе им бидат потребни да обезбедат бесплатни учебници, превоз и сместување во ученички домови.

Националниот програм за воведување на задолжително средно образование кој што го прифатиле тие, кои што го усвоиле, обезбедува и дефинира динамика на воведување, извори на финансирање, потребна законска регулатива, па и можни уставни измени доколку се покажат тие можни. Значи три години неопходна подготовка, а ние сакаме брзоплето и на брзина да направиме нешто само заради тоа што некој имал желба тоа да го направи. Пораката што ја праќа Владата е прилично сериозна затоа што пораката е, доволно е да си на власт припадник на ВМРО ДПМНЕ и доволно е да имаш желба. Во тој случај без разлика на Уставот и законите тоа мора да се спроведе. Парламентарното мнозинство тоа мора да го почитува заради тоа што некој така сака. Без да имаме сериозна анализа дали е тоа одржливо или не, дали сме во можност тоа веднаш да го примениме или не.

Тезата на министерот дека во Уставот точно стои дека основното образование е задолжително и бесплатно, но никаде не стои дека задолжителното средно образование е забрането е преседант. Јас не знам министре дали сте вие свесни за тежината на својата изјава. Дали ако во Уставот не стои дека не треба да се краде, на сите им е дозволено да се краде? Тоа е вашата порака? Дали ако други работи не се санкционирани во Уставот вашата порака е дека може да се направат само заради тоа што Уставот не го забранува тоа или има одредени кодекси или правила.

Мислам дека не постојат аргументи со кои што ќе не убедите дека Уставот не претставува пречка за воведување на задолжително средно образование, особено заради тоа што вие го кажавте само вашето мислење, а тоа за мене не е аргумент, барем не релевантен.

Се осврнавте на некои примери, го дадовте примерот со Тајван, меѓутоа, јас ќе ви дадам милион други примери на држави кои што немаат задолжително средно образование меѓутоа инвестирале во образованието и благодарение на тоа направиле економски бум и во власта на техниката и воопшто постигнале развој во државата. Меѓутоа, зачудува зошто и вие како министер и Владата на Република Македонија не се фокусира во исполнување на првото ветување кое што е дадено во преродбата од 100 чекори, во која што се вели и ова ако треба сто пати ќе го кажам од говорница дека почнувајќи од 1.01.2007 година, буџетските средства за образование ќе се зголемат на ниво од 5% од бруто домашниот производ. Заменик министерот кажа дека сега се 3,5%. Тоа е едно од првите ветувања кое што вие не ги исполнивте. Како сега ќе не убедите дека се работи за стратегија во образовната политика затоа што во ситуација кога имаме имплементирање на втора фаза од процесот на децентрализација во образованието, законска обврска за нов универзитет во Штип, сега излегувате со иницијатива за задолжително средно, како ќе не убедите дека средствата во Буџетот се доволни, кога доколку сте го планирале ова вие веќе требаше да имате 5% од ДДВ-то, од 1.01.2007 година, а тоа не го направивте.

Во текот на буџетската расправа ние се мачевме да го убедиме министерот за финансии дека треба да одделил дополнителни финансиски средства за реконструкции и изградба на училишта, прво во основното образование, а потоа и во средното затоа што сме свесни каква е ситуацијата во некои училишта. Факт е дека тоа не може да се направи само со буџетски средства, меѓутоа ако Владата цврсто стоеше како што премиерот Груевски сака да каже на ветувањата што ги даде пред граѓаните, прво што

ќе направеше ќе го исполнеше ова ветување. Ако Владата и ако парламентарното мнозинство цврсто стои на убедувањата дека еден од врвните приоритети е образованието, тогаш немаше да имаме тука празна сала од страна на парламентарното мнозинство туку јас ќе очекував многу поголем интерес.

На крајот ќе се согласам со вас дека економијата не може сама по себе да се развие, тоа е факт, меѓутоа, не можете да ја замајувате јавноста дека со тоа што ќе воведете задолжително средно образование наеднаш ќе ја намалиме невработеноста, тоа не. Меѓутоа, дека образованието е столб или основа за развој, за економски развој на една држава, затоа ќе се согласам.

Ако очекуваме луѓе кои што ќе креираат, граѓани кои што ќе креираат и како што велите вие како ќе креираат ако не ги оспособиме со потребните знаења и искуства, ако не им ја влееме потребната самодоверба дека можат да го реализираат во практика она што го замислиле, верувајте дека тоа не е аргумент за воведување за задолжително средно, туку аргумент за она што го зборував, за редефинирање на наставни планови и програми кои што ќе бидат во функција на градење на кадри кои што како краен продукт, ќе имаме кадри кои што ќе имаат знаења, кои што директно ќе можат да го применат на пазарот на трудот, ќе имаме кадри кои што ќе можат тоа знаење секогаш да го применат во секаква прилика. И, во таа ситуација Македонија нема да биде на меѓународните тестови една од најслабите држави затоа што фактографскиот начин на учење тоа ни го овозможува. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплики на говорот на пратеникот Славица Грковска имаат Александар Николовски, Виолета Ташева, Цветко Грозданов, и Флора Кадриу.

Почнуваме со Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе,

Јас би сакал да опонирам или да реплицирам околу политичкиот момент на целото прашање, на целата дисксија, а аргументите мои за и против задолжителното средно образование ќе ги кажам подоцна во дискусијата, така што нема да опонирам, во делот на аргументи во кои што ги даде колешката, туку би сакал да кажам дека, за жал или тоа е практика, гледаме да опозицијата по дефиниција е против и тоа е во ред, заради тоа што опозицијата е опозиција, но не можете да бидете против се против.

И, кога зборуваше колегата Герамитчиоски претходно кажа ека една од дилемите на СДСМ била едноставно да се премолчи целата работа и да не се реагира на ниеден начин заради тоа што би можело да значи и дополнително паѓање на рејтингот на СДСМ, заради како што рече популистичкиот начин на кој што се пристапило и сметам дека требало да ја одберете таа тактика, односно стратегија заради тоа што едноставно не можете да бидете против проект кој што е од општо значење и кој што ќе донесе резултати.

По однос на дилемите кои што ги отворивте основната разлика помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, ако сакате помеѓу оваа Влада и претходната Влада е што оваа Влада многу повеќе реализира, а многу помалку зборува за тоа, и уште повеќе основната разлика е тоа што храбро влегуваме во проектите и тоа што кога влегуваме во проектите влегуваме со јасно сознание дека ќе биде тешко, со јасно сознание дека има голем број на предизвици кои што треба да бидат отворени во текот на процесот на реализација, но влегуваме да ги реализираме. За жал претходната Влада само размислувала, само правела концепти, само правела анализи за на крај да сфати дека ова е тешко и да го тргнеме на страна, не само во делот на образование туку во поголем дел од секторите и од прашањата.

Она што сега го гледаме како аргумент е да и ние размислувавме за истото, да и ние правевме анализи за истото, но на крај видовме дека е тешко, дека треба време, дека треба процедура и заради тоа не ги презедовме активностите. Еве и за Штипскиот унвиерзитет имавме слични резултати. Така штомојата поента е дека ние влегуваме храбро во проектите, ние влегуваме во проектите за да ги реализираме, веруваме дека ќе ги реализираме и имаме јасна визија и јасен концепт како ќе ги реализираме. Така што, тоа е основна политичка линија и разлика која што сакам да ја потцртам и повлечам помеѓу нас и Социјалдемократскиот сојуз.

Ќе повторам, за аргументите ќе подискутирам повеќе во мојата дискусија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николовски.

Контра реплика од една минута пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** За жал, реков дека во ваква ситуација на ваков политички момент невозможно е кога зборувате за реални прашања во образованието да не им се даде политичка конотација. Тоа е проблемот. Не можам моите колеги од ВМРО ДПМНЕ да ги убедам дека сум против само заради тоа што ова е идеа на Владата туку заради тоа што реално недостига сериозна анализа што може да има сериозни последици. И, на крајот е најважно кој ќе ги носи консеквенците од таквата погрешна политика, затоа што најголема штета ќе има државата.

Можеби вие храбро влегувате во одредени проекти, меѓутоа крајно непромислено и без никаква анализа што може да биде погубно. Меѓутоа, што уште потрагично вие многу добро ги пласирате во јавноста и тоа со буџетски пари рекламирате владина политика, а за тоа граѓаните не ви ја дадоа довербата.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоице Грковска.

Три минути за реплика има пратеник Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван

потпретседателе,

Внимателно ја слушав колешката Грковска, а во однос на нејзините дилеми и прашања навистина загрижува за тоа што очигледно дека изумува оти овие анализи кои стојат во националната програма за развој на образованието 2005 - 2015 се факт пишан кој за нејзино информирање добро е да ги прочита, а ќе истакнам еден многу важен момент.

Интенцијата за воведување на задолжително средно образование е да се направи опфат на 16,65% млада популација која јас немам дилеми дека за неа е потребно образование. Ја прашувам почитуваната колешка, каде на друго место овие 16,65% млада популација би се образувала ако тоа не биде во институциите на образованието, во училиштата. Постојат три сегменти во кои младата популација може да се воспитува и образува, тоа е семејството, училиштето и улицата. Каде мислите да отидат овие 16,65%, тоа е за вас дилема. За мене не е.

Втора работа зошто итно. Националната програма за развој на образование на Република Македонија 2005 - 2015 е донесена 2004 година, па зар не е време, две години минаа, еден дел од таа програма, во делот на задолжително образование е реализиран со проектот за деветолетка, па уште колку години да се чека за да се реализира вториот дел, оној кој во овие анализи вие добро знаете дека пишува: вториот лоциран проблем е 16,65% млада популација, проблем на кој треба за да се иреализира оваа национална програма која вие ја донесовте треба да се воведе проект што значи задолжително средно образование, оти анализава јас верувам стручните луѓе во Министерството за образование и наука дале сериозна, издржана анализа, јас верувам во неа, оти тоа се статистики кои кажуваат и тие се проверуваат во Државниот завод за статистика, проверете ги податоците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика од една минута пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Ташева да бидам искрена ќе ве разберев и доколку не викавте толку. Не се поставува прашањето дали задолжително средно, туку кога, на кој начин и како. Не биле луди другите држави што претходно имале сериозна подготовка од неколкугодини за да ги обезбедат сите прдуслови за нормално воведување на ваков проект. И тоа е тоа што ние го бараме.

Ако вие сметате дека сериозен аргумент е поделбата на вкупната површина на бројот на средните училишта со вкупниот број на ученици и на тој начин дека тоа е доволен простор за секој ученик, јас тоа не го сметам и многу ми е жал доколку вие сте до тој степен ова да го сметате за сериозна аргументација.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има пратеникот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Од почетокот на дискусијата па и до крајот провејува само сериозноста на која што СДСМ ни укажува уште од почетокот. Јас ќе спомнам само дека господинот Ивановски познат како шема навистина направи една добра шема, во која сериозноста на опозицијата ја гледаме и сега. Имено, во салата се присутни само 4.

Околу сериозната анализа деновиве и во весник, но и на Комисијата за образование беше дискутирано какви се состојбите на училиштата, каква е состојбата со уписот во средното училиште, каква е состојбата со завршувањето на учениците во основното образование. Како педагошки работник, она што мене најмногу ме загрижува, тоа е оној процент од 15 кој не го запишуваат средното образование, значи завршуваат основно образование,а не запишуваат средно образование. Со Уставот на Република Македонија овој процент не е зафатен и не може да биде вработен и работоспособен. Со задолжителното средно образование, воведувањето на двегодишното, тригодишно и четиригодишно средно образование, ќе се овозможи на овој процент ученици да запишат можеби и двегодишно образование во кој ќе стекнат одреден квантум на знаење.

Само ќе спомнам дека она што на почетокот го кажа госпоѓица Грковска со примената на овој закон, значи со Законот за образование, се овозможува зајакнување на образовниот капацитет на граѓаните, а воедно и подобрување на квалитетот кој е потребен на пазарот на Европската унија. Во претходниот период бевме заедно во една делегација во посета на Република Бугарија, каде што и нивниот модел што го подготвуваат за средното образование е сличен со овој модел на образование во Република Македонија. Не само хрватскиот модел, туку и многу други држави од Европа имаат сличен или идентичен концепт, а тоа е пред се развојот на образованието. Ако стремежот на Република Македонија е да стане членка на Европската унија, треба решително да тргнеме кон реформите како во економијата, како во спречувањето на корупцијата, така и во реформите во образованието.

Оваа Влада не само што има сила, има и знаење, моќ и умеење како сето тоа да го спроведе, и во економските реформи и во она што е спречување на корупцијата што е видливо околу започнувањето и донесувањето на Законот за задолжително средно образование.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Грозданов.

Контра реплика од една минута за госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Прво да демантирам дека ние не сме го гледале на Комисија овој закон, заради тоа што беше вчера ставен на дневен ред по итна постапка. Комисијата за образование, наука и спорт немала можност да го разгледува и

да искаже свои дилеми, па затоа тоа го правиме на седница.

Ако толку сакате да ме убедите дека ги спроведувате реформите, тогаш зошто се негативни сите оценки за реформите што оваа Влада ги спроведува, што не водат кон Европската унија и НАТО. Сите проценки на меѓународните претставници се негативни, меѓутоа, за жал, тоа не претставува никаков сериозен сигнал за Владата. Владата сеуште е многу насочена на краткотрајни популистички методи, затоа што процени дека тоа одлично функционира, нејзиниот рејтинг е голем дома, меѓутоа, пред меѓународната јавност Република Македонија и нејзината позиција е се послаба со нејзиното вакво однесување.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Само да ве известам дека законот не се донесува по итна постапка, се донесува во регуларна постапка, а итно е поставен само во дневниот ред. Значи, нема итност. Тоа е суштината.

Реплика од три минути за пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитувана колешке, во вашиот говор искажавте несериозност при определувањето на просторот за средношколци, но би рекла чудно. Чудно, вие не укажувате на факти и аргументи зошто мислите дека определувањето на просторот за средношколци е несериозен и не укажувате на тоа како вие би постапиле или пак можеби воопшто немате некоја идеа, а доколку имавте сигурно за претходните 4 години тоа би го имплементирале и би го реализирале.

Мислам дека ми е жал што оставате впечаток дека вашата цел е само зборување за нешто што се работи и тоа нешто што се работи за доброто на државата, за доброто на граѓаните, за доброто на идните генерации, на младите генерации, на нашите деца.

Зборувате за брзоплетоста, велите дека се донесуваат одлуки и дека овој Предлог-закон е брзоплет и со тоа укажувате, односно сметате дека ние треба да тапкаме во место? Велите дека обврските кои треба да ги извршиме и реформите што треба да ги направиме во сите општествени сфери кои ни се обврска и треба да ги исполниме критериумите за влез во Европската заедница, велите дека секогаш имаме негативни изјави околу реформите. Госпоѓо Славица, токму вие како интелектуалец и како член на Комисијата за образование, наука и спорт во Собранието на Република Македонија, не очекувам такво нешто да укажете, затоа што покрај сите реформи кои треба да се направат во општеството, особено значење има токму реформата во образованието.

За Уставот велите дека не укажува дека е забрането средното образование. Велите дека министерот треба да биде сериозен и свесен за изјавата која ја дал околу средното образование. Колешке, тој е многу свесен и овој проблем многу сериозно го третира, затоа што е свесен и знае дека има голем процент на наши граѓани кои се без средно образование. Тоа значи необразовани лица имаме во Македонија и без развиена просветеност и без развиено образование нема напредок во самото општество, без соодветни и професионални кадри. Значи без тоа нема напредок во општеството, но нема и зачленување во Европската унија.

Јас сметам дека вие би требало да бидете посвесни за содржината на вашиот говор, кога велите дека е штета и дека сте против донесувањето на ваков Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Кадриу.

Контра реплика од една минута за госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Во мојот говор поставувам прашања на кои барам одговор. Поставувам прашања кои сметам дека се клучни за реализација на еден ваков проект. Имено, прашав зошто ако Владата сметаше дека не треба да се менува Уставот, прво излезе со иницијатива за менување на Уставот и за воведување на задолжително средно образование. На тоа прашање никој не ми одговори. Не е прашањето дали оспоруваме по секоја цена нешто што се работи за доброто на граѓаните, со тоа што го поддржавме формирањето на Универзитетот во Штип покажавме дека не е така. Меѓутоа, прашањето е секогаш кога ќе изразите некои дилеми кои не се во согласност со владините, секогаш ви се дава политичка конотација. Ако вие сметате дека е сериозна аргументација збирот на просторната површина на сите средни училишта да се подели со вкупниот број на ученици и да се каже дека има доволен простор за сите ученици, јас не сметам и ако за тоа го прашате било кој средношколец, ќе ви се насмее и ќе ви го каже истото.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓица Грковска.

Сега давам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 14,02 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,22 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитувани пратеници.

денеска сме во ситуација кога треба да донесеме навистина важен закон, закон со кој што ќе ја градиме иднината на Македонија, закон кој што е важен за наредните генерации и закон кој што директно ќе има влијание врз животите на илјадници, илјадници луѓе кои што ќе треба да влезат на пазарот на работната сила, луѓе кои што ќе треба да ја градат Македонија и кои што ќе треба да придонесуваат за вкупниот развој и на нашето општество и на благосостојбата на нивните семејства. Што претставува овој закон?

Овој закон претставува дел од корпусот на закони и промени кои што треба да значат модернизација на македонското општество. Тоа е она што во моментов го имаме како план, она што го имаме како агенда и како предизвик на 21-от век. Како ќе ја модернизираме Македонија? Македонија ќе ја модернизираме со тоа што ќе направиме да има задолжително средно образование, со тоа што англискиот јазик ќе биде задолжителен од прво одделение основно образование, со тоа што втор странски јазик ќе се учи од петто одделение. Македонија ќе ја модернизираме со тоа што ќе имаме четврт државен универзитет во Штип, Македонија ќе ја модернизираме со тоа што ќе отвориме неколку нови факултети за информатика, Македонија ќе ја модернизираме со тоа што ќе направиме да има 100 илјади компјутери само оваа година во нашето образование. Значи, цела една низа на мерки кои што ќе значат Македонија во 21-от век, Македонија која што ќе може да биде глобално компетитивна, затоа што Македонија повеќе не се трка во глобалната економија со една, две, или пет земји, туку се трка со целиот свет. На слободниот свет му се придружија три милијарди луѓе последниве 10 години кои што работат во слободна економија и 3 милијарди луѓе ги имаме во Индија, во Кина, во Индонезија, во Филипини, во Шри Ланка и во многу земји кои што ја усвоија пазарната економија, кои што напорно работат, кои што имаат ниски даноци, кои што имаат образование граѓани и во таков аквариум, во таква ситуација Македонија треба да се натпреварува. Затоа Македонија мора брзо да се модернизира, затоа што многу заостанува, заостанува затоа што ги пропуштавме шансите додека другите одеа напред, затоа што стагнираме додека другите имаа прогрес, затоа што самите себе си како општество и како поединци, како луѓе си дававме комплименти во време кога другите ги увидуваа своите грешки и едноставно правеа договор за иднината. Значи, уште еднаш мораме брзо да се движиме и затоа овој закон треба итно да се донесе, што побрзо, за да оваа генерација македонски ученици едноставно да биде што е можно повеќе вклучена во средното образование.

Да одиме на принципите и стандардите кои го поддржуваат задолжителното средно образование. Универзалната декларација за човекови права од 1948 година дава политичка и морална поддршка единствено на едно образование кое што ќе биде задолжително, кое што ќе биде достапно, кое што ќе биде сеопфатно инклузивно. Понатаму, Светскиот форум за образование од 2000 година вели дека, слободно и задолжително образование и тоа притоа образование со добар квалитет за сите до 2015 година. Значи оваа цел ние сме си ја задале како човештво, оваа цел е нешто кон кое што тежнееме како цивилизација, како генерација на светско ниво.

Уште еднаш ќе прочитам: слободно и задолжително образование и притоа образование со добар квалитет за сите до 2015 година. Но, дилемата која што денес се поставува пред многу општества не е дали постои, или не, да се зголеми задолжителното елементарно образовние, туку дали треба да се зголеми и траењето на задолжителното образование. Прашањето е многу суштинско, а резултатот од оваа дебата ќе има влијание врз образованието на идните генерации, ќе има директно влијание врз животот на 28 илјади ученици од Македонија кои што секоја година завршуваат основно образование. Од тие 28 илјади ученици, 26 илјади продолжуваат во средното образование. Имаме една бројка која што можеби како бројка, или како цифра во вкупната бројка не значи многу од 2278 ученици, значи 2200 ученици кои што не одат од основно во средно образование. И тоа со оние 28 илјади не изгледа многу. Но, навистина изгледа многу кога тие ученици, тие деца, тие младинци ќе ги видиме под мостовите како спијат, кога излегувајќи од дискотеките ќе питачат, кога додека ние чекаме семафорот да се отвори, тие надвор на температура од минус пет, нула степени или десет степени бараат со испружена рака нешто да им се помогне, тие деца ги гледаме во поправните домови, ги полнат црните хроники, тие деца едноставно немаат шанса во животот, ги добиваме понатаму од заводите за вработување, ги добиваме понатаму во други црни хроники кои што се карактеристични за луѓе од средната доба, едноставно добиваме незадоволни поединци во општество кое што не им дало шанса, во општество во кое што се пропуштиле шансите, во општество кое што на некој начин било индолентно спрема она што се нарекува иднина на тие 2200 млади луѓе годишно кои што не поминуваат од основно во средно образование.

Вие спомнавте проблеми кои што се реални, кои што се објективни, но проблеми кои што не одат во прилог на тоа овој закон да не го изгласаме. Уште еднаш ќе кажам вашите забелешки се коректни и можеме да дискутираме.

И за просторот имаме добра аргументација, ќе ги споредиме и вашите аргументи. Можеме да зборуваме за транспортот. Ние имаме аргументи, вие имате аргументи. Но, вкупната одлука треба да биде позитивна, затоа што уште еднаш ќе кажам, станува збор за 2200 луѓе, за десет години тоа се 22 илјади луѓе. 22 илјади луѓе кои што едноставно градејќи ги овие средни училишта, врзувајќи ги кон средното образование, едноставно ќе ги деконструираме затворите во Република Македонија, ќе им дадеме помалку работа на заводите за вработување, едноставно луѓе кои што ќе можат во оној глобализиран свет кој што пред малку го спомнав рамноправно да се натпреваруваат.

Одиме понатаму со аргументацијата. Инвестирањето во човековиот капитал доведува до значително подобрување на пазарот на трудот што пак на долг рок резултира со подобра перспектива за вработување и повисоки даночни

приходи што ги надминува трошоците на инвестирање. Токму затоа најдобрата инвестиција е токму инвестицијата во знаењето и инвестицијата во образованието. Со тоа се намалува социјалниот диспаритет, социјалните разлики во државата и значително се подобрува вкупната социјална слика во државата. Ние имаме ситуација во моментов на родители кои што немаат пари, едноставно немаат пари во моментов да им платат карти, слободни карти за билет на пример во Скопје, или во внатрешноста од некое село до градот и едноставно нивните деца се осудени да не можат да продолжат понатаму кон средното образование. Значи, имаме ситуација каде што родителот е сиромашен со основно образование, или со било какво образование не може на своето дете да му плати и да оди во средно образование. Таквото дете има многу поголеми шанси утре да биде невработено одошто она дете кое што завршило средно образование, или високо образование. Ако ја погледнете вкупната бројка на невработени во Република Македонија ќе видите дека најмногу невработени луѓе се оние кои што имаат основно образование, или оние кои што немаат завршено. Ние со овој закон ќе го направиме токму спротивното, ќе направиме многу поголема бројка, речиси сите во Република Македонија да имаат средно образование. На тој начин уште еднаш ќе кажам, ќе бидеме покомпетитивни и како држава, но исто така и нашите млади како поединци. Исто така, тоа влијае и на намалување на опасноста од злоупотреба на детскиот труд. Сите сме сведоци, сите гледаме и на Дојче Веле и на СНН, но исто така и во црните репортажи на А-1, на Македонската телевизија, на Сител и на другите телевизии во Македонија каде што имаме злоупотреба на детскиот труд. Тие деца имаат 14 години, 15 години, 16 години и работат буквално амалски работи. Да направиме со законот за средно образование макар 10, 20, 50, или 100 од тие деца едноставно да не бидат изложени на такви напори, на такви одземени сништа и одземени шанси во животот, ќе донесеме вистинска улога. А ние тука не зборуваме ниту за 10, ниту 20, ниту 50 луѓе, туку зборуваме за 2200 луѓе, 2200 млади луѓе кои што имаат име и презиме, кои што имаат сопствена приказна, сопствена несреќа. Јас не велам дека ние ќе ги решиме сите нивни проблеми со овој закон за задолжително средно образование, но ќе почнеме да ги решаваме проблемите, ќе им дадеме шанса, затоа што поинаку немаат шанса. Погледнете ги конкурсите за работа во весниците. Кој во моментов во Македонија бара да вработи луѓе кои што имаат само основно образование? Речиси на сите места се бара минимум средно образование, речиси на сите места се бара англиски јазик, се бара познавање со компјутери. И затоа мора да ја модернизираме Македонија со 100 илјади компјутери кои што ќе ги набавиме оваа година, со задолжителното средно образование, со задолжителниот англиски јазик од прво одделение за секое дете во Македонија. Така ќе ги отвараме шансите, така сите во Македонија ќе можат да конкурираат за отворање на новите работни места.

Понатаму, како заклучок се изведува следното. Образованието на просечноит или слабиот ученик да го продолжи школувањето со продолжување на задолжителните години на образование претставува инвестирање кое на долг рок создава бенефиции за општеството во целост. Колешката Виолета Ташева кажа многу добро. Имаме три, условно кажано институции кои што генерално ги обликуваат младите луѓе. Првата е семејството, тука се добива есенцијалното воспитување. Второто е образованието. Трето е улицата. Да видиме каде се наоѓа нашето семејство денес. Нашето семејство боледува од социјална патологија каде што секоја година, од година во година имаме зголемен број на разведени бракови, имаме детска проституција, имаме работи кои што не се случуваа во нашето општество, но едноставно денес стануваат секојдневие. И зголемувањето на таа црна статистика не значи дека тоа треба да стане општо прифатено, или да се помириме со тоа, туку напротив, дека проблемот е поголем.

Второ, да се осврнеме на образованието, образованието кое што од година во година имавме две генерации, иумавме зголемување на бројот на ученици кои што не се опфатени во основното образование и тој тренд треба заеднички да го спречиме. Ова е една од мерките со кои што ќе го пресретнеме овој предизвик. Јас ќе спомнам некои работи кои што се однесуваат на средствата, а доведете го тоа и во корелација со вкупните вложувања на Република Македонија во 2007 година во врска со образованието. Ова се бројките, ова е статистиката, ова се аргументите на цифрите кои што би сакал да ги соочиме. Во 2006 година имавме наменски дотации од централната власт, значи од Владата на СДСМ која што го усвои претходниот Буџет, а имаме и сега наменски дотации. Разликата е што наменските дотации во 2007 година за образование се зголемени за 28,4%. Јас не велам дека тие наменски дотации ги решаваат сите проблеми на основното образование или на средното, или на другите видови образование. Не. Но, сепак, значи многу повеќе решавање на работите кои што беа пред една година. Значи, уште еднаш, бројките се 820 милиони денари во текот на 2006 година со една милијарда 53 милиони денари кои што ќе се одвојат оваа година, или во евра 13,4 милиони евра во 2006 година, а овој Буџет кој што го усвоивме како парламентарно мнозинство ќе имаме наменски дотации од 17,2 милиони евра. Кога зборуваме за буџетската сметка на Министерството за образование доаѓаме до следниве бројки. Во 2006 година Владата на СДСМ одвои 10 милијарди 339 милиони денари. И навистина тоа е сума за респект. Но, факт е дека проблемите во образование се бројни, се големи и се таложат со години. Оваа Влада, ова парламентарно мнозинство усвои Буџет со кој што за

образованието според буџетската сметка се одвојуваат 11 милијарди 466 милиони денари. Тоа е зголемување на 10,9% за една година. Да заокружиме 10,9%, тоа е 11%. Значи за 11% го зголемуваме Буџетот за образование за само една година од 2006 до 2007 година. Што е тоа, ако не давање на шанси на илјадници и илјадници ученици од Република Македонија за 21-от век во кој што тие треба да живеат, да работат, да творат, да ја градат оваа Македонија.

Кога зборуваме за образованието не може уште еднаш да не се спомнат оние 100 илјади компјутери кои што ќе значат фаќање на приклучок со 21-от век. Јас сум сигурен дека во минатиот мандат и заменик министерот Герамитчиоски и Славица Грковска како претседател на Комисијата имале свои напори, имале свои залагања, имаат свои постигнувања во врска со образованието. Но, исто така имаме и пропуштени шанси, имаме национална стратегија која што во 2004 година беше усвоена, но многу малку беше направено таа да се спроведе , едноставно беше документ кој што е усвоен, но не е операционализиран, а неоперационализиран документ во образованието значи 2, 3 изгубени генерации, значи 28 илјади луѓе годишно, за две години 56 илјади луѓе, за 3 години тоа се веќе некаде околу 96 илјади млади луѓе. Значи бројките се навистина огромни. Ако ние каскаме, ако заостануваме, ако ги пропуштаме шансите за 3, 4 години ќе имаме 100 илјади луѓе од Македонија кои што пропуштиле делови од нивното образование и ќе треба да ги надокнадуваме после со курсеви, со нови ребаланси, со нови, нови мерки кои што ќе значат понатамошни трошоци.

Одиме понатаму во врска со она што го имаме како бројки и факти. Средното образование се остварува во 30 општини во Македонија и во градот Скопје. Средното образование се остварува во 98 училишта од кои 93 јавни училишта, 10 државни, 21 училишта на град Скопје и 62 општински училишта. Имаме огромен број на струки кои што и се потребни на Република Македонија. Значи, тука станува збор и за економско правна и за машинска струка, електротехничка, земјоделско-ветеринарна итн, итн. Треба повеќе да ја воведеме информатичката струка. Јас сум сигурен дека ќе добиеме и понатаму конструктивни предлози од министерот Рушити од државниот секретар Петар Стојановски, од заменик министерот Јован Лазаров и од сите луѓе кои со ентузијазам работат во Министерството за образование да ги подобриме вкупните состојби.

Значи одиме повторно на оние бројки кои што јас би сакал да ги спомнам а кои што во претходната реплика само кратко во околу 30-тина секунди ги објаснив, но би сакал дополнително да ги елаборирам.

Во Република Македонија имаме ромска популација. Имаме една голема млада ромска популација која што е жедна за образование. Имаме ромска популација која што во наредните две, три, пет или десет години ќе се соочи со енормни и предизвици но исто така и ризици. Значи, тоа се оние уште еднаш да ве потсетам 2200 млади луѓе кои што од основно не одат во с средно, а добар дел од нив не завршуваат ни основно училиште. Доколку како држава, како општество, како Парламент, Влада, како Министерство, како пратеници и како одговорни луѓе не реагираме навреме тие деца кои што сега имаат 7 години, 8, години, 12 години и ако не им ја дадеме шансата добро да се образуваат утредента ќе ги гледаме и под мостовите и како питачат и како бегаат во Италија и како бегаат во Словенија како аргатисуваат на полињата, ќе ги гледаме во затворите, едноставно социјална слика која што воопшто не и одговара на Република Македонија. Ќе ги гледаме и во криминал, ќе ги гледаме на сите оние места каде што едноставно не треба да ги гледаме и не важи тоа само за Ромите, важи за било која популација. Јас зборувам особено за ромската популација затоа што таа е најзагрозена, социјално најмаргинализирана популација во Република Македонија. Донесувајќи одлука за задолжително средно, ние посредно се обврзуваме да изградиме средно училиште во Шуто Оризари, населба која што има околу 25 илјади жители а во која што има некаде околу 15 илјади млади луѓе. Тие 15 илјади млади луѓе мора некако да ги опфатиме. Подобро да им дадеме образование одошто да бидат после сместувани по затвори, по прифатилишта или некаде како што реков пред малку со сите оние консеквенции на социјалната патологија. Тоа важи и за децата Македонци и за децата Албанци истото важи и за децата Власи, Срби, Бошњаци за сите нас како држава. Значи не зборуваме тука за било каква партиска позиционираност, туку зборуваме за предизвикот на 21-от век.

Вашиот аргумент беше валиден, од 2200 луѓе кои што не одат од основно во средно образование, не можеме да ги опфатиме сите да одат после тоа во средно, се согласувам. Но, да направиме, 1500, 1600, 1700, повеќе луѓе да одат во средно образование тоа се 1700 подадени раце, 1700 повеќе шанси од страна на државата.

Би сакал да спомнам неколку работи што се однесуваат на инфраструктурата. Инфраструктурата во средното образование во Република Македонија беше спомната и слушнавме илјадници метри квадратни бројка итн. Но, она што го имаме како факт, а тоа е дека во средните училишта имаме 12% повеќе место, отколку ученици што се запишуваат. Значи, уште еднаш во сите средни училишта во Република Македонија имаме 12% вишок слободен простор кој што е неискористен. Ете, тоа е шансата која што ни се пружа, која што можеме да ја искористиме. Знам дека тука постојат диспаритети од општина до општина. Имаме општини каде што имаат 30% слободен простор, има општини каде што треба да се гради уште едно училиште. Но, ајде да почнеме да ги нивелираме тие разлики. Едноставно, да

правиме помали диспаритети меѓу општините во Република Македонија, а еден од тие инструменти е задолжителното средно образование.

Има исто така, уште еден момент, а тоа е директно поврзан со диспаритетот во Република Македонија.

Почитувани колеги, не зависно од која партија припаѓате, од кој изборен регион, дали доаѓате од Скопје, дали доаѓате од Битола, од Тетово, од Штип, или од било кое место. Сетете се, ги повикувам и гледачите на македонската телевизија, или прашајте во вашето училиште, вие кои сега имате 40, 50 години, своевремено кога вие сте биле во основно училиште, колку ученици имало во прво одделение, а прашајте колку има сега. Јас ќе ви го кажам примерот со мојата општина, тоа е општина Аеродром. Јас кога бев во трето, четврто одделение, ние бевме во генерација 8 класа и бевме во клас по 38-40 ученици. Тоа беше ОУ "Ѓорѓија Пулески". Денес во истото училиште има 6 класа на ученици во секој има по околу 25-27 ученици. Значи, бројот на ученици е намален за околу 30%. Мислам дека состојбата не е ништо поразлична во Куманово, во Охрид, во Гевгелија, или на некое друго место. Значи, проблемот не е со просторот. Значи, имаме простор, но за жал, во Република Македонија вкупно секоја година има се помалку и помалку ученици. Имаме ситуација каде што имаме стотици и стотици луѓе кои што имаат завршено Педагошки факултет, но едноставно нема деца на кои ќе им предаваат. Дајте да ги видиме штипските училишта, дајте да ги видиме струмичките училишта, да ги видиме училиштата во Кочани, во Гевгелија, во Крива Паланка. Секоја година се помалку и помалку ученици. Во Пробиштип, можам малку да згрешам со по некоја бројка, пред 15-20 години имало вкупно годишно по околу 150 деца, а сега има 60-70, а имаме поголем број на луѓе кои што можат да им предаваат на тие деца.

Значи, во секој случај имаме образован кадар, кој што ќе го вработиме и кадар кој што може едноставно да ги учи и да им дава влијание на младите генерации за тоа како да бидат подобро обучени за животот.

На крајот би сакал исто така да спомнам и еден дел, кој што се однесува на невработеноста во Република Македонија, а тоа е дека убедливо најголема невработеност имаме на луѓето кои што имаат основно образование, или кои немаат завршено основно образование.

За крај, што да кажам? Тоа е дека мораме да одиме напред и мораме да носиме одлуки кои што се корисни. Гледам тука во забелешките претходно беше спомнат и примерот на Хрватска. Јас ова утро во 11 часот се сретнав токму со парламентарци од Хрватска и тие го спомнаа овој пример, односно аргумент. Тоа беше следново: дека сигурно ќе го воведат задолжителното средно образование, а дека единствената дилема е дали да го менуваат Уставот сега веднаш и за средното образование или да чекаат подобрување, односно адаптирање, да бидат поврзани со Европската унија. Значи, дилемата не е дали ќе се гласа нешто, туку кога ќе се гласа и дилемата е дали ќе се менува и Уставот постепено или ќе се менува одеднаш со работите кои се поврзани со нивното пристапување кон Европската унија.

Значи, задолжителното средно образование во Хрватска ќе го подржи и владеачката десница и опозицијата Социјал демократска во хрватскиот случај, така што, исто така, сака нивното општество да оди напред, која што ќе даде подршка за ваквиот предлог на нивната Влада.

Тоа се работите кои што треба да ги споменеме. Уште еднаш би повторил дека мораме да чекориме брзо, дека мора да го модернизираме македонското општество, дека промените се нужни и еден од таквите инструменти, еден од инструментите на давањето на шанса на 21 век е токму ова што сакаме да го изгласаме сега, а тоа е Законот за задолжително средно образование. Се надевам дека сите заеднички ќе го подржиме, затоа што станува збор за општ бенефит, за општа добродет која што ќе и се случи на нашата држава. Ќе имаме пролеми, но ќе ги решаваме во од, важна е волјата, а со волјата што ја имаме, средствата кои што ќе ги лоцираме, со инфраструктурата која што ќе ја градиме, со едноставно, подадената рака и заедничкото работење, мислам дека ќе направиме чекори кои што ќе бидат навистина важни за цела Македонија во декадите кои што следат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Прва за реплика е пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Слушајќи го говорот на почитувниот колега, очигледно дека им влеја многу надеж на македонските граѓани, но не значи така се што го кажа. На самиот почеток да се разбереме, сите ние сме за реформи во образованието и навистина во тој дел се согласувам дека нам ни се потребни реформи во образованието, но почитуван колега, задолжително средно образование, само по себе не подразбира и квалитетно образование, затоа што треба да се подготвиме за да можеме да го подигнеме квалитетот на средното образование. А тоа што значи? Тоа значи да се дефинираат одредени стандарди, како што е сеопфатниот стандард на ниво на образовна програма. Потоа, стандардот на потребните услови, како и на квалификации, стандардот на клучните компетенции, стандардот на сертификатите. Секако, во најголема мера треба да се обрне внимание и на кадарот кој што го имаме, како на нивното образование, така и на нивното дообразование.

Почитуван колега, дека не е така како што вие кажавте, се повикувате на децата кои што се наоѓаат под мостовите, кои што ги среќаваме пред семафорите. Тоа се деца од основно

образование. Ние имаме задолжително основно образование во Република Македонија. Значи, други се механизмите кои што треба да се превземат за да можеме да говориме за квалитетно образовние и да можеме на сите овие деца да им пружиме можност за школување. Многу е лесно да се спомне ромската попилација. Но почитуван колега кај ромската популација клучниот проблем е што тие не го завршуваат основното образование. Кога ќе се запишат во средно образование, погледнете ја статистиката, најголем број го завршуваат средното образование, иако претходното е задолжително, а ова не е задолжително. Значи, кај нив е проблемот. На тој проблем работев минатата година и овие се податоци кои што ги имам од Министерството за образование и наука. И уште во еден сегмент би сакала да ви реплицирам. Многу убаво звучеше, поготово на граѓаните ќе им прозвучи убаво околу вработувањето. Но почитуван колега, најголемата бројка невработени во Република Македонија се точно со средно образование, или вкупно 157.500 од кои што еден дел се со три годишно образование, а другите со 4 годишно образование. Ако тоа во проценти го споредите, процентот е поголем отколку оние со основно образование. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра репликла пратеник Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Госпоѓо Топузова Каревска, јас се согласувам да работиме заедно и да можеме да ги размениме аргуметнтите со кои што ќе дојдеме до заеднички зклучоци кои што се неопходни. Има една акциома, која јас ќе ви ја кажам. Тоа е дека во Македонија од вкупното население имаме 50% од луѓето кои што се со основно образование, незавршено образование, или без образование. Од тие луѓе, од тие 50% од нашите македонски граѓани, само 30% работат. Кој во Република Македонија во која област може да се вработи доколку има завршено само основно образование. Има неколку шанси, но многу тешко. Ако има средно тогаш се шансите многу поголеми и на тој начи ќе имаме социјална мобилност. Социјална мобилност која што ќе значи шанса, социјална мобилност која што ќе значи децата да ја немаат истата судбина на родителите кои што некако го прегрнале животот, но ете, зошто нивните деца да не живеат подобро. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Мојата реплика на претходниот дискутант се однесува на неколку сегметни. Слушајќи го на прв поглед добив впечаток дека во Македонија тече мед и млеко. После 5 јули се е подмачкано и се е како што треба да биде. Меѓутоа, почитуван колега Ѓорчев заборавивте неколку работи. За ромските деца не е проблемот за тоа што децата не завршуваат основнот образование. Децата се запишуваат и во средно образование кои имаат економски можности. Не е проблемот во тоа дека децата не сакаат да учат или се под мостовите, или се на улица. Дали вие како пратеник од позицијата, или како човек кој што имавте дискусија и сега нормално, телефонскиот разговор ви е побитен, отколку дискусиите тука, меѓутоа, јас ќе зборувам, а вие ако сакајте слушајте, но се надевам дека министерот ќе слуша. За економскиот стандар дали сте направиле математика колку едно дете во средно образование го чини родителот. Сигурно вие за тоа немате сознание, затоа што знам дека немате дете во средно образование и нормално дека тоа не ве интересира. Дали родителот може да издржи две деца во средно образование. Прашајте ги родителите коИ што имаат деца надвор од родното место на живеење да студираат или да учат. Многу е лесно да излезете паушално и да излезете со бројки.

Третиот сегмент кој што е исто така многу битен, дали наставниот кадар, осносно професорите во средното образование се задоволни од нивните примања. Дали тие имаат услови за да примат одреден број на нови ученици. Сметам дека не се ниту тие задоволни, ниту тие имаат услови да ги примат новите ученици. За тоа треба да се створат услови. Најбитно е прво да го подобриме економскиот стандард. А само по себе ќе дојде проектот задолжително средно образование. Никој не е против средното образование да биде задолжително. Меѓутоа, имаме многу против како овие луѓе и надвор што се пред Собранието, како и други луѓе кои што едвај крај со крај скрпуваат своите деца да ги пратат не во средно туку во основно образование. Многу брзо ќе дојдете и ќе се соочите и со тој факт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Колега Серафимов, вие рековте да го подобриме економскиот стандард, па после тоа ќе го подобриме и образованието во Република Македонија. Овие две работи се едноставно упатени и нераскинливо поврзани. Образованието во една држава и економскиот стандард се нераскинливо поврзани. Ние не можеме да го подобриме стандардот ако едноставно не го подобриме образованието и обратно. Затоа треба да одиме паралелно со двете работи, затоа што ако ние утре како држава немаме инжинери, ако немаме електромеханичари, ако немаме доктори, ако немаме учители, ако немаме информатички техничари нашата држава во 21 век нема да може да оди напред. А, во врска со тоа дали родителот може да издржи уште едно дете, ако средното образование биде задолжително државата ќе мора да му ги плати трошоците за превоз итн. Значи ќе имаме ситуација која ќе биде многу подобра токму од оваа гледна точка која вие ја спомнавте.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Продолжуваме, има збор, вие можете да останете за збор бидејќи почнаа репликите кога вие се пријавивте.

(Реакција од пратениците.).

Се извинувам, во тој случај правиме исклучок, повелете три минути за реплика пратеник господин Хасипи Кенан, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Слушајќи го излагањето на господинот Ѓорчев се стекнува доем дека во желбата што побргу да ја подржи оваа иницијатива на Владата за малку направи мед и млеко, посебно во делот на образованието на немнозинските заедници. Бидејќи беа спомнати и Влашката, и Српската, и Бошњачката и Ромската заедница. Не, господине Ѓорчев ако ги погледнете статистичките показатели ќе видите дека се работи само за 12% осмо одделенци кои не се запишуваат во средно училиште од кои што 90% го сочинуваат припадниците на останатите заедници. Во овој момент средното образование не е проблем за македонската етничка заедница, бидејќи таа према моите сознанија 97% од осмо одделенците се запишуваат во средна школа. Меѓутоа, изгледа дека тезите се поставени наопаку. Јас ќе поверував дека оваа идеа на Владата е благородна доколку паралелно со она што пишуваше во образложението Владата се ангажираше да каже на кој начин со кои методи, преку кои институции ќе обезбеди континуирана едукација и замена на недостигот на кадри што е главен проблем на останатите заедници. Дали тоа мисли да го направи со Педагошкиот факултет во Скопје, кој што едуцира кадри само за претшколска и одделенска настава, а имаме уставно загарантирано право на образование на мајчин јазик во основно и средно. Јас такво нешто не гледам во предлогот на Владата. Не гледам стратегија. Вие ќе ве молам, нашиот проблем во овој момент не е дали сме 60 и 70 или 80% посетуваме настава во средно образование, туку дали имаме можност да посетуваме настава на мајчин јазик. Нам вратите за едукација за средно образование на друг јазик ни се ширум отворени. Суштината е да го преточиме мултиетничкиот карактер на државата во можноста да ги едуцираме и останатите припадници на етничките заедници на нивниот мајчин јазик. Тука најголемиот проблем е на недостиг на кадри не поради тоа што ние имаме ниска педагошка култура, па сега немаме волја да се едуцираме во средно и високо образование. Инаку, ако се работи за прости желби па нема ни уставна пречка да воведеме и задолжително високо образование. Да го направиме тоа и ќе бидеме наједуцираното население во Европа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Хасипи вашата добра квалитетна реплика говори дека треба да работиме заедно, дека имаме проблеми кои заеднички треба во од, да ги решаваме. Законот не ги исклучува овие работи кои што вие ги спомнавте. Напротив ги афирмира и едноставно ги кажува како потреба, како едноставна ситуација која што целото македонско општество треба да ја разрешува.

Јас ќе ви спомнам уште еднаш еден од модалитетите, а тоа е дека само за една година имаме зголемување на буџетската сметка од вкупно од 18.000.000. евра, вкупно 11% биле дадени за образование во 2006 година во Буџетот што сте го гласале вие 169.000.000 евра, сега 187.000.000 евра. Не велам дека сите проблеми се решени, не, проблемите се огромни, бројни и на наставниот кадар и во инфраструктурата и на учениците, но со зголемување на средствата и со законите кои што ќе ги усвојуваме ќе почнеме да ги решаваме проблемите и подобруваме состојбите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега,

Продолжуваме, има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска-Георгиевска.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Од дискусиите кои сите имавме можност да ги слушнеме на нашите колеги и од позицијата и од опозицијата за ова многу значајно прашање како што е средното образование сметам дека може да заклучиме дека сите имаме една заедничка цел, дека наша заедничка цел е да имаме здрави генерации, да имаме едуцирани генерации, да се намалат социопатолошките појави, а сето тоа да придонесе кон развој на нашето општество и останување на нашите генерации во нашата држава. И, мислам дека треба да сме радосни што имаме таква заедничка цел.

Но, има нешто во што и се разликуваме, а тоа е прашањето како да стигнеме до таа цел. Мнозинството се залага за формално достигнување на целта, а опозицијата за ова прашање се залага за постигнување на целта, но дефакто, фактички да можеме да кажеме дека тоа што наша заложба сме го оствариле. И, токму затоа со жалење констатирам дека Владата на Република Македонија го избра погрешниот пат, погрешниот правец и погрешен начин на поставување на ова прашање.

Сметам дека не треба да се натпреваруваме пред граѓаните кој се залага за задолжително средно образование се залага за развој на Македоија, а кој е против задолжителното средно образование да се санкционира во закон дека е против развојот на Македонија. Мислам дека навистина не треба да си дозволуваме едни такви волунтаристички заклучоци затоа што треба да се осврнеме и на тоа во каква фаза во моментов се наоѓа Република Македонија, кој процеси се за нас значајни, како ваквите сериозни прашања ги решаваат другите држави и затоа не можеме да го заобиколиме прашањето на владеење на правото, принципот на владеење на правото, на правната држава кои се едни од

основните копенхагеншки критериуми чие што почитување треба Република Македонија најнапред да ја доведе во фаза на преговарачки статус за членство во Европската Унија, а потоа и за членство Европската Унија.

Исто така реков треба да правиме разлика помеѓу тоа како другите држави ги решаваат овие прашања и како настојува Владата во овој случај во Република Македонија да го реши ова прашање.

Ако за вакви прашања во други држави се отвараат општи дебати, јавни расправи во кои што се вклучува експертската јавност за да се оцени дали е потребна измена на Уставот, дали прашањето може да се реши со измена на законско решение, кај нас немаме ништо од тоа, туку одиме по правци кои што Владата во моментот ќе смета дека се исправни. Пред неколку месеци имаме уставни измени, сметаше Владата дека треба да се реши ова со измена на Уставот , па се предомисли и сега имаме законски решенија. Тоа значи дека не сме го одбрале баш вистинскиот правец. Реков искоствата од другите држави покажуваат нешто друго, значи потребна е широка дебата.

Јас сметам дека за ова прашање многу е важно да се напомене дека може да се постигне целта која што е заедничка со изготвување на развојни стратегии, планови чија што реализација на крајот самата ќе не доведе и до формално констатирање на тоа што веќе реално сме го постигнале. А, зошто сметам дека Владата греши во пристапот. Исто така сметам дека Владата не е ни целосно свесна што започнува, или пак не е ни целосно спремна со започнување на тоа што во моментот реално го прави. Тоа беше случај и со измената на Уставот за што имавме закачано и седница за 26 декември, прва точка беше иницијативата за измена на Уставот на Република Македонија.

Сметам дека не се имало никаква стратегија во однос на ова прашање освен претходно ветување, предизборно со цел да се освои власта затоа што читањето на иницијативата за измена на Уставот со која што се предлага воведување на средното образование како задолжително е чист препис на иницијативата за измена на Уставот од 2005 година, која се однесуваше на сферата на правосудството, само зборовите судски реформи се заменети со реформи во средното образование. И затоа немојте да сметате дека ви одземам од времето ако допуштам да прочитам делови и од Иницијативата за измена на Уставот од 2005 година, споредено со оваа иницијатива.

Во Предлогот за пристапување кон Уставот на Република Македонија од 2005 година, во сферата на судството уште во иницијалниот дел стои, а тоа е објавено во една брошура Процес на измени на Уставот на Република Македонија – реформа на правосудниот систем, стои: “од тие согледувања произлезе заклучокот дека заради интензивно и успешно остварување на реформите во оваа област потребна е промена на уставните основи на правосудството”.

Па во иницијативата од декември месец поднесена за средното образование стои: “од тие согледувања произлезе заклучокот дека заради интензивно и успешно спроведување на реформите во образованието потребна е промена на уставните основи на образованието како дејност од јавен итерес”. Дури и првата реченија не ја спомна. “ Во функционирањето на Уставниот систем во Република Македонија од донесувањето на Уставот од 1991 година, до денес воочени се одредени слабости во работењето на институциите во областа на правдата кои наметнуваат потреба од нивно реформирање”. И сега, внимавајте, оваа иницијатива, “во функционирањето на уставниот систем на Република Македонија од донесувањето на Уставот од 1991 година, до денес воочени се одредени слабости во основите на системот на основното и средното образование што наметна потреба од одредени измени во Уставот на Република Македонија”. Нема да читам се, само еве неколку реченици сао за да ве уверам бидејќи таа точка дефинитивно не дојде како точка на дневниот ред и верувам дека повеќе со овој материјал се имаат запознаено членовите од Парламентот кои се членови на Уставната комисија . Продолжува, “Основна цел на реформата во правосудството е развивање на европски стандарди во сферата на правдата и понатаму продолжува “двата клучни столба на кои ќе се потпира реформата на правосудството се јакнење на неговата независност со зголемување на ефикасноста”, се враќам на текстот на оваа Влада “Основна цел на реформата на образовниот систем е приближување кон европските стандарди во сите степени на образованието, основнот, средното и високото образование” и продолжува “двете клучни насоки “. Ептем не можело да се прафразира двата клучни столба, па двете клучни насоки е сменето.

Потоа, имајќи го предвид значењето на прашањата што ќе се остварат со измените на Уставот на Република Македонија во рамките на Министерството за правда е формирана работна група со претставници од сите правосудни институции итн, која ќе работи на измена на Уставот. И во овој текст стои Имајќи го во предвид значењето на прашањата што ќе се отворат со измена на Уставот на Република Македонија во рамките, сега, во Министерството за образование и наука формирана е Работна група која ја утврди потребата за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија и во таа смисла изготви Предлог за пристапување кон Уставот на Република Македонија итн, итн, колеги.

Ако некоја влада ако една влада има замисла за тоа како треба да реализира некоја цел, ако смета дека е потребно за тоа да се измени Уставот на Република Македонија нема да препишува претходно изготвени иницијативи,

туку ќе изготви оригинерни акти кои ќе бидат добро аргументирани. Но, бидејќи не е така, значи Владата самоволно си пристапи кон измена на Устава, сама почна иницијатива, не прашуваше ниту експерти, ниту ништо, овде во Парламентот губевме време, значи месеци од нашата работа наместо за тоа време да расправаме за прашања од сферата на економијата, да расправаме како да го подобриме животниот стандард на граѓаните, ние започнавме седница на Парламентот, но ја одлагамве оваа точка од прва стана последна. Имаме закажно седница или имавме закажно седница на Уставна комисија, дебатиравме, расправавме, и на крај бидеќи Владата пред некој ден го повлече тој предлог за пристапување кон измена на Уставот, констатираме дека за џабе сме го потрошиле и времето и парите работејќи на ова прашање.

Значи, повторно без да се консултира експертската јавност Владата продолжува но сега со измена на Законот. Несериозно е за вакво прашање да мислите најнапред да треба да се менува Устав, па да се предомислувате и да сметате дека тоа треба да се реши со зкон.

Нема да навлегувам во прашањата за тоа дали е уставно или дали не е уставно. Самиот иницијатор, предлагачот треба да знае колку е ова прашање сериозно да знае на каков начин треба да ја води дебатата за да ја постигне целта. Но нас овде, барем на мнозинството не е целта да се постигне нешто позитивно туку целта е да се постигне нешто на било каков начин за да се покаже дека опозицијата била против тоа. Сметам дека навистина е погрешен пат кон решавање на проблемите во Република Македонија. Значи го започнавте прашањето, но и вие самите верувам од парламентарното мнозинство не можете во моментов да одговорите дали менувањето на Законот е уставно или неуставно, туку затоа што Владата ви кажала дека мора да гласате, дека мора да се смени овој Закон и така ќе гласате. Зошто овој процес Владата го води вака? Заради тоа што во моментот кога се започна иницијативата, значи кога започна постапката по иницијативата за измена на Уставот недостасуваше било каква аргументација за потребата од пристапување кон уставни измени.

Во повеќе наврати и во дискусиите помеѓу политичките партии беше дискутирано за тоа дека е важно да имаме одредени анализи кои што ќе ја оправдаат иницијативата за да може сериозно да пристапиме со прифаќање на иницијатива во Парламентот со 2/3 мнозинство. И бидејќи не ви беше битно да направите такви анализи кои основано ќе не доведат до заклучокот дека треба да ја прифатиме иницијативата се повлековте од тоа. Јас се запрашувам, зошто ако сметате сега дека не треба да се смени одредбата за тоа и да се воведе и задолжително средно образование, зошто тогаш законодавецот тоа го пропишал за основното образование. Зарем тоа не ви побудува дилема. Зарем тоа не ви побудува интерес да размислувате дали обратното решение да го туркате ќе биде противуставно. Но, вам ви е битно како што споменав да дојдете до целта, да кажете ние само со нашите гласови го постигнавме ова, не ви е битно што ќе се случува во иднина. И затоа сметам, пак ќе напоменам дека ова е погрешна насока, погрешен начин на водење на работите бидејќи никој нема против образованието.

Сите ние како граѓани на Република Македонија треба да се грижиме како ги оствaруваме овие цели.

Во однос на решенијата за тоа кое образование е задолжително, а кое образование не, искуствата во земјите се навистина различни. Да се навратам повторно на образложението што сега го давате со Законот бидејќи Владата не изготви и не достави до пратеничките групи и до пратениците сериозна документација од која ние навистина ќе се увериме дека е потребно да пристапиме кон измена на Уставот. Полесно и беше на Влада да ја повлече иницијативата и да достави предлог за измени и дополнувања на Законот за средно образование кое може да го изгласа без гласовите на опозицијата со една за Владата аргументација но не и за пратениците.

Ако внимателно го прочитавте ова и колегите од позицијата ќе сватат дека тоа што е доставено до нас како прилог кон измените и дополнувањата на Законот е само констатација на состојбите кои што постојат во Република Македонија, но никако не значи решавање на проблемите со кои би се соочиле кога средното образование ќе биде задолжително. Во спротивно ако ова навистина беше цврста аргументација ќе се продолжеше со постапката за измена на Уставот и овие аргументи тука ќе можевме да ги користиме.

Реков, овие податоци се навистина констатации, колку училишта имаме, колку образовани кадри имаме, колку вработени наставници и што е разликата од констатацијата до тоа што ни е потребно. Констатирано е дека потребата што се наметнува како зголемување на бројот на кадар доколку средното образоваие биде задолжително е зголемување на бројот на наставниците за 100. Но, внимавајте за две значајни прашања е наведено следново и тука се нашите дилеми, ученичките домови, превозот на учениците. Наведено е дека во Република Македонија има 22 ученички дома и тоа во Скопје 5, итн, а согласно направените анализи капацитетите на постоечките училишни домови 4.000 легла би можеле да ги прифатат учениците кои ќе одлучат да го продолжат средното образование во училишта во други општини. Во моментов по основ на реконструкција, адаптаци и опремување како и дополнителни средства за партиципација, за сместување и исхрана на учениците во домовите не можат да се пресметаат фискалните импликации од причина што не се знае соодносот помеѓу учениците кои би се определиле да се сместат во дом и оние кои би патувале од местото на живеење до училиштата.

Зарем ова е сериозна аргументација, неможност да се пресметаат фискалните импликации ако тие се една динамичка сила која што не води напред и од тоа одлучуваме дали нешто ќе правиме или нема да правиме. Значи немаме фискални импликации за едно значајно прашање. А, многу вешто за едно исто така битно прашање превоз на учениците се избегнува одговорноста на Владата. Наведено е согласно првата фаза од децентрализацијата превозот на учениците е во надлежност на локалната самоуправа финансиран со средства од наменски дотации од Буџетот на Република Македонија. Пресметката се врши врз основа на бројот на ученици кои ќе користат превоз и растојание од местото на живеење до училиштето. Во моментов не се располага со вакви податоци, не може да се направат соодветни пресметки.

Јас мислам колеги дека подобро ќе беше во една стратегија за развој да се внесат анализите кои навистина во една отворена дебата ќе се направат и тогаш кога тоа де факто ќе се реализира само по себе ќе дојдеше средното образование. Ние за да го зголемиме бројот на учениците кои што ќе посетуваат средно образование не мора да воведеме задолжително средно образование. Но, Владата не прави разлика помеѓу различни сфери од општественото живеење и помеѓу тоа дека во сите овие сфери на различен начин треба да реагира законодавната власт, туку извршната власт. Нормално, законодавната бидејќи во моментов сме принудени така да работиме. Некаде можете да постигнете нешто со менување на закони во одредени сфери бидејќи само на тој начин може да се интервенира во општествените процеси, а некаде се интервенира на друг начин и потоа де факто кога тоа ќе се реализира само формално може да се констатира. За што станува збор, еве ќе бидам појасна. Ако сакате да го зголемите нивото на финансиски средства што државата ги собира од наплаќање на најразлични казни за прекршоци итн, едноставно со менување на законите овде во Парламентот, со нивно изгласување може таа сума од 50 да се зголеми на 100 глоби итн, и во момент кога тој акт ќе се донесе во Собранието веќе стапува на сила и се применува. Но, има процеси кои што значат живот, кои што значат човечки судбини, кои што значат финансиски средства како што е ова прашање.

Ова прашање не можете преку ноќ да го решите со кревање раце или овде со притискање на копчињата во Парламентот. Во моментот кога овде во Парламентот ќе се изгласа овој закон, истиот ќе стане ноќна мора за многу семејства во Република Македонија, затоа што граѓаните, барем оние што нам ни се јавуваат на претставниците од опозицијата уште сега се загрижени за тоа како ќе го обезбедат средното образование за нивните деца ако тоа стане задолжително, затоа што овој закон не решава дека финансиските средства ќе бидат на товар на државата, а развиените држави на товар на државата го реализираат и образованието што не е задолжително. Тоа е разликата, разликата е во финансиската моќ на државата. Ако ние во моментот констатираме дека 12% од учениците кои завршиле средно образование не продолжуваат да учат во средно образование, не знам дали треба да се насочиме да го решиме прво ова прашање кои се тие деца, зошто не го продолжуваат средното образование, а дури потоа да воведеме задолжителност на средното образование. Јас не сметам дека тој процент е можно преку ноќ да дојде на нула, па тогаш да коснтатираме дека сега можеме да го исполниме и тој услов и да воведеме задолжително средно образование. Потребно е значително намалување на овој процент. Реков законот решава само за задолжителност на средното образование и има еден став во кој се вели дека средното образование ќе биде бесплатно. Како, почитувани колеги, како почитуван министер вие замислувате да биде бесплатно, дали учебниците ќе ги плаќате. Дали сега ако бидеме реални може да констатираме дека е бесплатно и основното образование? Не можам да го наведам бројот на родителите што во овој период лично мене ми се јавија како пратеник, а верувам и на колегите и од позицијата и од опозицијата, за да ги кажат своите проблеми од финансиска природа кои најинтензивно се јавуваат во септември месец, во почетокот на школската година кога не можат да ги платат оние трошоци за своите деца што се задолжителни и се однесуваат на основното образование. А овде со задолжително средно образование тие трошоци се мултиплицираат и на превозот и на сместувањето и на учебниците. Ако се додадат на ова и другите трошоци кои нормално се зголемвуаат со зголемвување на бројот на години што ги имаат учениците, навистина сметам дека за граѓаните на Република Македонија ќе создадеме само обврска, а не право. Или можеби инспирацијата на Владата е од друга природа, па затоа во законот има предвидено и казни за родителите штонема да го овозможат образованието на своите деца и стои дека глоба во износ од илјада евра во денарска проттиврeдност ќе се изрече на родителот односно старателот на малолетниот ученик до колку ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето. Родителите, кога ќе се применува ова бидејќи гледам дека сте цврсто решени по секоја цена да го истуркате овој проект, верувајте дека ќе ги упатуваме кај вас, но не затоа што ние како пратеници од опозицијата бегаме од одговорноста, тукузатоа што укажуваме дека нереално е да се очекува ова што вие го предвидувате дека може да се оствари. Но нема да бидеме и ние задоволни, затоа што децата и младите генерации во Република Македонија не се само ваши, на Владата и на мнозинството, тоа се наши деца и сите ние треба да имаме интерес на адекватен начин да ги решаваме проблемите на младите генерации. Навистина не знам како ќе можат стечајците што спроти улицата од

Парламентот веќе седат месец дена, покрај сите нивни пробелми со финансиите кои ги имаат, да го овозможат и задолжителното средно образование на нивните деца. Навистина се прашувам, и не само стечајците туку и многу други граѓани кои се во работен однос, чие ниво на приходи што го имаат не овозможува остварување на ова прашање.

Токму затоа, се залагам за да направиме нешто повеќе, дефакто да се подобри состојбата, па самите врз основа на подобрување на нивната економска состојба да можат да го продолжат своето образование не само на ниво на средно образование туку и на ниво на високото образование.

Ќе се осврнам малку и на тоа што почитуваниот министер го истакна овде во Парламентот. Тој смета дека задолжителното средно образование не е само прашање на уставност, законитост и што уште не, дека тоа е прашање на чувството за државност и визија за иднината на државата. Каква визија за државата? За граѓани кои што смао ќе плаќаат глоба затоа штоне можат да го реализираат задолжителното средно образование на своите деца? Не се согласувам дека тоа е вистинска визија за државата.

Исто така, министерот изјави дека во општеството не се можни експерименти како во физиката, туку се можни само споредби, самоистражувања, само истражување на искуството на оние кои пред нас го направиле она што ние сега сакаме да го направиме и учењето од нивното искуство. Па што е ова што сега го правите? Многу повеќе од експеримент во физиката. Немало ниту истражување, ниту има, ниту почнувате истражување, нема никакви резултати од истражувањата, ниту констатација, а вие правите измени. Што е тоа? Значи експеримент, суров експеримент со младите, оние што најмалку заслужуваат да бидат предмет на експерименти на Владата.

Го споменав и примерот со Тајван, меѓутоа, развојот на економијата не се овозможува со задолжителното средно образование. Со тоа само ќе го зголемите износот во Буџетот со наплата на казни за прекршоци од родителите, па сега со тоа што претходната Влада ги воведе и извршителите и процентот на извршувањата присилно е многу зголемен, ќе имате само поголеми реакции  од страна на родителите кои нема да можат да го заобиколат овој процес, бидејќи е ефикасен, впрочем и така функционира една правна држава, но до колку правните инструменти се реално вградени како што треба, а не сурово да наплатуваат казни од граѓаните за чија што нереализација најмалку се виновни самите граѓани.

Компаративните искуства на кои Владата се повикува навистина не се  во прилог на Владата. Јас не знам и дали Владата ги имала предвид компаративните искситва и дали знае во штоне втурнува со овој проект. Затоа јас ќе споменам еден преглед, изведен од една компаративна анализа на националното законодавство во врска со задолжителното образование, во која се наведени државите членки во најголем дел на Европската унија и воведен е и начинот на кој тие го решаваат прашањето на образованието. За почеток ќе ај споменам Германија, бидејќи често пати Владата се залага да ја копира Германија по најразлични прашања. Јас би сакала да може да ја копираме во сферата на економијата, но тоа гледаме дека оди тешко. Таму задолжителното образование е до 10 години, значи од 1 до 10 одделение, затоа што основното образование завршува со 6 одделение и на крајот со завршувањето на  основното образование, тоа е 6-то одделение, се добива препорака дали да се продолжи образованието во гимназија, во Реал Шуле или во Халп Шуле. Тоа се три нивоа на образование, но задолжителноста завршува со 10-от степен, а гимназијата завршува со 13-ти степен и таму може да одат, тоа училиште можат да го посетуваат само оние кои ќе добијат препорака за тоа  по завршувањето на 6-то одделение. Значи ние со овој предлог сметаме дека можеме да ја надминеме Германија? Да бидеме реални - не.

Има држави каде што е точно дека е пропишано задолжително образование и во средното училиште. Тука е Белгија, Бугарија, Унгарија, Полска. Но, еве ќе кажам на кој начин тоа е уредено. Во Полска согласно Уставот образованието до 18 годишна возраст е задолжително, напоменувам, согласно Уставот, не со закон. Но тоа што е за нас најважно е дека најголем број од државите членки на Европската унија, покрај тоа што се многу по развиени од Република Македонија, задолжителноста на образованието ја задржале на возраст до 16, односно до 15 години. Затоа, ќе ја споменам Украина како држава во која до 17 години е задолжителното образование, потоа Летонија, Словачка, Шпанија, Франција , Италија, Грција и Холандија, каде што имаат задолжително образование до 16-ет годишна возраст. Потоа задолжителност на средно образование до 15 годишна возраст има Австрија. За пример, еве, Руската Федерација, Хрватска, Словенија, Србија, Швајцарија, уште еднаш ќе повторам Швајцарија, Израел, Романија, Чешката Република и Германија што претходно ја споменав. Можам да ги цитирам сите одредби од нивните закони и нивните решенија на кој начин е организирано образованието во основно и во средно образование, но тоа што оваа Влада го заборава е дека во најголем број од државите има разлика во бројот на годините што го сочинуваат основното и средното образование, па веројатно читајки некаде дека во некоја држава е задолжително средното образование, веднаш смета дека тоа треба да се направи и во Република Македонија. Но разликата веќе споменав е во бројот на години што го сочинуваат средното и основно образование. Затоа за пример ќе ја споменам Италија, каде што основното образование е од прво заклучно

со петто одделение, па потоа продолжува Ла Скола Медија, веројатно тоа што ја буни Владата дека тоа е средно училиште, но Медија Инфериоре, значи ниско средно училиште и потоа Ла Скола Медија Супериоре, вишо, средно училиште, а нижото средно училиште одговара на степенот на образование што се добива во Република Македонија со завршување на основно училиште и плус уште една година од средното училиште. И наместо врз основа на овие анализи Владата да размислува како да воведе деветолетка или задолжително основно образование од 10 години и на тој начин да ги достигнеме европските стандарди, ние сакаме дејуре да ги престигнеме европските држави, но дефакто да бидеме земја каде што нема да се почитува принципот на владеење на правото.

Затоа, уште еднаш ќе кажам навистина е штета што ни е овде во Парламентот сме принудени како пратеници да се претвориме несакајќи во експерти за образование, па да се натпреваруваме кој повеќе ќе знае математика, овде помножуваме, делиме, искажуваме проценти, бројки во номинални износи, наместо тоа да се случеше во една јавна расправа, експертска расправа каде што секако ќе земеше учество и Парламентот, ќе партиципираше со свои претставници, и политичките партии, но ќе добиевме квалитетни текстови, ќе добиевме аргументи кои можеа навистина да ни послужат овде во Парламентот. Ние во неможност или во несакање на Владата да отвори еден таков широк процес кој навистина ќе не доведеше до поквалитетни решенија, принудени сме да постапуваме на ваков начин и да дебатираме со намера да го предомислиме предлагачот и да му прелдожиме да го повлече овој текст на закон и да не повика сите заедно, бидејќи тука активно учество ќе заземе и позицијата и опозицијата, да водиме една битка на терен. Кога велам на терен, мислам на работа во други акти и закони од сферата на економијата, за да може подобрувајќи ја состојбата на тој начин да придонесеме и за развој на образованието кое самите родители и самите дека ќе можат да го оствaруваат и да бидат задоволни од резултатите на таа нивна заложба и од тоа што самите можат да го обезбедат средното образование, а ние ќе бидеме тогаш доведени во ситуација, како што неколку пати споменувам, само тоа да го констатираме дефакто, затоа што нема да имаме причина да се бориме тоа што е дејуре пропишано и дефакто да се реализира. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали министерот бара збор или реплика на излагањето?

Во тој случај три минути реплика за министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Ги слушав говорите на пратениците и во некои говори се повторуваат некои прашања скоро кај сите пратеници, а тоа е дали ние ќе им обезбедиме транспорт, односно дали ќе обезбедиме дополнителни средства како Влада за транспортот на учениците или дополнителниот број ученици во средното образование. Вие знаете дека тоа е решено, има формула со која се обезбедуваат средствата за таканаречените дотации, кои со втората фаза на децентрализација веќе одат на блок дотации. Замислете во една општина ако без Законот за задолжително средно образование 100% од основците продолжуваат со средно образование, ние како Министерство и Влада треба согласно таа формула да обезбедиме средства за транспорт и за одржување на училиштата. Секако дека ние ќе обезбедиме или сме обезбедиле средства за транспорт. Оваа година знаете дека имаме поголеми средства за дотацијата, околу 28%, а тој дополнителен број на ученици со Законот за задолжително средно образование сигурно дека за 2008 година ќе бидат обезбедени потребните средства за тоа.

Имаше прашања и за капацитетите на домовите. Инаку, прашањето беше како не може да се предвиди или како не може ние да доставиме конкретна анализа колкав ќе биде бројот на ученици кои ќе треба да се сместат водомовите. Јас сметам дека и вие тоа не можете да го предвидите. Еве, ќе ве прашам конкретно: од каде може да се знае кој ученик ќе оди, колкав ќе биде борјот на ученици од Прилеп кои сакаат да продолжат средно образование во Скопје. Ние кажавме и во нашите анализи кажуваме дека има доволно неискористен простор во домовите и тој простор ќе биде употребен за таквата категорија ученици.

Не сакам и не е вкусно да се земат други случаи, но еве, за стечајците, дали стечајците кои ги имаше и во ваше време, не сакам да кажам дека вие сте ги произведувале, дали тие стечајци ги ослободивте од потребата за испраќање на децата во основно образование. Тоа се две различни категории. Ако сакаме реформи во образованието, не смееме да размислуваме или не смееме да влеваме страв кај граѓаните, непотребен страв кај граѓаните дека таквото нешто е штетно и неподносливо. Се работи за дополнителен процент на граѓни за кои Владата размислува веќе за бесплатни учебници заедно со Министерството за труд и социјална политика, за граѓани кои не можат тоа да го направат да има за социјалните случаи бесплатни учебници.

**Иван Анастасовски:** Благодарам. Затоа ве прашав на почетокот дали сакате да земете збор или реплика, ако имавте нешто повеќе да објасните.

Една минута контра реплика за пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Со жалење констатирав дека тоа на што јас упатив во мојата дискусија е точно и тоа значи дека навистина овој закон нема никаков основ. Министерот само потврди дека не можат да ги предвидат тие трошоци.

Ако не можат да ги предвидат трошоците, тогш што значи дека само ќе воведат глоба за родителите што не можат да го исполнат тоа, што не можат да го исполнат задолжителното средно образование? Што е тоа? Одговор на тоа ќе дадат граѓаните. Но, за жал ќе биде доцна. Кога сме пак кај формулите, јас споменав, министерот рече: има формули. Да. Но, Парламентот не е место каде што се расправа за формули, туку Парламентот е место каде што се дебатира. Ако направеа јавна расправа, ако отвореа дебата за ова прашање, ќе стигневме, но експертите ќе стигнеа до формулите, а не пратениците во Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерот за образование Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Со она за формулата која е донесена со Законот за децентрализација и тоа 2005 година и не е некоја нова формула која е создавана и која треба да се дискутира уште еднаш во Парламентот. Значи, согласно таа формула дополнителниот број на ученици и без Закон за задолжително средно образование утврдува колку средства ќе бидат потребни за некоја општина за дотации кои уште еднаш ќе спомнам дека со втората фаза на фискална децентрализација ќе бидат во блок дотации. Значи, не се работи за некоја формула која е непозната. Мислам дека таа е објавена и во Службен весник и достапна е. Инаку тоа е со почетокот на Законот за децентрализација.

Дополнителниот број на ученици во средното образование, сметам дека од 2008 година не е нето што не можеме да го пресметаме. Значи, се пресмета бројот на осмоодделенците кои ќе треба да поминат во средно образование. Сметам дека понатаму секако дека Владата ќе има како што има и годинава за 2007/2008 година, така ќе има обезбедени средства за 2008 и за 2009 година, кога се зборува за целосниот број на ученици.

За социјалните случаи пак Владата работи на тоа и за основно образование и за средно образование да им обезбеди бесплатни учебници на таквата категорија на граѓани. Значи, не треба да се влева страв кај граѓаните дека единственото нешто што ние сакаме да постигнеме со ова е глоба за граѓаните. Прво, ние обезбедуваме средства и затоа законот е предложен да стапи во сила во 2008 година и такви некои детали за ученичките домови да имаме доволно време да ги спремаме и Центарот за стручна подготовка и Бирото за развој на образованието да ги спремаме моделите, новите курикулуми. Значи, доставен е законот и согласно законот ќе постапиме понатаму. Но, сметам дека во секој ваш говор, ако слуаме дека Владата прави нешто што граѓаните ќе трпат штета, тоа значи дека ние влеваме непотребен страв кај граѓаните. Целта со донесување на овој закон е јасно прикажана и во мојот говор и во говорот на другите пратеници, а и вие сте свесни дека за такво нешто има потреба.

Госпоѓа Мери Младеновска спомна за компарација на германските училишта. Јас ве уверувам дека сите нови модели се компарираат со другите држави, се компарираат со другите европски држави, а особено со германскиот модел кој е прифатен и во Словенија и во други некои држави кои поминале низ вакв ите реформи кои ние сега сакаме да ги спроведуваме. Значи, уште еднаш, мислам дека за конкретните прашања ќе ви одговараме конкретно. Но, ве молам, да не влеваме непотребен страв кај граѓаните, бидејќи ако е тоа законска обврска, сигурно дека е обврска на Владата. Ние донесуваме закон за задолжително средно образование, тоа значи дека до крај таа обврска ние ќе ја исполниме.

**Иван Анастасовски:** Прво ќе одиме со репликите по однос на говорот на министерот, а потоа ќе одиме со реплики, бидејќи мислам дека на екранот имаше и пријавени за реплики по однос на говорот на пратеникот госпоѓа Мери Младеновска.

Реплика на говорот на министерот. По редоследот кој е на екранот пратеникот Тале Герамитчиоски, три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам. Господине министер, жал ми е што не бевте присутни на првиот дел кога зборував. Прво, она кое што посебно го искажавте за германскиот модел. Па таму има дуален систем. Невозможно е да се примени дуалниот систем во Република Македонија, бидејќи таму наставата ја посетуваат во стручното образование три дена и два дена посетуваат практична настава во производни капацитети. Таму поинаку се селектира уште од основното образование како ќе одат во средно образование, се пријавуваат. Добро, вие можеби сте учеле таму, но веројатно не го знаете целиот систем.

Околу блок дотациите кои што ги спомнавте, тие нема во втората фаза да бидат блок дотациите за транспортот се вршат и сега за основното образование. И знаете добро дека има недостиг на средства и за основното образование, бидејќи историските трошоци не беа вкалкулирани во онаа обврска која што претходно ја имаше.

Околу делот кој што го искажавте за транспотот на децата и обврската. Точно, тоа е главниот проблем кој што ние го посочуваме и прашуваме, кој ќе ја врши селекцијата, кое дете каде ќе се запишува, во кој објект ќе ја посетува наставата. И доколку се обидете сега на постојната мрежа од основното образование да правите и мала рационализација, ќе видите со какви проблеми ќе се соочите од руралните средини каде што треба да ги затворите објектите кои што не ги исполнуваат минималните критериуми. А кога ќе отворите средни училишта ќе ви го постават прашањето, зошто не се тие средни училишта лоцирани во нивната средина, зошто децата не останиваат во руралната средина каде што

сакаат да се развива таа средина, сакаат родителите да бидат до нив и не го прифаќаат фактот дека треба да одат во најблиската урбана средина заради подобар квалитет на обрзовниот процес. И затоа ни се случува сега и во основното образование во тие рурални средини да имаме проблем со мешовити паралелки од прво до четврто одделение, 20 ученици да посетуваат во едно одделение. Тие се прашања кои што ние ги отворивме, а не добивме соодветен одговор.

**Иван Анастасовски:** Една миниута контра реплика, министерот за образование.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Почитуван Герамитчиоски, во вашиот говор кога велите дека дополнително ќе треба ние да даваме одговор за транспортот за руралната средина, сепак се креира слика дека на сите средношколци ќе треба да им обезбедиме транспорт за да учат во некоја друга средина. Се работи за околу 2500 дополнителен број. Во случајот, во моментов во Македонија сите од тие средини учат во некоја друга средина. Кога се донесува закон, особено во образование, ние мора од постоечката традиција да продолжиме понатаму. Но, не да се креира слика дека целиот систем на средно образование ќе се смени. Станува збор само за дополнителни 12% ученици кои треба да продолжат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министер.

Продолжуваме со реплики.

Три минути реплика пратеник Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе. Навистина во друга насока ми беше репликата, но ова ме поттикна последново обраќање на министерот, дали се работи дека само за овие 2000 ќе се обезбеди транспорт, оние што не се запишуваат, значи во таа насока тој го насочи одговорот. Сметам дека со тоа ќе бидат опфатени сите ученици, а не онаа разлика од 12%, иако не е 12%, јас укажав и во вчерашната реплика.

Што се однесува околу децентрализацијата, навистина тоа беше во првиот дел на неговиот говор. Точно е дека до сега имвме и централизиран начин кој што не беше во состојба да одговори на обрзовните потреби. Но, за да дојдеме до децентрализацијата да биде во целост вклучена во образовниот систем, вклучувајќи го сега веќе и задолжителното средно образование, треба да се донесат законски акти кои што ќе допринесат за спроведување на децентрализацијата во системот за средното образование, како и донесување на посебен закон за искажување на новините и на специфичностите на секој вид на образование, пред се стручно и гимназиско во подсистемот на средното образование, изработување на посебен закон за организација, реализција, финансирање и управување во средното образование. Овие закони ние во овој момент ги немаме, а тие се многу важни и клучни за онаа формула која што вие ја говоревте. Дали Министерството ги има донесено и подзаконскит акти кои што произлегуваат со самото спроведување на децентрализацијата. Значи, токму на тоа е укажувањето, баш околу овој проблем. Немаше потреба од брзање, можеше да пристапиме во една фаза како што и беше започнато да дебатираме за уставните промени. Јас укажав зошто беше подобро околу тоа со еден најконкретен начин што ако утре и оваа Влада, не мора друга, увиде дека нема, како што и немате добри финансиски пресметки, дека нема финансиски средства државата да го спроведува ова, може да доведе и да го укине законот. Тоа се нашите забелешки почитуван министер, значи да одиме постепено чекор по чекор со вклучување на научната јавност, експертизата, ќе беше добро да слушнете барем дел од забелешките кои што ги имаше опозицијата се со една единствена добра намера да обезбедиме пред се квалитетно средно образование. Ние, ЛДП не сме против задолжителното средно образование, но ние сме за квалитетно образование. Не сметаме дека само со задолжително образование ќе се постигне и квалитет.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за образование.

**Сулејман Рушити:** Јас се согласувам дека задолжителното средно образование не е единствениот начин за квалитетно образование. И затоа сме предлагале и предлагаме дополнително и модели, значи целосна палета на тоа што ние го замислуваме и нашето образование да биде поквалитетно. Ова е само дел од нашите напори за поквалитетно образование. Но, не ве разбрав добро, за кои законски и подзаконски акти на децентрализација. Ако сметате за втората фаза на децентрализација, тоа е веќе одредено. Одреден е датумот и Министерството за образование работи да преминеме во втората фаза на децентрализација заедно со ЗЕЛС, ама д не ги мешаме работите. Тоа нема воопшто врска со овој закон. Тоа е посебен закон и ние заедно со ЗЕЛС и заедно со меѓународни експерти работиме да премине, значи донесен е Закон за втората фаза на децентрализација, нема потреба од нов закон.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со реплики на говорот на министерот.

Три минути реплика пратеник Мери Младеновска Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Јас го разбирам министерот дека е во непријатна состојба и принуден е овде да го брани предлогот на Владата иако можеби тој лично е свесен за недостатоците на предлогот. Но, таква е неговата улога како министер, тој е ресорен минситер и мора во Парламентот да му се обраќаме нему.

Министерот спомена, што е тоа што граѓаните би изгубиле доколку ова решение стане законско.

Јас ќе верував дека намерата на Владата е алтруистичка доколку не беше пропишана со овој закон и глоба. Но, како може да не изгубат ништо граѓаните. Оние кои нема да можат, или со желба да го почитуваат законот кои нема да можат да го почитуваат законот кога ќе треба да платат глоба во износ од 1000 евра во денарска противвредност која ќе се изрекува на родителот. 1000 евра не е малку за нашите граѓани и тоа за голем број на нашите граѓани. Не можам да разберам како може најразвиените земји во Европа да имаат задолжително образование до 16 години, а ние да предвидуваме задолжително образование до 18 години. Нон сенс е. Ќе споменам, до 15 години задолжително образование има во Германија, во Швајцарија, во Словенија, до 16 години има во Холандија, Франција, Италија, Шпанија. Зарем ние сме поразвиени од овие држави. Јас би сакала да сме барем колку нив, па ако можеме да бидеме и повеќе. Но, треба на состојбите да гледаме реално каде се наоѓаме во моментот. Како што спомнав, ако сакаме Република Македонија и понатаму да ја развиваме како правна држава во која ќе се почитуваат законите, ако сакаме државата да ја претвориме во спротивното од ова, тогаш Владата е на прав пат да го оствари тоа.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за образование.

**Сулејман Рушити:** Неколкј пати имав прашање, дали министерот е свесен. Еднаш ќе одговорам на сите прашања, свесен сум. И кога доаѓам тука. не само тука, но и секој ден во Министерството, свесен сум и свесно ги правам сите работи.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со реплики на говорот на колешката Мери Младеновска.

Три минути реплика Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпртседатле. Се јавувам за реплика на говорот на госпоѓа Мери Младеновска. Ме радува што колешката го признава фактот дека образованието е основен двигател за општеството и економскиот развој, се сложуваме. Драго ми е што го слушам тоа, значи нема дилеми дека образованието е фактор еден за развој на некоја држава, па и на нашата. Единствено зачудува почитувана колешке вашето гледање дека воведувањето на задолжителното средно образование има грешен пристап. Како правник сигурно знаете дека прво се носи законска рамка, па се имплементира законската содржина. А денес токму тоа го правиме. Денеска дебатираме по Предогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование. Не станува збор дали на еден, или друг начин ќе се донесе законската рамка. Важно е почитувана колешке, дали има политичка волја. Јас вас ве прашувам, дали вие имате политичка волја да се донесе законска рамка во која ќе се зголеми опфатот на ученици во преодот основно, средно образование каде евидетно е дека 16,65% не се опфатени. Дали вашата политичка волја ќе им даде шанса на овие 16,65% млади деца кои треба задолжително да следат образование. Тоа е прашањето. Тоа е најважното нешто што денеска вие треба да имате доблест да ги надминете вашите теснопартиски интереси да ја кажете вашата политичка волја, дали сте за еден ваков проект во кој ќе дадете шанса, почитувана колешке, не за мене, не за моето дете, не за вас и вашето дете, туку за оние деца кои се наоѓаат меѓу овие 16,65%. Ве повикувам да го поддржите овој проект бидејќи е важен токму за тие деца. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Системот на поделба на улогите во ВМРО ДПМНЕ добро функционира без оглед дали колегите не следеле кога сме зборувале или не, дали биле во бифе дали не биле. Значи, мора да ни реплицираат онака како што добиле распоред од нивните координатори. Но независно од тоа јас тоа ќе потенцирам и ќе потврдам уште еднаш како оштo кажаа и моите колеги дека СДСМ и пратениците од нашата пратеничка група, имаме политичка волја Република Македонија да придонесеме да оди напред кон процесите на Евроинтеграција и кон процесите на НАТО интеграција. Тоа значи да ја градиме државата како правна држава во која ќе се почитуваат принципите на владеење на правото и сите други принципи кои што мора да ги почитуваме, за да одиме напред.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Николовски Александар се јави за процедурална забелешка, повелете.

**Николовски Александар:** Потпретседателе многу кратко, спомна и колешката, спомнуваат и некои други колеги и колешки од СДСМ за некаква поделба на улоги по однос на тн., следење на колегите од СДСМ и реплицирање итн., со жалење за неа, би сакал да ја демантирам дека ние со такви работи не се занимаваме, дека нема таква поделба на улоги, да го знае тоа за во иднина, заради тоа што пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ има посериозни работи од тоа да се договора кој кого ќе следи. Благодарам.

**Бесим Догани:** За контра реплика се јави госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Дали може.

**Бесим Догани:** Може, затоа што процедуралната забелешка не беше на место. Повеќе беше реплика отколку процедурална забелешка. Повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Јас почитуван потпретседателе нема да го злоупотребувам Деловникот, тоа вие го направивте во обидот да констатирате дека колегата навистина, го злоупотреби Деловникот и нема повеќе да зборувам. Тоа беше мојата интервенција. Зачи,

треба пратениците да се држат до Деловникот и кога има реплики, навистина да има реплики, а не под превезот на процедурална интервенција да се дава реплика на тоа што претходните дискутанти го кажале.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За процедурално се јави госпоѓа Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ве молам, да се интервенира. Моето присуство во салата на седница додека говореше госпоѓата Мери Младеновска беше апсолутно, 100%, така што нејзиниот говор внимателно го слушав. За нејзина жал, за што очигледно таа не е концентрирана и не гледа кој од пратениците ја слушаат, а кои не.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За делот на присуството на пратениците и кој кого следи не е дел на Деловникот. Така да ве молам, немојте да дискутирате повеќе по оваа тема.

Три минути реплика има госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитувана колешке, јас со почит и големо внимание го следев вашиот говор и она што можам да го констатирам е дека во првиот дел на вашето излагање покажате голема загриженост. Во ред е да се покаже голема загриженост за едно вакво значајно прашање. Меѓутоа, не е во ред да се покаже огромна загриженост околу Владата, начинот и пристапот на Владата кон ова прашање.

Вие велите дека Владата не води во некои насоки кои што таа смета дека се исправни. А според вас, според претставниците на опозицијата се неисправни. Па почитувана колешке, тоа е право на Владата да одлучува каков пристап таа ќе има кон ова прашање и токму за тоа таа за тоа ќе оговара пред нејзините граѓани. Ќе одговара за своите постапки и граѓаните со својот глас ќе ја осудат власта, доколку таа греши, или пак ќе ја наградат доколку таа била во право. Ваше мислење е апсолутно, дали тоа е сериозно и дали е во ред, без експертско мислење да покрене менување на закони. Дали само овој закон се менува на овој начин. Дали во периодот кога вие бевте на власт, а вие бевте министер во претходната Влада, дали тогаш се водеа широки дебати за секој закон кој што вие го менувавте. Ве молам, во ред е да се има дебати и јас сметам дека тука веќе ние дебатираме, а најдоброто дебатирање е дебатирањето во Парламентот каде што ние сме претставници на граѓаните. Вие велите дека немате ништо против законот и исто времено велите дека тоа ќе биде ужас за граѓаните. Велите дека ви се јавуваат родители, дека не знаат како финансиски да се справат за школување на своите деца и во основно образование. Дали госпоѓо Мери, почитувана колешки, дали сакате да оставите впечаток дека нешто толку многу драстично е сменето во образовниот систем во Република Македонија, па барем во основното образование нема ништо сменето за да имате такви јавувања, па и за средното образование. Мислам дека не е во ред да се истакнуваат такви информации кои што не држат на крајот на краиштата. Велите дека де јуре Владата сака да го донесе овој закон, а дефакто таа не е спремна за тоа. Јас би рекла де јуре вие велите сите дека не сте против задолжителното средно образование, а дефакто, истото го оспорувате и со смешни, или лицемерни дискусии барате истото да се одложи, или пак воопшто да не се донесе.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Да, се јавуваат граѓаните кои се загрижени по тоа што нема да можат да си дозволат децата да ги пуштат во средно образование и загрижени се ако после тоа нема да можат да ја платат глобата што е предвидена во ова законско решение во 1000 евра во денарска противвредност. А тоа што Владата одговара пред граѓаните на Република Македонија е помалку важно, бидејќи кога ќе ги констатираме последиците од она што сега се потпишува ќе биде доцна. Ќе го почувствуваат сите граѓани. Значи сите ние, нема да го почувствува само Владата. Владата може да си оди од власт, но ќе го почувствуваат тоа граѓаните на Република Македонија. А како работеше претходната Влада можат да кажат и пратениците што тогаш беа опозиција, а сега се позиција, бидејќи беа повикувани во министерствата уште кога се започнуваше со некаков проект, го следеа целиот процес, беа повикувани на јавни расправи, на дебати. Така беше и со измена на Уставот, така беше и со многу други значајни закони кои ни го овозможија кандидатскиот статус за членство во Европска унија. Жалам што сега не е така.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Би сакала да се произнесам за овој закон, кој што два дена веќе не бранува во Парламентот.

Јас сакам да искажам поддршка за овој закон во мое лично име и во име на колегите од ДОМ.

Мислам дека воведувањето на задолжително средно образование е една извонредо благородна идеја и една сосем реалистична идеја. Посебно тргнувајќи од таму што сите показатели велат дека само 16% од сегашната популација не се опфатени со средното образование. Од оние кои што би требало да преминат од основното завршено. 16% почитувани колеги, ќе се согласиме не е некоја бројка која што на еден организиран пристап во Министерството за образование и наука не може да ја апсорбира. Морам да кажам дека не можам

да ги разберам до крај сите аргументи и сите големи и долги дискусии кои што следеа по овој закон. Инаку, знаете кога гледачите, некои кои се уште имаат трпение да не следат пред малите екрани, кога ќе не следат, можат да помислат дека се работи за некој многу голем и многу обемен закон, за кој што има каде да се потрошат половина час или час дискусија.

Јас би сакала да кажам уште една работа дека овој е закон од само седум члена, од кој последниот член е член кој што вели дека Законот влегува во сила осум дена по објавувањето во Службен весник. Значи, тоа е буквално овој закон кој што е на овој еден лист. Целиот закон во основа има две суштински новини дека средното образование станува задолжително и дека средното образование е бесплатно. И следуваат предвидените казнени мерки за прекршок кој што ги има секој друг закон кој што има одредени импликации од таков тип.

Почитувани колеги, јас морам да кажам дека навистина, не разбирам зошто се аргументира со толку страст и толку посветеност против овој закон, кога во основа сите изјавуваме дека немаме против средното образование за сите наши сограѓани, за сите ученици. Ако е тоа така, верувам дека сите ќе се согласиме дека во секој развој потребно е да инвестирате во инфраструктура. Во случајот кога се работи за образование, се работи за инвестирање во кадровска инфраструктура. Затоа што, тие 16% наши деца, кои што во моментот не се опфатени со средното образование, тоа се најчесто оние кои што се со проблематично однесување, или тоа се најчесто оние кои што подоцна остануваат невработени, поради несоодветното образование, или тоа се најчесто и во поголем дел деца од малцински заедници, по било кој основ малцински заедници и тука исто така, спаѓаат деца во голем дел од женски пол.

Јас верувам дека сите се согласуваме дека сакаме токму, овие нешта да се поправат во Македонија. Тоа значи да се подобри професионалното ниво на оспособеност на нашите граѓани, што значи да имаат поголем избор за вработување, да можат полесно да дојдат до работа и да си обезбедат само вработување, затоа што ќе имаат подобро образование, да се намали степенот на криминално, или било какво девијантно однесување, затоа што ќе бидат згрижени во училишни рамки. Понатаму, дека сите сакаме да се зголеми опфатот на лица од разни малцински заедници, затоа што тоа е добро за сите нас и затоа што е тоа правично и тоа ќе го унапреди степенот на демократичност на целата македонска заедница, во целина како општество и во крајна линија, верувам сите се согласуваме дека е дефинитивно подобро сите и машки и женски деца да имаат средно образование, најмалку како минимум, затоа што со тоа добиваат еднакви шанси, имаат еднакви можности за натамошен од во животот.

Значи, ако е сето ова вака, јас мислам дека навистина, нема доволно аргументација за да не се поддржи овој закон. Јас имам разбирање и за сите логични, аргументирани и добронамерни укажувања од колегите од опозицијата. Реално, ќе има одредени проблеми во одредени ситуации, меѓутоа, при имплементација на било кој закон, вие ќе наидете на одредени проблеми. Но, не можете да навлезете во решавање на некое прашање, ако најпрвин немате законска рамка. Логиката на нештата тоа го покажува. И апсолутно, не е точно дека во овој закон се влегло без елементарна анализа. Практично најголем дел од материјалот што ни е доставен е токму анализата на состојбите. И таа е сосем доволна основа, за да може да кажеме да, ние како општество сакаме и сме спремни и овие 16% од нашите деца да ги згрижиме во средно образование.

Јас навистина, не гледам сериозна пречка тоа да биде така и јас би молела за малку повеќе добра волја, за малку повеќе политичка волја, затоа што во случајот, овој закон колку што јас можам да прочитам со моето политичко искуство, повеќе му се приоѓа политички. Дали го предложила Владата и владеачкото мнозинство го поддржува и сега дали тој е значаен за тоа мнозинство и дали треба да му се дозволи да добие некој поен кај граѓаните, или треба да се прикаже тоа како негативен поен.

Јас верувам дека ако пријдеме ослободени од тој политички светоглед на овој закон, ако бидеме како граѓани дека ќе се согласиме многу скоро. А сето она што беше изречено како сугестија, како забелешка, јас верувам дека Владата сериозно ќе го земе во разгледување и дека сериозно ќе постапи. Впрочем, затоа и постојат подзаконски акти, затоа постојат редица мерки и активности, кои што Владата треба да ги преземе кога сака да примени било кој закон, па така и овој.

Затоа, јас му давам поддршка на овој закон. Верувам дека е добронамерен, верувам во тоа и немам никаква основа да се сомневам, но верувам дека е реалистичен и дека ќе придонесе за унапредување на состојбите во Македонија и ќе помогне во севкупните процеси кои што треба да не водат кон развој.

Знаете почитувани колеги, јас верувам во тоа и поради една многу едноставна причина. Многу работи кои што изгледаа невозможни и нереални во изминатите години, во изминатите периоди, оваа Влада за кратко време направи да изгледаат реални и да почнат да се остваруваат. Затоа верувам дека и ова ќе биде еден таков убав проект, кој што ќе даде поттик да ги унапредиме многу нивоа поединечни веќе на образованието. Ние имаме многу конкретни работи, за кои што допрва треба да разговараме, за образовните програми, за образовните кадри, за инфраструктурата во школите инт., но сето тоа ќе го правиме понатаму, тоа е дел од планираните активности на Владата. За тоа се издвоени многу повеќе средства од Буџетот оваа година, колку што не биле во претходните и затоа

верувам дека овој закон, овој мал закон, но значаен, ни е потребен, за да може Владата реално да се проектира и да ги проектира своите идни активности. И буџетски да се проектира, но и во вид на активности, во вид на мерки што треба да ги донесе.

Се надевам дека на крајот сите ќе бидеме задоволни, кога ќе го видиме овој закон во примена. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска, за реплика се јавија господин Цветко Грозданов и госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Прв е за реплика господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:**Благодарам потпретседателе.

Јас во голем дел од дискусијата со почитуваната колешка ќе се согласам дека сето тоа е добро и дека треба да се поддржи ваков закон. Не можам само да се согласам со тоа што некои факти се изнесени од страна на опозицијата. Лицемерието кое што го дава, би сакал и камерите да покажат на спротивната страна, ниту еден, поточно се извинувам, само еден од целата опозиција е присутен моментално во салата од СДСМ.

Она што би сакал да го напомнам, дека сите како што доаѓа редот земаат збор и кажуваат, а не изнесуваат никакви факти, зошто овој Предлог на закон не треба да биде поддржан. Нашите аргументи за поддржувањето на овој закон се јасни. Дека само со образована нација, само со луѓе кои што ќе се стекнат со одредено интелектуално познавање и знаење ќе можеме да бидеме конкурентни на пазарот во Европа. Затоа што се стремиме да влеземе во Европа. Па оттука, и самиот министер објасни дека немаме потреба од она што тие го нарекуваат инфрастуктурно дополнително вложување. Вложувањето ќе биде само околу осовременувањето на сите оние делови и сегменти во образованието, каде што ќе има потреба. Рековме дека бројот и процентот е многу мал и се согласувам со колешката Лилјана Поповска и дека тој мал број да речеме е занемарлив од она што е за можноста дали државата ќе може да го издржи тој финансиски напор или не. Но уште еднаш ќе повторам лицемерието на опозицијата е огромно, затоа што на почетокот на седницата, повикаа на камерите, а сега нема ни еден од нивна страна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Три минути контра реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, ве молам да ги разликувате репликите од процедуралните забелешки, но јас ќе се задржам на репликата.

Почитувана колешке, голем закон и големината на законот не се мери според тоа колку членови има. Може да има и пет члена, може да има и два члена, меѓутоа, ако тие носат суштински измени, тогаш тоа се големи закони. Овој е и те како голем закон. Голем закон затоа што нема граѓанин на Република Македонија кој што нема да биде засегнат директно или индиректно од овој закон.

Токму поради тоа дебатираме, токму поради тоа укажуваме на недостатоците, токму поради тоа ги спротивставуваме аргументите, се со една единствена цел да кажеме каде немаме добри анализи, а вие не можете тоа да го кажете затоа што, прво, не сте го прочитале внимателно каде се тие 16%.  Ако 28.270 се запишуваат, завршуваат осмо одделение, а од нив 26.043 се запишуваат во државните училишта и уште 159 во приватните, тоа се околу 2.000 ученици, а тоа не е 16%, 2.000 од 28.000, почитувана колешке не е, анализите говорат друго.

Зошто ние спротивставуваме аргументи, затоа што немаме финансиски импликации во одредени сегменти што ќе ги предизвика овој закон. Затоа дебатираме, затоа што знаеме дека немаме подготвен кадар, доволно подготвен кадар кој што ќе може ова да го исполни, затоа што сакаме да имаме пред се, квалитет. Не е целта секој да има завршено средно образование. Не е целта. Ако сакаме да бидеме конкурентни на пазарот можеме да бидеме конкурентни само со вистинско знаење. А, само добиена диплома апсолутно ништо не значи и не им влевајте лажна надеж на граѓаните, ве молам, затоа што 157.570 со завршено средно образование се без работа. Зошто  овде провејува дека сега кога ќе го воведеме задолжителното средно образование сите потоа ќе можат да се вработат. Не е точно. Говориме за две различни работи.

И, јас би молела за трпение, гледате дека овде најмалку се водат дебати со некои директни навреди, апсолутно мислам дека дел од тие беа конструктивни. Јас можам да ви забележам дали вие сакате или не сакате да ги следите дебатите, но ние ги кажуваме се со една единствена цел, говориме за подигање на квалитетот на образованието. За вакво образование да - против сме.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Топузова.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам за времето и благодарам за забелешката, почитувана колешке,

(Реакција од повеќе пратеници во салата)

Почитувани колеги, ако може да не се расправаме, вака, меѓусебно, ако може процедурално, да се почитува.

Да ја исползувам мојата една минута, благодарам.

Кажавте дека од овој закон секој еден ќе биде засегнат, јас би рекла, засегнат не е соодветен збор, секој ќе го допре на некој начин, но во случајов јас верувам на најпозитивен начин дека

сите ќе имаме полза. Навистина не знам зошто толку во темни бои гледате се и на некој начин како да ги насочувате работите и мислите во таа насока. Јас во ниеден момент не спомнав дека сите ќе бидат вработени со средно образование, но јас само знам дека најголем дел од невработените се со ниско образование и без образование. И тоа е факт и за тоа говорев. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Почитуван господин поптпретседателе, почитувани колеги,

Јас се надевам дека нашите колеги ќе ме слушнат од некоја фотелја, од некоја кафеана, од некој кревет, но не во собраниската сала, за жал. Мислам на колегите од опозицијата, со исклучок на двајца или тројца.

Се вклучив во дискусијата со цел да придонесам и јас со неколку збора во врска со законот кој што е на дневен ред, а ќе почнам со мислата либер либертас. Што тоа значи, книга слобода. Во слободен превод значи образованието не чини да бидеме слободни. Во која смисла, во смисла на слобода на мислата, во смисла на слобода на говорот, во смисла на слобода на избор на своето вработување, во смисла на финансиска слобода.

Овде што сме и нашите деца сметам дека оваа слобода ја имаат, дури некои имаат и многу повеќе затоа што се школуваат и во странство, но некои не можат да си го приуштат ни она што е елементарното , основното во својата родена држава. И, сега кога пуштаме пароли, сите сме за образование, сите сме за напредок, сите сме за Европа, меѓутоа оваа листа на говорници како што гледате зборува спротивното. Навистина има и латинска изрека:”Репетицио ес матеро студиорум” што значи повторувањето е мајка на знаењето, меѓутоа ова повторување од еден говорник на друг дека нешто сакаме да го спроведеме, меѓутоа зошто тоа да го стори токму оваа Влада, а ние сме пропуштиле тоа да го сториме. Целата болка е во тоа. Е па сега, дозволете, никој не им пречеше 4 години тоа да го направат. И ние сигурно сите и целиот народ тоа ќе го поздравеше.

А, зошто оваа Влада токму тоа го прави, се знае, заради тоа што тоа им го вети на граѓаните.

Велат дека ова е популистичка мерка. Па ние за кого сме и од кого сме овде. Граѓаните не гласале со тоа да работиме за нивно добро. И, сега ако тоа го правиме пак не чини. Јас не знам како да им угодиме. Што било да направиме ќе ни се стави на товар дека тоа го правиме од било кои причини, а не од она што стои во законскиот проект. А, во законскиот проект стои само тоа дека средното образование е задолжително и дека ќе падне на товар на државата, дека Владата гарантира дека социјалните случаи кои што не можат да го овозможат школувањето на своите деца во средното образование, ќе има програми тоа да се овозможи, меѓутоа, сепак се става под сомнение дали тоа ќе може да се спроведе со оглед да не биле направени не знам какви студии, анализи, да се види колку простор, колку наставници, да се види колку деца, да се види што ќе јадат, што ќе пијат. Па, ве молам, тоа никаде го нема во светот, а особено тоа не може да се бара од нашата мала држава со вакви оскудни средства со кои што не оставија претходниците да работиме сега.

Според тоа, мислам дека сево ова повторување од сите дискутанти, а не кажување ништо ново, сака во јавноста да створи едно влијание дека и невистината може да стане вистина. Кога едно нешто ќе повторуваш, а тоа го кажал еден врвен од Рајхот човек во минатото, кога една невистина ќе ја пласираш постојано таа со време ќе стане вистина. Со тој метод за жал се служат и нашите противници во Парламентот. Меѓутоа, сметам дека погрешно сметаат дека ние сме нивни противници односно тие наши противници. Дајте еднаш да се сплотиме за да работиме заедно за доброто на народот.

Не може ние да ожекуваме Македонија да може да направи таков бум, такви средства да вложи во образованието и сите проблеми одеднаш да ги реши. Ако ги слушаме внимателно нашите колеги од опозицијата ќе треба и ова образование што го имаме да го уништиме заради тоа што не ги исполнува стандардите кои што они ги замислиле дека образованието треба да ги има. Каде тоа ќе не дотера. Јас навистина одамна паметам и сум поминала во многу училишта и средно и факултет каде што не биле исполнети идеално сите услови за стекнување на знаења, па сме дошле до тие знаења. Значи, важно е срцето, важна е желбата, потегот е важен, а сето она што значи материја, тоа се постигнува со време, тоа се постигнува од чекор во чекор и паралелно со она што го работиме во образовниот процес.

Ве молам и навистина апелирам оваа листа, а гледам дека некои пратеници повторно се јавуваат за збор да го повторат и утврдат она што веќе го кажале без да покажат некоја новина, верувам дека се е кажано досега, да се повлечат од своите дискусии, ако навистина сметаат да го повторат она што нивните претходници го кажале или да го повторат она што тие самите го кажале во претходните дискусии.

Што се однесува до процедурата мислам дека иако формално јавна расправа не се отвори по овој закон ова прашање веќе 6 месеци е присутно во јавноста. Од граѓанството е одлично прифатено, од страна на опозицијата е исто така прифатено како идеа, со тоа што дијалозите таканаречени по повод иницијативата за измена на Уставот беа водени на таков начин што не можеше да дојде да се постави како прашање дека станува збор за дијалог, туку стануваше збор за натамошни уцени во однос на Владата.

Што се однесува до тоа дали Уставот дава рамка за донесување на овој закон, не чув ниеден аргумент спротивен за да можам евентуално да

се осврнам и да дадам свој одговор. Она што кажа министерот мислам дека е доволно и претставува рамка за донесување на овој закон. Ве поздравувам сите и ви пожелувам убави празници - Велигденски, ако немам понатаму можност тоа да го сторам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Дулиќ.

Реплика има госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Јас ќе бидам сосема кратка, нема да реплицирам на оној дел каде што се кажуваше што говорат пратениците од опозицијата затоа што најверојатно многу брзо го заборавите периодот кога бевте опозиција и колку време говоревте. Да сте во можност ќе ни воведете и воспитни мерки, но мислам дека тоа нема да дозволиме да го направите.

Изненадена сум како претседател на Законодавно-правната комисија, сега кажувате нешто сосема друго за Уставот. Кога го добивме овој материјал пишува вака, почитувани колеги пратеници и повеќе за македонската јавност, вели, од наведената уставна одредба, се мисли на членот 44, дека основно образование има задолжителен карактер односно секој мора да се здобие со основно образование, и за што се грижи државата итн. Оваа одредба, значи истата таа не дава можност за задолжително средно образование, што е основен тренд во земјите на Западна Европа итн.

Почитувана колешке, образложението кое оваа Влада ни го достави кога сакаше да пристапи кон уставните измени. Тогаш кажавме зошто се менува Уставот, затоа што токму од оваа одредба не дава можност да се пристапи. Ова јас не сум го пишувала и вие треба да ги браните уставните одредби, а не по вкусот на Владата еднаш да говорите дека се потребни, а веднаш потоа дека не се потребни. Само тоа го кажувам. И на крајот би сакала да завршам во ваш манир како што и вие почнавте со една латинска поговорка само што ќе ја кажам на македонски, пред фактите и боговите молчат.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Па, видете госпоѓа Роза, прво пред Законодавно-правната комисија ова како проблем не се појави.

Второ, во Уставот е предвидена најмалата стапка на образование како задолжителна, а тоа е основното образование, што не значи дека не може и не смее да биде задолжително и некој друг вид, друг степен на образование. Тука се застана на прашањето дали приватно основно училиште може да се формира или не и вие во преговорите се спротивставивте, рековте дека се врши поделба на децата, а не го рековте тоа дека повеќето од вашите деца веќе се школуваат во странство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално, Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Барам да исправам нешто што е надвор од процедурата. Прво, овде сега не говориме за преговорите и не е точно. Либерално-демократската партија прва се залагаше за приватни основни училишта. Немојте да импутирате нешто што не е. А, чии деца се школуваат во странство, моето дете се школува тука во Република Македонија и сакам да живее тука во Република Македонија. Каква дезинформација.

**Бесим Догани:** Ова нема ништо во врска со процедура.

Реплика од три минути има пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе, почитуваната госпоѓа Дулиќ прилично вешто без да спомне име го спореди методот што го применува опозицијата со методот на еден познат нацист со господинот Гебелс кажувајќи ја изреката дека сто пати повторена лага е вистина. Јас барам, прво, да ми се извини бидејќи никогаш не сум користел лага од оваа говорница, уште помалку сто пати да повторам една иста лага.

Второ, во однос на уставно правната рамка за донесување на овој закон по се изгледа многу погрешно ја толкуваме уставната одредба дека се што не е со Устав забрането е дозволено. Ако таа логика ја пренесеме на друг терен, јас господине потпретседателе ќе побарам од овој момент да зборувам на мојот мајчин јазик бидејќи во Уставот никаде не стои изречита забрана дека не може да биде и турскиот јазик службен во Република Македонија. Според тоа, не постои устав во светот каде што покрај секоја одредба стои и одредба на забрана. Тогаш тоа не би личело на устав.

Или, да направам уште една друга компарација, постои во сообраќајот правило дека се вози на десна страна. Не постои знак на забрана дека може да се вози и на левата страна од коловозот, меѓутоа, ако тоа го направите ќе предизвикате удез или ќе бидете казнети од полицаец.

Според тоа, уставната одредба дека се што не е со Устав забрането е дозволено, не важи секогаш и секаде. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хасипи.

Има збор пратеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитуван господин заменик претседател, почитуван господине министер, почитувани пратеници,

Секогаш ми е мило кога излегувам на говорница, му правам чест на Законот и законите кои ги носи оваа Влада, закони кои го унапредуваат образованието на повисоки скалила, посебно законот задолжително средно образование, кое ќе стане задолжително за сите ученици во Република Македонија, без оглед на подрачјата, националноста, развојот и изградбата на самите

училишта, што значи дека учениците веќе нема да одат во средно училиште затоа што тоа го сакаат, туку државата ќе ги принуди да се образуваат со средно образование бидејќи треба тие задолжително да  станат образовани граѓани најмалку со средно образование.

Ова е закон кој е напишан со неколку члена и на прв поглед изгледа дека е мал закон, но овој закон има големо значење. Има големо значење од причина што овој закон  во себе вградува низа анализи и теми, дискусии кои оваа Влада ги има земено предвид можностите, потешкотиите и обврските кои треба да произлезат од примената на овој закон.

Ова значи дека има една зијан анализа колку нови училишта треба да се изградат доколку државата го задолжи ученикот од средното образование и му вели дека треба да се образуваш со средно образование. Бидејќи така ќе му се обрати, има предвидено дека треба да му создаде соодветни услови, значи ученикот не да оди во средното образование, туку средното образование да биде до ученикот затоа што со анализата на Владата изгледа дека е потребно во Република Македонија да се изгради 71 средно училиште. Од овие 71 училиште кои треба да се изградат, 18 од нив се во подрачјата на северозападна Македонија од каде доаѓам и јас и мило ми е што се предвидени училишта од почетокот да се изградат како нови училишта. И Владата исто така има дадено услови и можности како може тие да се изградат. И овде има еден паралелизам на изградба на училишта, значи вклучување на приватниот капитал во училишните објекти што значи дека оваа можност до сега постоеше со отворањето на приватни средни училишта како што е Турскиот колеџ и Американскиот колеџ каде сета инвестиција беше приватна и плаќањето на училиштата е многу големо што еден ученик од средно училиште во овие две училишта во приватните колеџи чини колку еден студент кој ќе заврши студии во Сорбона или во некој светски универзитет. Толку скапо го плаќавме средното училиште што од него добивавме само една диплома од средно. Сега тој кој сака да инвестира во средните училишта ќе се задолжи, образовниот државен систем да го сочува. Ќе направи партнерство со државата, ќе инвестира модерни услови во училиштата и од Владата или од Министерството за образование ќе го земе делот на парите кои ги има инвестирано но и профитот кој го гледа во оваа област. Значи, ова е приоритетот и можноста која ни ја нуди Владата да се вклучи приватниот капитал во средните училишта и да се запре начинот на постапката кој е досега, значи ова е голем капитал и овозможува на сите млади да се вклучат до 18 годишна возраст задолжително во средните училишта. Ова има позитивни димензии, но како покарактеристични ќе ги набројам следниве: моралната димензија, социјалната и образовната димензија. Во моралната димензија, бидејќи средните училишта се задолжителни, државата и Министерството за образование и наука ќе бидат подготвени да постапат на точен начин таму каде што треба, затоа што училиштето ќе го воведе во руралните делови на државата. Нема да има потреба да патуваат толку далеку од далечните планински села до градовите, каде учениците ќе бидат принудени да живеат во големи градови. Знаеме дека секој ученик на млада возраст, до 18 годишна возраст има можност, кога нема грижа од родители, може да има девијантни постапки, да тргне по погрешен пат со употреба на дрога. Ние сме свесни и внимателни од аспект на тоа што се случува во нашите средни училишта, за оние неколку појави на злоупотреба на телефоните и дигитализацијата. Во оваа насока, нема да има можност на пример детето да биде одвоено од родителот, туку навечер секогаш ќе се враќа во својот дом и секој родител ќе се грижи за своето дете, ќе го контролира, ќе гледа што употребува и колку учи и каде ќе се движи.

Социјалната димензија е следната: секој не може да го принуди ученикот да оди во средно училиште доколку нема можности да го плати образованието кое во себе опфаќа такса за средно образование, облека која секој ден треба да ја облекува униформата на ученикот, од учебниците и посебен трошок е патувањето од домот до училиштето. Доколку државата се задолжи да изгради едно средно училиште во некое место, тој треба да се задолжи и ќе се задолжи тој ученик да го однесе од училиштето до домот и од домот до училиштето на организиран начин, без да излезе од контрола. Ова е социјалниот момент кој ќе направи олеснување. Напротив, вие од СДСМ и вашата коалиција, кои до сега бевте против ова, за среќа имате поднесено амандмани, се вклучувате во ова, но не ви е јасно дека ова треба да отпочне. Крајно време е да се отпочне со ова. Ќе ми дозволите да кажам една голема изрека која Владата ни ја дава како образложение, што е една голема мисла на Роза Луксембург која вели - дозволете да ја прочитам на македонски: “Револуцијата едновремено е навремена и прерано навремена зашто еднаш треба да се започне. Подобро е денес тоа да се направи отколку утре или после 20 години”. Значи сега с'клетот ваш, на опозицијата, е зошто ние први почнавме. Почнавме затоа што знаеме да направиме. Вашите коалициони партнери, односно ДУИ имаше министер за образование и наука. Зошто тој тоа не го направи, а сега наоѓа за потребно да се појави во телевизија Сител на “Светла точка” и да критикува, да го нарече “салата” овој закон. Зошто прави така? Нека го направеше тој. Зошто вие тоа не го направивте? Оваа работа што ние ја започнавме вчера се нарече баш од госпоѓа Шекеринска “Папазјанија”. Не е папазјанија, ова е ваша зијан - манија, бидејќи вие потрошивте овде само за некакви амандмани два тона хартија, кои беа овде, тоа беа два камиона хартија. Зошто? За неколку ваши амандмани што не ви се бендисуваа. Не е така. Некои други ваши колешки почнаа да

зборуваат за снегот кој паднал пред две години, а сега го анализираат законот на тој начин како оние две баба-девојки, сестри кои биле неомажени и се радуваат на нероден Петко, или се контролираат со тоа што ќе падне Петко во бунар, па кој ќе го извади, а уште не се родил. Чекајте ве молам, прво законот треба да се види, ние имаме план, имаме начин, ќе го направиме тоа. Фала.

(Аплауз во салата)

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рамадани.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Тешко е после ваква поучна дискусија да се говори.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господине министер,

Ќе се обидам во времето кое ни преостанува да ги кажам моите видувања во однос на овој законски проект предложен од Владата, односно преку ресорното Министерство, Министерството за образование и наука и можеби ставот на нашата пратеничка група Новата социјал демократска партија.

Иако некој овде спори дека не се работи за обемен закон, но со сигурност ќе речам дека се работи за многу битен и суштински закон, бидејќи членот 1 за кој всушност и дебатираме вчера и денес, претпоставувам како што е најавено и утре, кажува дека средното образование е задолжително за секој граѓанин под еднакви услови утврдени со овој закон. Тоа е многу добро. Понатаму се додава ново дека средното образование во јавните средни училишта ќе биде бесплатно, што е сосема исправно и оправдано. Но сега да видиме како најдобро да дојдеме до тоа и тој процес да го заокружиме. Во принцип овде најмногу се спори уставноста. Јас не слушнав пратеници или било која пратеничка група да кажат дека нема потреба од донесување, односно изменување на Законот за средно образование во тој дел. Ќе речам дека членот 44, а и вие министре ќе се согласите, од Уставот е дециден, посебно ставот 3 каде што се говори дека основното образование е задолжително. Можеби ќе беше добро да најдевме консензус на 26 декември кога беше седницата за уставните измени и тогаш да го отпочневме овој процес, а сега ова да беше плод на кратка дебата во која ќе ги донесевме овие измени на Законот. Но ајде да одиме понатаму.

Јас го прифатив она што го кажувате како аргумент, а тоа е хрватскиот модел. Вчера кажа колегата Влатко Ѓорчев и јас имав прилика да разговарам со нашите колеги од Хрватскиот парламент кои ја завршиле дебатата во однос на измените во Законот за средно образование, со кој сакаат средното образование да го озаконат како задолжително, но Уставот и таму е пречка. Исто така, и дебатата во Хрватска покажува дека за тоа се работи, нема одредени разлики меѓу партиите и пратеничките групи околу потребата да биде задолжително средното образование во Република Македонија. Секогаш за одреден проект можете да имате серија негативни, а и серија позитивни видувања. Јас сакам прво да ги елиминирам оние што се негативни, кои во натамошниот период можеби ќе се одразат.

Ќе се согласите со мене дека децентрализацијата која ја почнавме пред извесен период, еве, тука е заменикот министер во претходната Влада во салава, а тогаш јасно говорев дека можеби средното образование треба да остане сеуште под капата на државата, бидејќи ќе се соочиме со одреден проблем многу ученици од внатрешноста на Републиката да имаат интерес и желба да учат во главниот град на Република Македонија. Тоа е дополнителен финансиски товар на градоначалникот на главниот град, а претпоставувам и на Буџетот на Република Македонија. Според ова што сега го предлагаме и мислам дека ќе помине во Собранието на Република Македонија, исто така градоначалникот на градот Скопје ќе биде финансиски дополнително оптоварен тоа да го издржи. Верувам дека одеднаш нема да спласне желбата и идејата на нашите основци надоградбата на своето образование да ја направат во главниот град и таа да се намали. Верувам дека таа и понатаму ќе расте и затоа мислам дека треба, следејќи го процесот на децентрализацијата, тоа да се има предвид.

Овде се говореше доста време за транспортот и за ред други работи, па ако добро се сеќаваат колегите пратеници кои се веќе во втор или трет мандат, секогаш кога сме донесувале измени во делот на образованието, промените во основното и средното образование оделе заедно, значи оделе паралелно и горе долу тие два закони се идентични, да не речам исти. Знаеме дека во Законот за основно образование, и вие ќе се согласите како министер, децидно се кажува дека училиштето е должно да обезбеди превоз на учениците, па потоа се кажува дека секој родител е должен своето дете да го запише во регионот каде живее, каде гравитира. Претпоставувам врз база на тоа и овде ќе се наметне потреба да се изедначат разликите во овој закон, односно овие измени што сега ги предлагаме понатаму да продуцираат едно такво решение, преземено од Законот за основно образование, а знаеме дека според Законот и Уставот основното образование е задолжително, што сега со закон го правиме и за средното образование.

Исто така, се постави дилема, кога говоревме за уставноста, при промена на одредена гарнитура на власт, ако сакате некој да не се дрзне и повторно да го менува или брише овој член. Можеби тука беше силината на Уставот, кој гарантираше дека тоа ќе биде конечно решение. Од тој аспект можеби е и стравот кај мене.

Понатаму, се спомена овде чинам од колегата Влатко Ѓорчев, што е сосема исправно и релевантно, дека во Република Македонија, а можеби некои од поранешните мои колеги го имаат слушнато тој податок од 2004 година, дека

статистичките податоци зборуваат од она население што условно се води како невработено 370 илјади во Република Македонија, дури точно или приближно 200 илјади се граѓани кои се со основно или без основно образование. Овде се спомна и 50% од целокупното население, ако грешам, нека ме исправи колегата кој го кажа тој податок овде од говорница, што е навистина загрижувачки. Верувам дека со ова решение барем тој дел можеме да го надминеме. Не сум убеден дека било кој работодавец кој ќе распише конкурс ќе сака во својата фирма да прими човек, граѓанин кој нема основно или минимум основно образование, како што покажуваат според пратеникот статистичките податоци, да го прими на работа во својата фирма, а да не говорам за она што следува, изучување на еден, два или три јазици, познавање или работа со компјутери, што за нив е апсолутно голема непознаница. Затоа, од тој аспект верувам дека ова решение таа слика во Република Македонија има за цел да ја подобри.

Од тој аспект, мислам дека треба да се даде шанса на овој законски проект. Верувам понатаму во институциите во Република Македонија, по ова оспорување кое овде во оваа дебата се јавува, ќе се покаже дали Парламентот успеа да донесе еден закон - или претходниот Парламент успеавме да донесеме еден закон кој беше неуставен и се оспори на Уставниот суд, а тоа е Законот за пратеници кој беше оспорен и со самото тоа ние како пратеници се девалвиравме сабите себе. Верувам дека овде тоа ќе се надмине и ќе успееме поради интересот на државата тоа да не оди во тој правец. Да не говорам за она што многу колеги пред мене го кажаа дека ваквата иницијатива ќе биде веројатно поддржувана од приватниот капитал, сите оние претпријатија и фирми кои ќе имаат интерес да вложат во оваа сфера, се со цел да ја подобриме образовната слика во Република Македонија.

Иако има уште многу да се говори во однос на оваа тема, јас ќе кажам дека нашата пратеничка група ќе го поддржи овој законски проект и ќе гласа позитивно, а се надевам дека овој проект ќе добие шанса од наредната учебна година. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам потпретседателе Анастасовски.

Бидејќи истече работното време, тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)